„Нашите права се одземени, тешко е да си ги вратиме назад. Авторите на книгата *Зошто Слобода* објаснуваат зошто треба да се бориш за сопствената слобода.“

- Дејвид Боаз, Извршен потпретседател, Като Институт

# ЗОШТО СЛОБОДА

ТВОЈ ЖИВОТ • ТВОЈ ИЗБОР • ТВОЈА ИДНИНА



подготвено од том г. палмер

ПАЛМЕР

ЗОШТО СЛОБОДА

JB

# ЗОШТО СЛОБОДА

„*Зошто Слобода* е производ на работата на водечките фигури во Students For Liberty, најдинамичното младинско движење за слобода во светот, заедно со есеите од почитуваните борци за слобода: Том Палмер и Џон Штосел. Свежи и нови, испробани и вистинити, *Зошто Слобода* ни дава надеж за следните генерации."

*Џон Томаси,*
Департман за политички науки, Браун Универзитет

„Оваа збирка од есеи е толку информативна и толку добро напишана што ќе ги нахрани вашите желби за читање – и за да научите што повеќе – околу фундаменталната улога на *слободата* во општественото уредување."

*Лејн Кислинг,*
Департман за економија, Нортвест Универзитет

„Книгата е лесна за читање, добро е да се прочита, но и важно е да се прочита. Колку повеќе луѓе ќе ја прочитаат, толку повеќе би станал светот подобро место за живеење; тогаш не би имало потреба од 'Зошто', во насловот *Зошто Слобода?*."

*Питер Курилд-Клитгард,*
Департман за политички науки, Копенхагенски Универзитет

„Инспиративен водич од кој што би имале корист и оние кои се нови во либертаријанизмот. но и оние добро упатените во традицијата. Иако ние често не го сфаќаме тоа, либертаријанизмот е принцип според кој најголем дел од луѓето го живеат својот живот секојдневно. Оваа книга ни објаснува зошто би требало да го применеме овој принцип и во нашите политики, исто така."

*Марк Пенингтон,*
Департман за политичка економија и јавна политика, Кралски Колеџ, Лондонски Универзитет

# ЗОШТО СЛОБОДА

Твој живот • Твој избор • Твоја иднина

Подготвено од Том Г. Палмер

Students For Liberty
Atlas Network

Jameson Brooks, Inc.
Ottawa, Illionois
AtlasNetwork.org StudentsForLiberty.org

Преведено на македонски јазик од
Студенти за слобода - Македонија

За оригиналот:

Published by Students For Liberty & Atlas Network / Jameson Books, Inc.

Copyright © 2013 by Tom G. Palmer,
Atlas Economic Research Foundation, and
Students For Liberty

Essays reprinted with the permission of the authors.

Edited by Tom G. Palmer
Cover Design by Jon Meyer

The editor gratefully acknowledges the assistance in preparing this book, not only of the authors and copyright holders, but of the members of Students For Liberty, most especially Clark Ruper and Matthew LaCorte, who worked tirelessly to format and prepare the essays for publication.
Their dedication and zeal for liberty is itself an inspiration.

*For information and other requests please write:*

Students For Liberty, PO Box 17321, Arlington, VA 22216

The Atlas Network, 1201 L Street, NW, Washington, DC 20005

Jameson Books, Inc., 722 Columbus Street, PO Box 738, Ottawa, IL 61350
800-426-1357

Printed in the United States of America.

ISBN: 978-0-89803-172-0
16 15 14 13 5 4 3 2 1

*Зошто Слобода*

**Издавач**
Институт за истражување и европски студии - Битола
**Уредник на преводот**
Никола Г. Петровски
**Превод**
Студенти за слобода - Македонија
**Лектор**
Д-р. Трајко Огненовски
**Преработка на корица**
Дејан Кузмановски
**Печати**
Полиграфика, Битола

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

1:32

ЗОШТО слобода : твој живот, твој избор, твоја иднина / [подготвено од Том Г. Палмер]. - Битола : Институт за истражување и европски студии, 2015. - 158 стр. ; 21 см

За Том Г. Палмер: стр. 137-138. - Фусноти: стр. 139-154

ISBN 978-608-65840-0-9

а) Политичка филозофија - Либерализам б) Филозофија на политиката - Либерализам в) Слобода - Политички аспекти
COBISS.MK-ID 98646026

***Студенти за слобода – Македонија***

Преводот на оваа книга го направија членови на студентската организација - *Студенти за слобода – Македонија*, која што е дел од мрежата на студентски организации на Европски студенти за слобода (European Students For Liberty). Првата студентска група во нашата држава, а со тоа и самата организација е формирана во академската 2013/2014 година, на Правниот факултет во Битола, непосредно по изборот на првиот локален координатор за Република Македонија. Како прва организација од ваков карактер целта е истата да прерасне во организација која во себе ги сочинува сите студентски групи формирани на универзитетите низ државата. Многубројните настани како и *Лидерскиот форум за слободни студенти*, ја направија оваа студентска организација препознатлива во студентските кругови по својот нов начин на активизам и промоција на вредностите на слободата.

Преводот е производ на самоиницијативата на членовите, со дозвола од авторот и издавачот на оригиналот и со тоа добивајќи ги авторските права на ова издание. Се надеваме дека ваквиот мал придонес во либертаријанската литература ќе им помогне на студенти што го користат македонскиот јазик, да се запознаат директно со слободарската идеја, која зема се поголем замав во светот преку активностите на организациите од ваков тип, како што е Студенти за слобода (Students For Liberty).

*Благодарност до Том Г. Палмер и Мет Варнер за доделувањето на дозволата за преведување на ова издание. Печатењето на преведеното издание го овозможи Atlas Network преку својата програма за студентски грантови.*

*Академска слобода, Слободно општество!*

***Никола Г. Петровски***
***Национален координатор на***
***Европски студенти за слобода***

# СОДРЖИНА

**СТУДЕНТИ ЗА СЛОБОДА – МАКЕДОНИЈА** - 17 -

**ПРЕДГОВОР** - 11 -

1. **ЗОШТО ДА СЕ БИДЕ ЛИБЕРТАРИЈАНЕЦ?**
*ТОМ Г. ПАЛМЕР* - 13 -

Дали ние се согласивме да бидеме принудувани? - 15 -
Што значи да се биде либертаријанец? - 18 -
Скептицизам во однос на моќта и власта - 19 -
Слобода, благосостојба и ред - 20 -
Па... Зошто да се биде либертаријанец? - 23 -

2. **ТАМУ *НЕ ТРЕБА* ДА ПОСТОИ ЗАКОН**
*ЏОН ШТОСЕЛ* - 25 -

3. **ЛИБЕРТАРИЈАНИЗМОТ КАКО РАДИКАЛЕН ЦЕНТАР**
*КЛАРК РУПЕР* - 29 -

4. **ИСТОРИЈА И СТРУКТУРА НА СЛОБОДАРСКАТА МИСЛА**
*ТОМ Г. ПАЛМЕР* - 36 -

Либертаријанизмот низ историјата - 37 -
Либертаријанизмот сфатен концепциски: - 45 -
*Либертаријанска триногалка* - 45 -
*Индивидуалните права* - 46 -
*Спонтан поредок* - 48 -
*Уставно ограничена влада* - 50 -
Слобода, Поредок, Правда, Мир и Просперитет - 52 -

5. **ВРЕМИЊАТА, ТИЕ СЕ ПРОМЕНУВААТ“: ЛИБЕРТАРИЈАНИЗМОТ КАКО АБОЛИЦИОНИЗАМ**
*ЏЕЈМС ПАДИЛИОНИ ЏУНИОР* - 54 -

6. **ПОЛИТИЧКИОТ ПРИНЦИП НА СЛОБОДАТА**
*АЛЕКСАНДЕР МЕК КОБИН* - 62 -

Политичкиот принцип на слободата - 64 -
Оправданост за слободата - 65 -
Еден принцип, различни политики - 67 -
Разлика меѓу етиката и политиката - 68 -
Заклучок - 71 -

7. **БЕЗ СЛОБОДА НЕМА УМЕТНОСТ: БЕЗ УМЕТНОСТ НЕМА СЛОБОДА**
*САРА ШКВАЈР* - 73 -

8. **СКРОМНОСТА ЗА СЛОБОДА**
*ЕРОН РОС ПАУЕЛ* - 81 -

9. **АФРИКАНСКОТО ВЕТУВАЊЕ ЗА СЛОБОДА**
*ОЛУМАЈОВА ОКЕДИРАН* - 91 -

10. **ЗАПЛЕТКАНАТА ДИНАМИКА НА ДРЖАВНИОТ ИНТЕРВЕНЦИОНИЗАМ: СЛУЧАЈОТ СО ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**
*СЛОАН ФРОСТ* - 100 -

Интервенционизмот наспроти „Регулацијата“ - 102 -
Здравствената заштита во САД - 104 -

11. **ОД КАДЕ ЗНАЕШ? ЗНАЕЊЕТО И ПРЕТПОСТАВКАТА ЗА СЛОБОДА**
*ЛОД КОСЕР, МАРТИН ВЕГЕ* - 112 -

Пазарни институти: размена и цени - 115 -
Политички институти - 119 -
Владеење на правото - 122 -
Заклучок - 125 -

12. **КОРЕНИТЕ НА ДРЖАВАТА И ВЛАСТА**
*ТОМ Г. ПАЛМЕР* - 126 -

*ПРЕПОРАКИ ЗА НАТАМОШНО ЧИТАЊЕ* - 133 -

ВЕБ СТРАНИ: - 135 -
КНИГИ: - 136 -

*ЗА ТОМ Г. ПАЛМЕР* - 137 -

*ФУСНОТИ* - 139 -

*ПРЕВЕДУВАА* - 155 -
*УРЕДУВАЧИ НА ПРЕВОДОТ* - 155 -

# Предговор

Политиката, без двоумење, е важен дел од човечкиот живот. Таа е една од најжестоко дебатираните теми од сите дејности за кои луѓето дискутираат. Многу од луѓето разговараат пожестоко за политиката отколку за што и да е друго, не затоа што тоа буди поголем интерес отколку уметноста, спортот, хемијата, филмовите, архитектурата или медицината, туку затоа што самата политика претставува практикување на моќ врз другите луѓе.

Кога едно решение ги засегнува сите, голем број луѓе се заинтересирани за тоа каква е, всушност, таа одлука. Ако не сакаш да бидеш присилен од другите за да направиш нешто, без разлика дали тоа присилување доаѓа од партија или политичар или власт, ти треба да се бориш против тоа, а ако сакаш да ги присилиш другите да ја исполнат твојата желба, истото важи и во тој случај.

Исхраната би била исто така жестоко дебатирана како и политиката доколку сите избори би биле правени колективно и ние секогаш би биле присилени да добиеме тоа што некој друг го избрал. Замислете ги бесните дебати, здружувања, маневрирања и меѓусебни договори помеѓу гурманите на храна и зависниците од брза храна, вегетаријанците и месојадците, оние кои тренираат и оние кои не го прават тоа, ако сите тие би биле ограничени само со иста храна, во иста количина. Истото се однесува и за други работи за кои што луѓето се грижат.

Идеите во оваа книга се за алтернативните аспекти на политиката: но не политика на сила, туку на убедување, да живееш и да оставиш другите да живеат, да се одбие покорување и доминација. Главно, есеите се пишувани од млади луѓе кои се активни во *Студенти за слобода*, едно многу динамично и возбудливо меѓународно движење. Нивната работа не се рефлектира само помеѓу тесни национални перспективи, туку зборува за широкиот спектар на човековото искуство. Тие нудат вовед во филозофијата според која голем број луѓе ги живеат своите животи

секојдневно. Таа филозофија се појавува во разни имиња ширум светот, вклучувајќи либерализам - класичен либерализам (за да се разликува од она што се нарекува 'либерализам' во САД) и либертаријанизам. Тоа е пристап кој истовремено изгледа - и едноставно и комплицирано, затоа што во себе го инкорпорира сфаќањето дека едноставните правила можат да создадат комплексни однесувања. Тоа е една од најважните лекции во современите општествени науки. Уредувањето може да се појави спонтано - тема што е детално образложена во есеите од оваа книга.

Оваа кратка книга е причина да размислите на поинаков начин околу важните проблеми. Особено оние кои за првпат се сретнуваат со ваквите прашања, но секако и за напредни предавачи. Се надевам дека и едните и другите ќе имаат корист од овие есеи. Есеите можат да се читаат без некој посебен редослед и не се бара некој да биде претходно прочитан за да може да се разбере следниот. Читателот може „длабоко да навлезе“ во книгата и без целосно да ја прочита. Сфатете го ова како торба со здрави и вкусни колачиња за вашиот ум. И секако, уживајте!

Том Г. Палмер
Вилниус, Литванија
3 јуни, 2013

# 1

## Зошто да се биде либертаријанец?

*Том Г. Палмер*

*Книгата насловена „Зошто Слобода“, има за цел да се задлабочи во јасно објаснување во смисла на што се однесува либертаријанизмот и зошто луѓето треба да ја прифатат слободата како принцип на општествениот ред.*

Како што одиш низ животот шансите се скоро 100% дека ти ќе се однесуваш како либертаријанец. Можеби ќе се прашаш што значи „да се однесуваш како либертаријанец?“. Не е толку комплицирано. Не ги удираш другите, кога не си задоволен од нивното однесување, не ги земаш на сила нивните работи. Не лажеш сè со цел да ги измамиш за тие да ти ги дадат нивните работи или не извршуваш проневера, или знаејќи не им даваш насоки со кои ќе предизвикаш тие да се фрлат од мостот. Ти не си таков вид на личност.

Ти ги почитуваш другите луѓе и ги почитуваш нивните права. Можеби некогаш ќе почувствуваш дека сакаш да го нападнеш некого поради тоа што кажал нешто навредливо, но подобро расудуваш и си заминуваш или одговараш со зборови бидејќи си цивилизирана личност.

Честитки. Си ги усвоил основните принципи на либертаријанизмот. Го живееш твојот живот и ја практикуваш твојата слобода со почит кон правата и слободата на другите; се однесуваш како либертаријанец.

Либертаријанците повеќе веруваат во доброволни принципи, отколку во насилни. И повеќе од посакуваното, ти ги следиш тие принципи во твоите секојдневни односи со другите луѓе.

Но почекајте, нели либертаријанизмот е *политичка филозофија*, збир на идеи за власта и основните начела? Ако е така тогаш зошто либертаријанизмот најпрво не определи

што треба власта да направи, па дури потоа што треба индивидуите да прават? Ах, овде е најголемата разлика помеѓу либертаријанизмот и политичките идеи.

Либертаријанците не веруваат дека власта е магична. Таа е составена од луѓе. Тие се сосема исти како нас. Не постои посебна раса на луѓе – наречете ги нив: кралеви, императори, волшебници, претседатели, законодавци или премиери – со натпросечна интелегенција, мудрост, или моќ - сили што ги подигнуваат над нормалните луѓе. Владетелите, дури и кога се демократски избрани не се повеќе похрабри, порешителни од обичните луѓе, дури и нивното чувство на заедништво понекогаш е многу помало во однос на останатите луѓе. Не постојат докази дека тие се помалку себични во однос на другите луѓе или пак дури подобронамерни. И не постои доказ дека тие се повеќе загрижени за правилното или неправилното од останатите луѓе. Тие се како нас.

Но, повторно почекајте. Политичките владетели практикуваат моќ (сила) кои другите луѓе ја немаат. Тие ја поседуваат моќта да апсат други луѓе, да започнат војна, да одлучат што другите луѓе можат да читаат, а што не и да убиваат, дали и како тие да го почитуваат Господ, со кого тие можат да стапат во брак, што тие можат, а што не можат да јадат, да пијат, или да пушат, што можат, а што не можат да работат за да опстанат, каде можат тие да живеат, кое училиште да го посетуваат, каде да патуваат, кои добра и услуги тие да им ги обезбедуваат на другите и по која цена ќе им ги наплаќаат истите и многу повеќе. Тие сигурно практикуваат моќ која ние останатите ја немаме.

Точно. Тие поседуваат моќ и тоа го прават со причина – тоа е тоа што ја разликува Владата од другите институции. Нивната моќ на перцепција, интуиција или предвидување, не се поголеми од оние што ги имаат другите, ниту пак стандардите за правилно и неправилно, не се повисоки или поригорозни од просечните.

Едни можат да бидат попаметни од просечните, други можеби помалку интелигентни, но не постои доказ дека тие

навистина го надминуваат остатокот од човештвото, на таков начин на кој што тие би биле поставени над нас, како наши природни господари.

Зошто тие ја практикуваат силата, кога останатите ние се потпираме на доброволното убедување кога се соочуваме со другите? Носителите на политичката власт не се ниту ангели ниту богови, па зошто тие да би имале право да ја практикуваат моќта кога ниту еден од нас нема такво право? Тогаш зошто ние би требало да се покориме на нивното практикување на власта? Ако јас немам овластување насилно да влезам во вашиот дом, да ви кажам што треба да јадете или што да пушите или кога да си легнете, со кого, зошто тогаш политичар или бирократ, или воен генерал или крал или пратеник ја имаат таа моќ?

## Дали ние се согласивме да бидеме принудувани?

Но чекајте, нели *ние сме* власта? Барем во демократијата, како што некои паметни филозофи како што е Жан Жак Русо кажале - ние се согласуваме на сé она што власта ни кажува да го правиме или да не го правиме. Власта ја изнесува „општата волја“ на народот и тоа значи дека тие ја практикуваат нашата сопствена волја. Кога власта ја користи силата против нас, таа само нè принудува да бидеме слободни со тоа што нè присилува да ја следиме нашата сопствена волја, а не она што ние сме замислиле дека можеме да правиме. Како што Русо пишува во неговата исклучително влијателна книга *Општествениот договор*: „општата волја е секогаш праведна и се однесува на јавното добро, но не и дека размислувањата на луѓето се секогаш еднакво праведни... Често постои голема разлика помеѓу волјата на сите [она што сите индивиуди го сакаат] и општата волја“. **[1]**

Во неговата теорија Русо ја комбинирал моќта со слободата, како што образложува, за „секој оној што ќе одбие да ја почитува општата волја, ќе биде принуден да го направи тоа од државата, што значи ништо друго освен тоа,

тој ќе биде присилен да биде слободен“. **[2]** И на крајот, ти не знаеш што *навистина* сакаш сè додека државата не одлучи за тоа што сакаш ти, па кога *мислиш* дека сакаш да направиш нешто, но си запрен од страна на полицијата и притворен, ти всушност си ослободен. Си бил доведен во заблуда да мислиш дека сакаш да си непослушен кон државата, а полицијата само ти помага да го одбереш она што навистина го сакаш, бидејќи си бил многу глупав, неупатен, будалест или слаб за да знаеш што сакаш.

Сега, кога можеби станува повеќе метафизичко, па ајде да се навратиме малку наназад и да размислиме што е она што го тврдат застапниците на владејачкото мнозинство. Некако, преку изборите или некоја друга процедура ние ја креираме „волјата на народот“, иако некои од луѓето нема да се согласат (барем оние кои што изгубиле на изборите не се согласуваат со мнозинството). Тие луѓе ќе бидат принудени да се согласат со она што го кажува мнозинството, не конзумирајќи алкохол или марихуана или со тоа што ќе бидат присилени да ги дадат своите пари за да платат некои активности на кои што им се противат, како што се странски војни или субвенции за значајни економски интереси. Мнозинството гласало за законски забрани X или за барањето Y, или за кандидатите кои се залагале за забраната X или барањето Y, и сега ние ја знаеме „волјата на народот“. И ако некој сè уште пие пиво или пуши џоинт или ги крие неговите или нејзините приходи, таа личност некако не ја следи општата волја на народот на која тој или таа се согласил. Ајде тоа да го отпакуваме уште малку.

Да речеме забранувачкиот закон беше ефектуиран и ти си гласал за забранувачкиот закон или кандидат. Некои ќе речат дека ти си се согласил со последиците. Што ако си гласал против забранувачкиот закон или за кандидат кој што се противи на таквиот закон? Тие ќе додадат, ти учествуваше во процедурата во која одлуката беше донесена, па си согласен со последиците. Што ако не си гласал или си немал мислење за темата? Па, тие ќе додадат ти сигурно не можеш сега да се жалиш, откако си се откажал од својата шанса да

влијаеш врз исходот заради тоа што не си гласал! Како што Англискиот либертаријанец Херберт Спенсер одамна ги набљудувал ваквите аргументи, „навистина чудно, се изгледа како тој да ја дал својата согласност на било каков начин, било да рекол да или не или останал неутрален. Каква чудна доктрина”.**[3]** Навистина чудно. Ако ти секогаш „се согласуваш“ без разлика на тоа што навистина кажуваш или правиш, тогаш терминот „се согласуваш“ не значи ништо, бидејќи твојата „не согласност“, значи исто како што и твојата „согласност“. Во тој случај зборот го губи своето значење.

Поентата е дека одредена личност која што е уапсена поради пушење марихуана во неговиот или нејзиниот дом во ниту една смисла на зборот не се „согласила” да биде уапсена. Затоа полицијата носи пендреци и пиштоли – да им се заканува на луѓето со насилство.

Можеби таа моќ на власта е делегирана од луѓето, па ако луѓето би одлучиле да не употребуваат марихуана, тогаш тие, можат да одлучат дали да се уапсат самите себеси. Но ако немате овластување да ја скршите вратата на својот сосед и да одите со пиштол в рака се со цел насилно да го извадите надвор и да го ставите зад решетки, како вие можете да ја делегирате таа моќ на некој друг? Па ние повторно се враќаме на магичното тврдење дека твоите соседи кои што консумираат марихуана го овластиле своето сопствено апсење, без разлика на тоа какво мислење тие имаат по повод тоа, или како тие се однесувале.

Но можеби со самото тоа што сте живи во определена држава значи дека вие сте се согласиле со сето она што власта го бара од вас. И покрај сѐ, ако вие влезете во мојата куќа, сигурно сте согласни со моите правила. Но „државата“ не е исто како „мојата куќа“. Јас ја поседувам мојата куќа, но јас не ја „поседувам“ мојата држава. Таа е создадена од многу луѓе кои што имаат сопствени идеи за тоа како да го живеат својот живот. Тие не ми припаѓаат мене. Тоа е навистина најзначајното сознание на зрелите луѓе: *останатите луѓе не ми припаѓаат мене*. Тие ги водат своите

сопствени животи. Ти како зрела личност разбираш дека твоите дејствија те рефлектираат тебе. Не влегуваш насилно во домовите на другите за да им кажеш како да живеат. Не ги крадеш нивните ствари кога мислиш дека ти би имал поголема корист од нив. Не удираш, прободуваш или пукаш во други луѓе кога тие не се согласуваат со тебе дури и по прашања кои што за тебе се од големо значење.

Па, кога веќе *се однесуваш како* либертаријанец, тогаш можеби треба да *бидеш* еден од нив.

## Што значи да се биде либертаријанец?

Тоа не значи само да се воздржувате од повреда на правата на другите луѓе, туку, почитување на правилата на правдата во поглед на другите луѓе, но исто така и своја ментална подготовка да разберете што значи за луѓето да имаат свои права, како правата ја создаваат основата за мирна општествена соработка и како доброволните општества функционираат. Тоа значи борба не само за ваша сопствена слобода, туку и за слободата на другите луѓе. Големиот бразилски мислител го посветил својот живот на укинување на најголемото насилство врз слободата кое што може да се замисли: ропството. Неговото име беше Јоаким Набуко и тој го воспостави либертаријанското уверување како основен водич во неговиот живот.

> „Едуцирајте го вашето дете, едуцирајте се себеси, во љубовта за слободата на другите, бидејќи само на овој начин твојата сопствена слобода нема да биде незаслужен подарок од судбината. Ти ќе бидеш свесен за нејзината вредност и ќе ја имаш храброста да ја браниш.” **[4]**

Да се биде либертаријанец значи да се грижиш за слободата на сите. Тоа значи да се почитуваат правата на другите луѓе, дури и кога не се согласуваме со нивните акции и зборови. Тоа значи воздржување од употреба на

сила и наместо тоа следење на своите цели, без разлика дали со таа цел се остварува личната среќа или подобрувањето на условите во човештвото или подобрување на знаењето. Можеби остварување на сето ова заедно, *исклучиво* преку доброволни и мирољубиви дејствија без разлика дали се остварува во „капиталистичкиот“ свет од слободно претприемништво и размена или во науката, филантропијата, уметноста, љубовта, пријателството или било кој од другите човечки напори врамени во правилата на доброволната соработка.

## Скептицизам во однос на моќта и власта

Да се биде либертаријанец значи да се разбере дека правата се обезбедени само кога моќта е ограничена. На правата им е потребно владеење на правото. Џон Лок, англискиот радикален филозоф и активист, помогна да се постават основите на модерниот свет. Тој им се спротивстави на застапниците на апсолутизмот, тие кои што верувале дека владетелите треба да применуваат неограничена моќ. Застапниците на апсолутната моќ, со потсмев додаваат дека овозможувајќи им ја „слободата” на луѓето, би значело дека секој ќе го прави тоа што го „сака”, без разлика дали тој или таа бил наведен тоа да го направи поради каприц и без обзир кон последиците или правата на другите.

Џон Лок одговорил дека она што го бара страната на слободата е „Слобода да располага и да создаде општествено уредување како што тоа го бара неговата личност, дејствија, поседувања и неговата целосна сопственост во рамките на законските овластувања; и во тој поглед, да не биде предмет на арбитрарната волја на друг, туку слободно да ја следи сопствената волја.“**[5]** Секој има право на избор слободно да располага со тоа што тој го поседува – слободно да ја следи својата сопствена волја, а не да ги следи командите на друг, се додека тој ги почитува истите права кои важат и за другите.

Филозофот Мајкл Хјумер го воспоставува либертаријанизмот врз она што тој го нарекува „заедничко чувство за морал“, кое што е составено од три елементи: „принцип на неагресивност“ што им забранува на индивидуите да се напаѓаат, убиваат, крадат, проневеруваат едни со други; „препознавањето на принудната природа на власта... која што е поддржана од потенцијалните закани за физичко насилство насочени против оние кои што нема да $ се покорат на државата“; и „скептицизам за политичката власт... државата не може да го прави она што се смета за погрешно во однос на секоја личност или организација“**[6]**. Како што тој забележал „тоа е сфаќањето за *авторитетот* кое што претставува вистинска тема за расправа помеѓу либертаријанизмот и другите политички филозофии.“**[7]**

## Слобода, благосостојба и ред

Да се биде *либертаријанец* значи да се разбере како се создава богатството, и тоа не преку давање на наредби од страна на политичарите, туку од страна на слободните луѓе кои што работат заедно, кои се иновативни, креираат, штедат, инвестираат, купуваат и продаваат, сето тоа засновано на почитување на правото на сопственост. „Сопственоста“ не е ограничена само на тоа што е мое, како што денес би можело да се каже, туку ги опфаќа правата на „живот, слобода и сопственост“ користејќи ја познатата фраза на Џ. Лок.**[8]** Како што кажал Џејмс Медисон, основниот автор на Американскиот Устав: „[К]ако што се вели дека човекот има право на сопственост исто така би можело да се каже дека тој има и сопственост врз неговите права“.**[9]**

Љубовта и привлечноста можат да бидат доволни за мала група да може да функционира мирно и ефективно, но либертаријанците сметаат дека нема доволно љубов и привлечност за да се создаде мир и соработка помеѓу поголеми групи на луѓе кои што не комуницираат лице в лице. Либертаријанците веруваат во владеење на правото,

подразбирајќи ги правата што се однесуваат на сите и што не се злоупотребени или пак засновани на карактеристиките на луѓето што ја имаат моќта. Правилата на слободните општества не се создадени со цел остварување на некаква корист за определена личност или група; тие ги почитуваат правата на секое човечко суштество, без разлика на пол, вера, боја, јазик, семејство или други случајни карактеристики. Правата на сопственост се едни од најзначајните основи за доброволна соработка помеѓу непознати личности. Сопственоста не е само она што можеш да го држиш во својата рака, тоа е комплексна врска помеѓу правата и обврските, според кои луѓето што не се познаваат, можат да ги водат своите дејствија и тоа им овозможува да живеат мирно, да соработуваат преку своите фирми и здруженија и да прават размена за меѓусебна придобивка, бидејќи тие ја знаат основата – тоа што е мое и тоа што е твое – осврнувајќи се на истата можат да ја подобрат својата состојба. Добро дефинираните, законски загарантирани и преносливи права на сопственост ја основаат подлогата за доброволна соработка, широко распространета благосостојба, напредок и мир.**[10]** Тоа не ги вклучува само работите кои што ги држите во својата рака или на кои што стоите, но и акции од сложените бизнис корпорации кои што продуцираат било какви небројливи работи кои што имаат потреба од соработка на илјадници и илјадници луѓе без разлика дали станува збор за лекови или авиони или ананаси, доставени до твојата маса во зима.

Либертаријанскиот професор по право, Ричард Ипштеин ја наслови една од своите книги *Основни правила за сложен свет*.**[11]** Насловот брилијантно ја отсликува темата на неговата книга, дека вие немате потреба од сложени правила кои што ќе регулираат сложени форми на ред. Едноставните правила ќе го направат тоа. Всушност, едноставните, разбирливи и стабилни правила имаат тенденција да засноваат ред, додека комплицираните несфатливи и променливи правила имаат тенденција да произведат хаос.

Добро дефинираната сопственост и правото да се тргува врз основа на заеднички договорени услови ги создаваат големите корпорации, без принуда. Слободните пазари инкорпорираат повеќе ред и предвидливост, отколку принудните и планираните општества. Спонтаниот ред на пазарите е далеку повеќе апстрактен, сложен и дологорочен, отколку сите други пет годишни планови или економски интервенции кои што некогаш биле смислени. Средствата како што се цените, што се појавуваат кога луѓето се слободни да вршат размена, помагаат да се алоцираат ресурсите, до местото на нивната најефикасна употреба, без широката принудувачка моќ на бирократијата. **[12]** Принудно „планирање" е во основа спротивно на планирањето; тоа е нарушување на континуираниот процес на координација на планот втемелен во слободно развиените општествени институции.

Редот се појавува спонтано од слободната интеракција помеѓу луѓето што се безбедни во уживањето на своите права. Тоа не се однесува само на економското уредување, туку исто така се однесува на општествените обичаи, традиции, наука, дури и полиња како што се модата и стилот. Да се употреби сила во обидот да се потчинат сите или која и да било од овие области под апсолутната волја на владетелот, диктаторот, претседателот, комитетот, законодавците или бирократите, тоа значи да се замени редот со хаос, слободата со сила и хармонијата со дисхармонија.

Либертаријанците веруваат и работат за мир во светот, во кои што правата на секое човечко суштество се признаени и почитувани, свет во кој широко распространетата благосостојба е создадена од доброволната соработка, заснована на правен систем кој што ги штити правата и овозможува взаемно профитабилни размени. Либертаријанците веруваат и работат на ограничување на власта за врамување на досегашната апсолутистичка моќ под владеење на правото, за ограничувањето и минимизирање на сите форми на насилство. Либертаријанците веруваат и

застануваат во одбрана на слободата на мислата, на работата, и слободата во однесувањето на каков и да е начин кој што тие ќе го изберат, се додека ја почитуваат слободата на другите. Либертаријанците веруваат и работат за создавање на свет во кој секоја личност е слободна за да ја постигне својата среќа, без притоа да побара дозвола од било кој за да постои, да дејствува и за да живее.

## Па... Зошто да се биде либертаријанец?

Зошто да се биде либертаријанец? Би можело да звучи префинето, но разумен одговор е - Зошто да не? Како што товарот за докажување паѓа на оној кој што го обвинува другиот за определено криминално дело, а не на обвинетиот, така и во овој случај, товарот за докажување паѓа врз оној кој што ќе ја порекне слободата на друга личност, а не на оној кој што ја практикува слободата. Некој кој што посакува да запее песна или да испече торта не би требало да започне со барање на дозвола од сите други во светот за да му биде дозволено да пее или да пече торта. Ниту тој или таа не треба да ги отрфла сите можни причини против пеењето или печењето торта. Ако ѝ се забрани да пее или пече торта, оној кој што забранува треба да понуди добра причина зошто не би требало да ѝ биде дозволено да го прави тоа. Товарот за докажување паѓа врз забранувачот. И може да се пронајде доказ кој што ќе го порекне тоа, ако на пример: пеењето би било толку гласно што би го оневозможило спиењето на другите луѓе или печењето на торта би можело да предизвика искри со кој што би се запалиле домовите на соседите. Тоа би биле добри причини за да се забрани на една личност да пее или да пече торта. Пресумпцијата е за слободата, а не за практикување на моќта во однос на ограничување на слободата.

Либертаријанец е личност која верува во пресумпцијата на слободата. И со таа едноставна претпоставка, која што ќе биде увидена во практиката, доаѓа свет во кој различните луѓе ќе можат да ги увидат нивните сопствени форми на

среќа, на нивен сопствен начин, во кои луѓето ќе можат да вршат слободна размена сè со цел остварување на взаемни придобивки и несогласувањата би биле надминати со зборови, а не со палки. Не би бил совршен свет, но тоа би бил свет вреден за да се бориш за него.

# 2

## Таму *не* треба да постои закон
*Џон Штосел*

*Кога луѓето ќе се соочат со проблем, тие често бараат најлесно решение: донесуваат закон. Тоа не успева секогаш, бидејќи на сила многу ретко работите се менуваат на подобро и тоа е она што всушност се тие „закони”, само покажување на сила. Џон Штосел ја започна неговата истражувачко - новинарска кариера како репортер за потрошувачите, работејќи за ABC вестите, беше ко – водител на телевизиското шоу 20/20 и сега е домаќин на „Штосел“ шоуто во Фокс Бизнис Вести. Неговото шоу, Штосел, е снимено два пати на Меѓународна конференција на Студентите за слобода заедно со членовите од Студентите за слобода.*

Јас сум либертаријанец, затоа што гледам погрешен избор понуден од страна на политичката левица и десница: контрола на владата над економијата - или контрола на владата над нашите лични животи.

Луѓето од двете страни размислуваат за себеси како љубители на слободата. Левицата мисли дека владата може да ги намали нееднаквостите во приходите. Десницата мисли дека владата може да ги направи Американците подоблесни. Јас велам дека ние ќе бидеме подобри доколку ниту една страна не се обиде да ја оствари својата агенда преку власта.

Двете страни може да расправаат за нешта како употребата на дрога и сиромаштијата. Но, да не се дозволи некој да биде принуден од страна на власта освен ако станува збор за кражба или напад врз некого. Покрај малата сума потребна за финансирање на високо ограничената власт, да не се дозволи некој насилно да им ги зема парите на народот. Кога сте во дилема, дали да го решите или да го

оставите проблемот, само препуштете го тоа на пазарот и доброволните организации.

Но ова не е начиот на кој повеќето луѓе размислуваат. Повеќето луѓе гледаат свет полн со проблеми кои можат да бидат решени со закони. Тие претпоставуваат дека мрзеливоста, глупавоста или рамнодушноста ги спречува политичарите да ги решат проблемите. Но, власта претставува сила која што е неефикасна.

Поради тоа е подобро власта да не се обидува да ги решава повеќето животни проблеми.

Луѓето се стремат да веруваат дека „владата може!" Кога проблемите растат, тие велат – „Таму треба да постои закон!"

Дури и колапсот на Советскиот Сојуз предизвикан од лошите резултати на централното планирање не го шокира светот со напуштањето на големата влада. Европа почна да зборува за некој вид на „пазарен социјализам". Политичарите од САД сонуваат за „трет правец", помеѓу капитализмот и социјализмот, како и за „управуван капитализам" – каде политичарите често ја заменуваат невидливата рака.

Џорџ В. Буш се кандидираше за претседател, ветувајќи „продуктивна" влада, но одлучи да заработи $50 милјарди годишно преку лекови со лекарска рецепт и да изграде нова бирократија наречена *Ни едно дете да не се запостави*. По водство на Буш, Републиканците *двојно ги зголемија* овластените трошења (најголем пораст уште од Л.Б.Џ), ја проширија војната со дрогата и ангаржираа 90.000 нови регулатори.

Зголемувањето на регулацијата, не ги смири медиумите да истражуваат уште повеќе.

Потоа дојде Барак Обама и потроши повеќе од доволно за да банкротираат сите наши деца. Тоа ги разгоре *Tea Party* и изборите во 2010 година.

*The Tea Party* ми даде надеж, но повторно бев измамен. Со месеци, откако се воспостави новата „фискална конзервативност" републиканците гласаа за зачувување на

земјоделските субвенции, ветија „задржување” на здравствената заштита, но се исплашија кога Републиканецот Пол Рајан - потпретседателот што го имаше избрано Ромни, го предложи својот план за дефицитот.

Жално е што САД делумно основана според слободарските принципи, не може да си признае дека владата доби многу повеќе. Земјите од Источна Азија ги прифатија пазарите и цветаа. Шведска и Германија ги либерализираа нивните пазари на труд и видоа дека економиите им се подобрија.

Но ние продолжуваме да донесуваме нови правила.

Непријателот е човечката интуиција. Во услови на блескава распродажба на пазарот, лесно е на готово да се земат придобивките од пазарот. Можам да одам во странска држава и да ставам парче пластика во ѕидот и ќе излезе кеш. Можам да му го дадам истото тоа парче пластика на странец кој не го ни зборува мојот јазик – тој ќе ми изнајми кола за една недела. Кога ќе стигнам дома, Виза или Мастеркард ќе ми испратат сметководствена потврда – точно до денар. Ние ги земаме таквите работи здраво за готово.

Владата, спротивно на тоа, дури и неможе прецизно да ги пресмета гласовите.

Сепак, секогаш кога постојат проблеми, луѓето се вртат кон владата. И покрај неуспехот на централните планери, некои од нас стојат на ставот дека владата која седи на врвот, земајќи признание за сè, навистина може да биде расипничка.

> Големиот либертаријанец на дваесеттиот век Хенри Луис Менкен се пожали дека „Владата на дното не е ништо повеќе од група на луѓе и од практична причина повеќето од нив се инфериорни луѓе... Сепак, овие неентитети, од страна на интелектуалната мрзеливост на луѓето воопшто... обично се потчинуваат како прашање на дожност... [и] се претпоставува дека имаат еден вид на мудрост која е супериорна во однос на вообичаената мудрост.”

Нема нешто што владата може да го направи, а ние како слободни идндивидуи не можеме да го направиме подобро – и како група од индивидуи работејќи слободно и заедно.

Без голема влада, нашите можности се неограничени.

# 3

## Либертаријанизмот како радикален центар

*Кларк Рупер*

*Многу години беше вообичаено да се размислува за континуираниот спектар на политичка мисла, од „лево" кон „десно.” Дали либертаријанизмот одговара на тој спектар како што е традиционално претставен? Кларк Рупер потпретседател на Студентите за слобода предлага нов пристап на размислување за односот помеѓу конкретните политички идеи и како либертаријанизмот ја обезбедува основната линија за многу современи дискусии и дебати. Рупер се стекнал со диплома по историја од универзитетот во Мичиген во Ен Арбор.*

Лево-десниот политички спектар е стандарден вовед во политичката мисла: Ако верувате во X вие сте на лево, а ако верувате во Y вие сте на десно. Што претставуваат X и Y варира во зависност од тоа со кого разговараш. Овој повик, ги охрабрува луѓето да се стават себеси некаде на тој спектар, дури и ако нивните ставови не ги лоцира нив на ни едно место од тој спектар. Тоа е особено апсурдно кога ќе сфатиме дека „двете крајности се сретнуваат и го претвораат спектарот во круг”, со ривалските форми на насилнички колективизам кои се наоѓаат на крајот од овие две страни. Така, кога прво ќе слушнете за класичен либерализам или либертаријанизам, си поставувате прашање себеси - на која страна од „спектарот” се наоѓа оваа филозофија. Тоа не е така.

Составен дел на идеите за слободата е отфрлање на стандардниот лево-десен спектар. Либертаријанизмот е една идеологија која ја испрашува и предизвикува употребата на политичка моќ. Наместо да избира интервенција на владата во оваа, или онаа област, либертаријанизмот ја гледа

политиката како борба за слобода против власта. Слободарите ја земаат за сериозно лекцијата на Лордот Актон: „Моќта има тенденција да корумпира, апсолутната моќ апсолутно корумпира.” **[13]** Либертаријанизмот не натежнува ниту врз една ниту врз друга страна од спектарот, составен од застапници на еден или друг вид на принудна моќ, на секоја од страните.

Традиционалниот лево-десен спектар покажува комунизам на еден крај и фашизам на друг, забраната за тутун од една страна забраната за марихуана на друга, и говорните кодови на една страна... и говорните кодови на друга. Значи кој е кохерентен а кој некохерентен, либертаријанизмот или лево–десниот спектар? Можете да одлучите самите.

Во извесна смисла, ако некој требаше да инсистира на линеарен спектар, слободарски може да се каже дека либертаријанизмот го окупира радикалниот центар на политичкиот дискурс. Либертаријанците се радикални во своите анализи – ние одиме во коренот (латински: *radix*) на проблемот – и веруваме во принципите на слободата. Некој може да нѐ нарекува центристи во смисла дека од центарот ги проектираме нашите идеи нанадвор и ги информираме политичките партии и идеологии во целиот спектар. Како резултат, слободарските идеи ги просветлуваат двете централно – левичарската и централно – десничарската, обезбедувајќи ги со нивните најпривлечни квалитети. Згора на тоа, зголемување на процентот на граѓаните во однос на политичките идеи е во корист на либертаријанизмот, наместо на „левицата” или „десницата.” **[14]**

Либертаријанизмот е политичка филозофија центрирана на важноста на политичката слобода. Либертаријанците можат да бидат „општествено – конзервативни” или „општествено – прогресивни”, урбани или рурални, религиозни или не, трезвеник или пијаница, во брак или слободен... секој си го пронаоѓа местото. Она што ги обединува слободарите е согласно придржување кон пресумпцијата на слободата во меѓучовечките односи, како

што е кажано со зборовите на Дејвид Боаз од Като институтот, „тоа претставува извршување на моќ, а не остварување на слобода, поради тоа е потребно и оправдување.” **[15]** Либертаријанците се конзистентни бранители на принципот на слобода и способност да работат со широк спектар на луѓе и групи за прашања во кои индивидуалната слобода, мирот и ограничената влада се вмешани. Либертаријанскиот радикален центар има обликувано поголем дел од модерниот свет. Како што забележа новинарот Фарид Закариа:

> Класичниот либерализам, како што рековме, исчезна од сцената. Доколку е така, тој епитаф ќе се чита како што Сер Кристофер Врен изгравирал на неговиот споменик во катедралата Св. Павле: „Si monumentum requiris, circumspice.” Ако барате таков споменик, разгледајте наоколу. Земете го предвид светот во кој живееме – секуларен, научен, демократски, од средна класа. Дали ви се допаѓа или не, тоа е свет направен од страна на либерализмот. Во текот на последните двесте години, либерализмот (со својот моќен сојузник, капитализмот) уништил едно уредување кое што доминирало со општество во два милениуми – власта, религијата, обичаите, земјиштето и кралевите. Од своето родно место во Европа, либерализмот се шири во САД, а сега постојано е во движење, преработувајќи го поголемиот дел од Азија. **[16]**

Либертаријанизмот (современото име за принципиелниот класичен либерализам) веќе долго време го обликува модерниот свет. Во голем дел од светот, многу битки веќе биле извојувани со победа во повеќе места: одвојувањето на црквата и државата; ограничувањето на власта преку уставот: слободата на говор; откривањето на меркантилизмот и неговото заменување со слободна трговија; укинувањето на ропството; лична слобода и правна

толеранција за малцинствата, без разлика на религијата, етничката припадност, јазикот, или сексуалната ориентација; заштитата на имотот; поразот на фашизмот, Џим Кроу, апартхејдот, национал-социјализмот и комунизмот. Голем број интелектуалци и активисти имено ги направија можни овие победи, но го направија светот подобар – поправеден, помирен и послободен. Тие ја направија слободарската позиција на овие, а и на многу други прашања, основа за разумна политичка расправа. Но ние не се согласуваме дека треба да се одмораме на нашата стара слава. Како и секогаш, старите битки мора да се водат повторно. А, за денешната младина, како што беше случај за претходните генерации, остануваат многу битки за кои ќе се борат и многу слободи кои ќе ги освојат.

Како либертаријанците успеале да наметнат такво влијание додека во голема мера делуваа надвор од партиската структура? Понекогаш тоа го правиме од наши сопствени партии, како што денес е потврдено од страна на разни (класични) либерални партии во Европа и во другите земји. Понекогаш работиме во рамки на помали партии, како и со Либертаријанската Партија во САД, чии претседателски кандидат за 2012 год., Гувернерот Гери Џонсон, едуцира милиони луѓе за штетата предизвикана од војната против дрогата и други владини програми. Понекогаш работиме во рамките на постоечките партиските структури, како на пример, претседателските кампањи на Рон Пол како Републиканец во 2008 год. и 2012 год. Тој беше во можност да унапреди многу слободарски принципи преку користење на импровизирана говорница на политичката кампања за да стигне до илјадници млади луѓе, не само во САД, туку и во целиот свет. Додека нашиот политички активизам има многу форми во зависност од земјата и контексот, нашите идеи го информираат целиот политички спектар.

Земајќи ја предвид Америка во 60 – тите години, кои се сметаат како златна доба на радикалниот студентски активизам во САД. На десната страна беа конзервативните Млади Американци за Слобода (YAF). Нивниот основачки

документ *Извештајот на Шерон*, кој беше усвоен во 1960 год., тврдеше, „Слободата е неделива, и политичката слобода не може да постои без економска слобода; целта на Владата е да ги заштити оние слободи преку зачувување на внатрешниот ред, обезбедување на националната одбрана, како и спроведување на правдата; кога Владата вложува надвор од овие доделени функции, се акумулира моќ, која има тенденција да ги намали редот и слободата" **[17]** Нивниот херој, сенаторот Бери Голдвотер, во своето обраќање до нацијата, изјави: „Јас би ве потсетил дека екстремизмот во одбраната на слободата не е порок. И дозволете ми да ве потсетам исто така дека умереноста во извршување на правдата не е доблест." **[18]**

Во исто време, Студенти за Демократско општество (SDS), излегуваат на левата страна како лидери на анти – военото движење. Во нивниот *Порт Харон извештај*, кој беше усвоен во 1962 год. тие потврдија: „Ние ги сметаме луѓето како бескрајно скапоцени и изградени од бесконечниот капацитет од разум, слобода и љубов. Падот на утопијата и надежта денес е всушност една од карактеристиките на општествениот живот,. Причините се различни: соништата на постарата левица беа искривени од сталинизмот и никогаш не се обновија... ужасите од дваесеттиот век, симболизирани со гас – печките и концентрационите логори и атомските бомби, безнадежно го осудија сето тоа. Да се биде идеалист е исто што и да се биде апокалиптичен, да се живее во заблуда." **[19]**

Поранешниот претседател на SDS, Карл Огелзби потсетува во неговиот мемоар, *Гаврани на невреме,* „Либертаријанизмот е позиција кој му овозможува на секој да зборува за десницата како и за левицата, тоа е она што секогаш се обидував да го направам... Зошто да одиме кај десничарите на оваа тема кога таму беа многу левичари од кои можеше да се избира? Си го решил најтешкиот случај против војната ако можеш да докажеш дека и десницата и левицата се противат на војната. **[20]** На почетокот имав одлучено дека имаше смисла да се зборува за 'радикалниот

центар’ и ‘милитантната умереност’. Мислам дека ние треба да бидиме радикални во нашите анализи, но центристи кон конзервативизмот”. **[21]**

Додека тие варираат во своите области на дејствување – YAF на економската слобода и опозицијата на социјализмот; SDS на граѓанските права и мирот – земени како целина тие може да се сметаат како пионери на слободарскиот активизам во модерната ера. Водачите на тие движења станаа наставници, новинари, професори, политичари, и други фигури кои денес го придвижуваат јавниот дискурс. Тие покажуваа верност кон левицата и десницата, но нивните најдобри интелектуални аргументи и енергија доаѓаат од нивните основни либертаријански импулси.

Војната против дрогата сѐ повеќе е призната како катастрофа. Слободарските тинк тенкови како што е Като институтот ги имаат документирано со децении смртоносните трошоци од војната против дрогата и придобивката за личната одговорност и личната слобода. Слободарските економисти, особено вклучувајќи го Милтон Фридман, ги објаснуваат изобличените стимулации креирани од забраната. **[22]** Моралните филозофи тврдат дека едно општество од морални и одговорни индивидуи ќе ги елиминира забраните на прекршочните дела, да се потсетиме на памфлетот на Лисандер Спунер во 1875 година, *Пороците не се злосторство: Оправдување на моралните слободи*. **[23]** Бидејќи либертаријанците стоејќи на својот став укажуваат на штетните ефекти на забраната – на моралот, на правдата, на стапката на криминал, на семејствата, на општествениот поредок – сѐ повеќе и повеќе политичките лидери зборуваат за катастрофалните последици од војната против дрогата без страв дека ќе бидат етикетирани „pro-drugs”. Тие вклучуваат претседатели на Мексико, Гватемала, Колумбија, и Бразил, земјите кои страдаат од криминал, насилство и корупција покрената од страна на забраната, како и гувернери, поранешни државни секретари, судии, полициски началници, и многу други. **[24]**

Тоа што либертаријанците ги прави единствени е тоа што додека другите може да имаат одредени про – слободни верувања случајно или на ад хок основа, слободарите се залагаат за нив од принципиелност. Либертаријанизмот не е филозофија на десницата или левицата. Тој е радикален центар, дом за тие кои сакаат да живеат и да им оставаат на другите да живеат, кој ги негува и сопствената слобода и слободата на другите, кои ги отфрлаат застоените клишеа и лажни ветувања на колективизмот, и оние „на лево” и оние „на десно.”

Каде на лево – десниот спектар стои либертаријанизмот? Над него.

# 4

## Историја и структура на слободарската мисла

*Том Г. Палмер*

*Историјата може да покаже како идеите се појавуваат и како тие се поврзуваат едни со други. Идејата за слобода се испитува историски и концептуално за да покаже како либертаријанската мисла претставува едно кохерентно разбирање на светот и како луѓето треба да се однесуваат едни кон други.*

Иако елементи на либертаријанска мисла може да се најдат во текот на човековата историја, либертаријанизмот како политичка филозофија се појавува заедно со модерното време. Тоа е модерна филозофија на индивидуалната слобода, наместо крепостништво или покорност; на правните системи засовани на уживање и почитување на правата, наместо примената на произволна моќ; на заеднички просперитет преку слободен труд, доброволна соработка и размена, наместо принудна работа, присила и експлоатација над покорените од страна на нивните окупатори; на толеранција и соживот помеѓу различните религии, начин на живот, етнички групи и други форми на човеково постоење, наместо верски, племенски или етнички војни. Тоа е филозофијата на современиот свет која брзо се шири помеѓу младите луѓе на Земјата.

За да се разбере ширењето на слободарското движење низ светот, потребно е да се разберат идеите кои ја сочинуваат политичката филозофија на либертаријанизмот. Политичките филозофии можат да се разберат на различни начини. Некои можат да се проучуваат историски за да се види како тие дошле заедно како одговор на сет од проблеми или прашања. Идеите се на некој начин алатки - ментални

алатки кои ни помагаат да комуницираме едни со други и со светот. Со цел подобро да се разберат таквите алатки доста помага да се знаат проблемите за кои тие, се претставуваат како нивно решение. Историската студија ни помага да ги разбереме идеите. Исто така, можат да се разберат и нивните логички односи, односно, начините на кои различните концепти или идеи како што се правда, права, право, слобода и цел се надополнуваат помеѓу себе и си даваат значење едни на други **[25]**. Овој краток есеј нуди еден мал вовед во двата начини на разбирање на либертаријанизмот.

## Либертаријанизмот низ историјата

Историски погледнато, либертаријанизмот е модерна форма на движење кое некогаш било познато како либерализам. Терминот „либерализам", особено во Соединетите Американски Држави, има изгубено некои од неговите претходни значења. Како што познатиот економист Џозеф Шумпетер истакнал, „како врховен, иако ненамерен комплимент, непријателите на системот на приватни претпријатија помислиле дека е паметно да ги присвојат неговите карактеристики" **[26]**.

Терминот либерализам или неговите варијанти сѐ уште се користат во поголемиот дел од остатокот од светот за она што денес во САД се нарекува либертаријанизам или „класичен либерализам". Терминот, исто така, понекогаш се користи за да се направи потемелна разлика помеѓу конзистентните форми од попрагматичните или флексибилните форми на либерализмот. (Во некои јазици се користи ист збор како превод и за либерализмот и за либертаријанизмот. Во унгарскиот јазик на пример се користат szabadelvuség и liberalizmus за либерализам/ либертаријанизам).

Од каде потекнува либерализмот? Либерализмот се појавил во Европа и другите региони во светот како одбрана на новиот начин на заедничко живеење заснован врз мир,

толеранција и заедничка доброволна размена и соработка. Либерализмот се залага за одбрана на мирните форми на живот од доктрината на апсолутна и семоќна држава позната како „апсолутизам”. Во текот на дебатите околу соодветниот обем и опфат на моќ, идеите на либерализмот станале поостри, порадикални и взаемно поттикнувачки.

Трговијата и размената во Европа, по мрачното доба, започнале да се зголемуваат, особено со порастот на бројот на независни „комуни” или самоуправувачки градови, кои биле заштитувани со дебели ѕидови од пирати, трагачи по неоткриени богатства и воени команданти **[27]**. Нови градови - места за производство и размена - биле формирани низ Европа. Новите градови и нивните граѓански општества биле познати како места за лична слобода, како што е кажано во германскиот слоган „*Stadtluft macht frei*” („градскиот воздух го прави човек да се чувствува слободен“) и мир **[28]**.

Како што еден историчар истакнал: „Без слобода, односно без моќта да се доаѓа и оди, да се прави бизнис, да се продаваат добра, без моќ која не е пропратена со крепосништно, трговијата беше невозможна” **[29]**. Граѓанско (од *civitas,* град) општество се однесува на општествата кои се појавиле во таквите градови. Многу важно, терминот исто така се употребува како начин на однесување на еден кон друг: граѓанско однесување. Да се биде граѓанин значи да се биде љубезен кон странци, да се биде искрен во зделките и да се почитуваат правата на другите. Таквите нови градови и здруженија се карактеризирале со различни видови на претставништва и собранија во кои се расправало за законите и јавните политики.

Со растењето на трговијата и со акумулирањето повеќе богатство, кралевите започнале да создаваат модерни воени системи, кои ги користеле за да ја прошират нивната моќ над феудалната аристократија, чија моќ потекнува од насилни освојувања исто како и моќта на кралевите, како и над градовите кои биле засновани врз доброволно здружување. „Воената револуција” концентрирала сè повеќе и повеќе моќ

во она што подоцна требало да стане познато како „Државата”, обично во личноста и овластувањата на кралот **[30]**. Таквите централизирани и монархистички политички системи ги раселиле, освоиле и асимилирале повеќето политички системи кои биле карактеристични за Европа, вклучувајќи ги и независните градови - држави, Ханзеатската лига на трговски градови, Светата Римска Империја и други форми на поличко здружување. Како што моќта на „суверенот” се зголемувала, така тие тврделе дека се над законот и ја применувале својата апсолутна моќ над сите форми на граѓанско здружување **[31]**. Сè повеќе кралевите тврделе дека тие имаат „божествено право” да применуваат апсолутна сила. Секуларните сили и верската хиерархија формирале сојузи, во кои најчесто секуларните сили доминирале врз верските, но понекогаш постоела и обратна ситуација позната како теократска власт.

Доктрината на апсолутизмот прокламирала дека владетелот е над законот, што значело кршење на претходната традиција која прокламирала дека законот е врховен, а не личната сила. Кралот Џејмс VI и I, како што бил познат Кралот Џејмс VI од Шкотска, кој исто така станал Кралот Џејмс I од Англија во 1603 год.), во 1598 година изјавил, „Кралот е господар на целата земја, па така тој е господар на секој човек кој ја населува истата и има власт над животот и смртта на секој од нив. Иако еден принц не може да лиши од живот ниту еден од неговите поданици без да постои јасен закон за тоа, сепак законите во кои тоа е дозволено се носат од него самиот или пак се донесени од некои од неговите предци, што значи дека моќта произлегува од него самиот... Имам опширно докажано дека кралот е над законот и како творец и како извршител на законите” **[32]**.

Апсолутизмот имал економска теорија која ги придружува: меркантилизмот, идејата дека кралот и неговата бирократија треба да ја водат индустријата, забрана за ова и поддршка за она претпријатие, можноста одредени претпријатија да станат монополи (практика која денес е позната како кронизам), „заштита” на сопствениците на

локалните индустрии од конкуренцијата од стока увезена по пониски цени и генерално управување со трговијата во корист на владејачките сили во државата, со цел да се обезбедат финансиски средства за државната каса **[33]**.

Либерализмот се појавил како одбрана на слободата во граѓанското општество и е насочен против апсолутната моќ, против монополите и привилегиите, меркантилизмот, протекционизмот, војни, јавниот долг, а во корист на граѓанските права и владеењето на правото. Таквото движење има многу извори на идеи. Истакнати меѓу нив биле идеите за индивидуалните права артикулирани од шпанските сколастички мислители од Саламанка, кои застанале во одбрана на пазарната економија и правата на потчинетите Индијанци, против нивните алчни шпански господари, исто како и доктрината за природните права артикулирана од холандските и германските мислители, но несомнено првото целосно либертаријанско движење се појавило за време на граѓанската војна во Англија: Левелерите **[34]**. Левелерите застанале на страната на парламентот во англиската граѓанска војна (1642-1651) и се бореле за ограничена уставна власт, слобода на вероисповед, за слободна трговија, за заштита на имотот, за правото на живот, за еднакви права за сите. Тие биле радикалисти, аболиционисти и поддржувачи на човековите права и мирот. Тие биле либертаријанци.

Таквите идеи - за индивидуални слободи, за ограничена власт, за слобода на мислата, вероисповедта, говорот, трговијата, производството, патувањето - ги отвориле умовите, ги разнишале античките обврзници, генерирале невидени богатства за просечниот човек и рушеле империи една по друга. Ропството било доведено до својот крај во Европа и Северна и Јужна Америка, кулминирајќи со укинувањето на ропството во Бразил на 12 мај 1888 година. Феудализмот бил елиминиран. Биле ослободувани кметовите во Европа, понекогаш одеднаш, понекогаш во неколку фази: Австрија во 1781 год. и 1848 год.; Данска 1788 год.; Србија 1804 год. и 1830 год.; Баварија 1808 год.; Унгарија и

Хрватска 1848 год.; Русија 1861 год. и 1866 год.; и Босна и Херцеговина во 1918 година.

Слободарското движење зело замав не само низ Европа и европските колонии, туку и во исламскиот свет, Кина и на други места, повикувајќи се на локалните традиции за слобода. Слободарските идеи не се прозивод само на една култура и една традиција, туку сите традиции и култури имаат свој придонес. Европа ги произведе Волтер и Адам Смит, но исто така и Мусолини, Ленин и Хитлер. Маркс, чии доктрини доминирале во Кина со децении, не е Кинез туку Германец. Слободарски прокламатори и мислители можат да се најдат во секоја култура, исто како и застапниците на апсолутната моќ. Либертаријанизмот пуштил корени насекаде низ светот, поврзувајќи ги локалните слободарски традиции, особено во Африка и во Азија и повторно откривајќи ги врските во Европа, Латинска Америја и Северна Америка.

Современото слободарско движење се гради не само врз основа на искуствата од претходните борби на либералите против апсолутизмот, туку и врз искуствата од ужасите од една уште поголема малигна закана за слободата и цивилизацијата: колективистички тоталитаризам. Бранот на либертаријанската мисла започнал да се шири во деветнаесеттиот век. Нови политички идеологии, повикувајќи се на старите традиции на власт се појавиле како опоненти на либерализмот. Империјализмот, расизмот, социјализмот, национализмот, комунизмот, фашизмот и нивните комбинации, сите тие се темелат на основните премиси на колективизмот. Поединецот не се гледал како складиште на правата; она што е важно е тоа што тие тврделе дека правата и интересите на нацијата, класата или расата се изразуваат преку моќта на државата.

Сè до 1900 година либертаријанскиот уредник на „*The Nation*", Е.Л. Годкин во својот депресивен едиторијал напишал: „Само остатокот стари луѓе, во најголем дел сè уште се придржуваат кон либералната доктрина и кога нив ќе ги нема, повеќе нема да има шампиони". Застрашувачки е

тоа што тој ги предвиде ужасните колективистички војни и угнетувања што чинеа стотици милиони животи во наредниот век. „Повеќе не станува збор за природни права, туку за инфериорни раси чија задача е да се предадат (потчинат, покорат) на владеењето на оние супериорните за кои Бог одлучил да бидат такви. Старата заблуда за божествените права уште еднаш ја потврди својата разорна моќ, но пред да биде повторно отфрлена таа ќе предизвика меѓународни борби на високо нивό" **[35]**. И така и се случи. Последиците од тоа беа масовни убиства какви што дотогаш не биле видени, системи на нови масовни поробувања и светски војни што ја опустошија Европа, Евроазија, Азија и кои имаа ужасни последици за Јужна Америка, Африка и Блискиот Исток **[36]**.

Предизвикот, наметнат од страна на колективизмот врз слободата, цивилизацијата и самиот живот, помогна во оформување на либертаријанскиот одговор. Тоа вклучуваше обновен акцент на следниве елементи на либертаријанската мисла, кои биле негирани од колективните идеологии како што се социјализмот, комунизмот, националсоцијализмот и фашизмот:

- Примат на поединецот, како основна морална едника, наместо колективитетите како што се: држава, класа, раса или нација;
- Индивидуализмот и правата на секоја индивидуа да обезбеди сопствена среќа, на свој начин;
- Правата на сопственост и пазарна економија, како децентрализирани и мирни форми на донесување одлуки и координирање кои ефикасно ќе го користат знаењето на милиони или милијарди луѓе;
- Важност на доброволните здруженија на граѓанското општество, вклучувајќи ги и семејството, верските заедници, соседските здруженија, фирмите, синдикатите, пријателските општества, професионалните здружувања и голем број други здруженија кои му даваат

значење и содржина на животот и му помагаат на поединците да го оформат сопствениот идентитет низ повеќекратни врски, кои се раселени од експанзиите на државната власт и
- Страв од државата и од концентрираната моќ во војската и во извршните органи на власта.

Многу лица придонесле за повторно да заживее либертаријанската мисла, особено по Втората светска војна. Во 1943 година биле објавени три книги во САД, кои ја вратија популарната дискусија за либертаријанската мисла: Роуз Вајлдер Лејн - *Откривање на слободата*; Изабел Патерсон -*Богот на Машината*, како и бестселерот на Ајн Ренд - *Величенствениот извор*. Во 1944 во САД, Лудвиг фон Мизес ја издаде неговата книга *Семоќна Влада: Возвишувањето на тоталната државата и тоталната војната* , а во Обединетото Кралство Ф.А. Хајек го издаде својот бестселер за колективистичкото економско планирање *Пат кон ропство*. Хајек, исто така, го основал Здружението Монт Пелерин, како меѓународно друштво на класично - либерални научници, чиј прв состанок бил одржан во 1947 година во Швајцарија. Започнале да се издаваат повеќе книги, како и да се оформуваат повеќе друштва, асоцијации, издавачки куќи, тинк - тенкови (институти за политика), студентски клубови, политички партии и друго **[37]**.

Биле отворени тинк-тенкови за промовирање на класичните либерални идеи. Во првиот бран, кој започнал во периодот помеѓу 1940-тите и 1950-тите се појавиле организации како: *Институт за јавни односи* во Австралија (1943); *Фондацијата за економско образование* во САД (1946) и *Институт за економски односи* во Обединетото Кралство (1955). *Като Институтот*, кој бил основан во САД во 1977 год., како и *Тимбро*, основан во Шведска во 1978 год., биле дел од вториот бран на слободарските тинк-тенкови кои ја промениле дискусијата околу јавната политика. (Стотици луѓе од тогаш ја следат и голем дел од нив се поврзуваат со *Мрежата Атлас*, основана од Сер

Ентони Фишер, кој бил основач и на Институтот за економски односи. Еминентни интелектуалци започнале да ги следат стапките на Петерсон, Лејн, Ренд, Мизес, Хајек, како што се: филозофите Роберт Нозик , Х. Б. Актон, Ентони Флу; добитниците на Нобелови награди, економистите: Џејмс Бјукенен, Милтон Фридман, Роналд Коуз, Џорџ Штиглер, Роберт Мундел, Елинор Остром и Вернон Смит, како дел од оние кои ги унапределе либертаријанските аргументии и кои вовеле слободарски идеи во широкиот спектар на социјални, економски, правни и политички проблеми.

Како што либертаријанските идеи добиваат повеќе приврзаници низ земјите од Средниот Исток, Афика, Азија, Латинска Америка и земјите од поранешниот Советски Сојуз, така либертаријанизмот сѐ повеќе се приспособува на новите проблеми, особено на потребата да се изградат и зајакнат институциите на граѓанското општество и тоа врз основа на автохтоните традиции на тие општества. Тоа подразбира да се изградат институции каде ќе има: мирни дискусии, наместо насилство; взаемно почитување на лицата без оглед на пол, раса, религија, сексуална определеност, или јазик; независни судски системи кои ќе ги решаваат споровите на мирен начин; добро дефинирани системи на сопственички права, во кои сопственичките права ќе бидат законски заштитени и ќе биде овозможена нивна лесна преносливост со цел да се олесни размената; слобода на медиумите и на јавниите дискусии; и традиции и институции кои ќе вршат контрола врз примената на власта.

Накратко, толку за историјата на либертаријанизмот. Сега да се осврнеме на другиот начин на разбирање на либертаријанизмот.

## Либертаријанизмот сфатен концепциски:

### *Либертаријанска триногалка*

Стол само со една ногалка ќе падне. Ако додадете уште една тоа ќе биде маргинално постабилно, но сепак столот повторно ќе падне. Ако додадете и трета и направите триногалка секоја ногалка ќе ги зајакнува останатите две. Идеите, исто така, можат да бидат сфатени на овој начин. Идеите за права, правда, општествен ред, право, неможат да постојат самите за себе. Тие се надополнуваат едни со други. Како и ногалките кај триногалката, тие се поткрепуваат едни со други.

Либертаријанизмот се базира на основниот идеал за слобода; либертаријанците ја издигнуваат слободата како највисока политичка вредност. Тоа не значи дека слободата мора да биде највисока вредност во животот. Впрочем, луѓето се вљубуваат, тежнеат кон вистина и убавина, имаат свои ставови за религијата и за многу други важни работи, така што политиката не е единственото нешто што е важно во животот. Но за либертаријанците примарна вредност која треба да биде остварена во политиката е слободата. Политичкиот живот значи обезбедување правда, мир и заеднички просперитет, па така либертаријанците се потпираат на класичната либерална мисла, која ги гледа таквите принципи и вредности како взаемно поттикнувачки.

Либертаријанската триногалка е составена од три столба:

*Индивидуални права*: поединците имаат права кои се пред политичкото здружување; тие права не се одвоени од моќта, но можат да бидат спроведени дури и против моќта; како што *Нозик* ја започна својата либертаријанска класика *Анархија, Држава и Утопија,* „Индивидуите имаат права и тоа се нешта кои ниту едно лице или група не би можеле да ги остварат во нивно име (освен да им ги повредат таквите права)” **[38]**.

*Спонтан поредок*: вообичаено за луѓето е да претпоставуваат дека сите поредоци мора да бидат наметнати, меѓутоа најважните видови на поредок во општеството не се резултат на свесно планирање, туку тие се производ на доброволната интеракција и взаемните прилагодувања на плановите на слободните луѓе кои дејствуваат врз основа на нивните права;

*Уставно ограничена власт*.- правата бараат заштита од институциите кои се овластени да користат сила во нивна одбрана, но истите тие институции, често, претставуваат најголема и најопасна закана за правата, што значи дека таквите институции мора да бидат строго ограничени преку уставни механизми, што подразбира и поделба на конкуренцијата помеѓу изворите на моќ, правни системи кои се независни од извршната власт и широко распространето инсистирање на владеењето на правото над власта.

Секој од горенаведените столбови дава поддршка на другите два. Правата мора да бидат јасно дефинирани и заштитени од страна на институциите на правото; кога правата се добро дефинирани и законски заштитени, редот се појавува спонтано; кога општествениот поредок и хармонија ќе се појават без однапред планирани насоки, постои поголема веројатност луѓето да ги почитуват правата на другите; кога луѓето се навикнати да ги остваруваат нивните права и да ги почитуваат правата на другите постои поголема веројатност тие да инсистираат на уставни ограничувања на правните институции.

***Индивидуалните права***

Либертаријанските идеи за правата во голема мера беа воспоставени во борбата за верска слобода и за слободата на послабите кои страдаат од угнетувањето на посилните. Шпанскиот мислител Франциско де Виторија, во неговата позната книга за Американските индијанци од 1539 година, ги бранел домородците на Америка од бруталноста и угнетувањето која била нанесувана од страна на Шпанската

империја. Тој образложил дека Индијанците имале морална одговорност за нивното однесување („dominium”) и тој заклучил дека:

> Варварите [термин што бил користен за не Европските и не Христијански народи] несомнено ја поседувале својата сопственост, како јавна така и приватна, како што тоа го поседувал секој христијанин. Со тоа се кажува дека, тие не можеле да бидат лишени од својот имот, ниту како граѓани ниту како владетели, врз основа дека тие не биле вистинските господари врз таа сопственост (ueri domini). **[39]**

Индијанците, образложиле Виторија и неговите следбеници, исто така имале овластување да бидат почитувани нивните животи, нивниот имот и нивната земја колку и на секој Шпанец. Тие имале свои права и да им се прекршат тие права било неправда на која што требало да ѝ се спротистават. Идеите за моралната одговорност и правата имале големо влијание во општите размислувања за човековите суштества, не била значајна случајноста на раѓањето, туку дали една личност е застапник на моралот, дали таа личност може да биде одговорна за неговите или нејзините избори и дела.

Во истиот тој период, бранителите на слободата на религијата инсистирале и често пати плаќајќи го со своите сопствени животи, дека човековите суштества биле разумни суштества способни за размислување, промислување и избор и укажале дека совеста мора да биде слободна и дека религијата треба да биде избор, а не принудување. Правото на слобода на религијата било право, а не привилегија дадена од оние кои ја имаат власта. Теологот Џон Келвин го оправдувал убиството на својот критичар Серветус кое се случило во Женева, кој бил убиен поради проповедање на различно сфаќање на госпелот, на основа на тоа дека владетелите биле обврзани да ја бранат вистинската вера. Големиот бранител на верската слобода, од шеснаесеттиот

век – Себастијан Кастелио директно му одговорил на Келвин: „Да се убие човек не е одбрана на доктрината, туку тоа е убиство на човек. Кога во Женева го убија Серветус тие не ја бранеа доктрината, туку тие убија човек”. **[40]** Доктрината треба да се брани со зборови сè со цел да се промени умот и срцето, а не со оружје и оган за да се уништи и запали телото на оние кои што не се согласуваат. Како што Англискиот поет Џон Милтон забележал во неговиот новооткриен аргумент за слободата на медиумите *Ареопагитика*, „големата уметност лежи во тоа да се спознае во кои делови од законот се воведува воздржување и казнување, а во кои делови функционира убедувањето“. **[41]**

Тие рани пионери на слободата кои инсистирале за почит кон еднаквите права, без разлика на верата, расата, полот или други случајни особини на личноста, биле пресретнати со моќен предизвик од страна на застапниците на апсолутните или теоретски правила, кои одговориле дека ако секоја личност би го имала правото да управува со неговиот или нејзиниот живот, тогаш не би постоел еден севкупен план за општеството и тогаш ќе произлезе хаосот и нередот. Мора да постои шеф, на тоа укажуваат апсолутистите и теоретичарите, некој кој што ќе ја има моќта да предвиди а потоа и да наметни ред во неуредените маси. Во спротивно, вие не би знаеле што да произведувате, или што да правите со тоа производство, или како да го обожавате Бог, или што да носите, или колку да заштедите или потрошите.

### ***Спонтан поредок***

Сам по себе, моралниот принцип за почит кон луѓето не бил во можност да се пресретне со предизвикот, сè додека општествените научници не започнаа да ги отклучуваат тајните на сложените поредоци. Исто како што модерните ентомолози открија дека сложениот поредок кај пчелната кошница не е под „владеење“ на нивната матица која што практикува апсолутна моќ и која им издава наредби на

другите пчели, како што било широко прифатено со милениуми, дури и најраните општествени научници открија дека сложеното човеково општество не е под „владеење“ од ниту еден човек кој што поседува таква моќ, кој што би можел да им кажува на фармерите кога да ги молзат кравите и колку да наплаќаат за тоа млеко, кој што може да ја постави вредноста на парите и авторитативно да издава наредби со цел да се реализира целосно редот во општеството. Наместо тоа, како што тие открија, ако сакате просперитетно и уредно општество, тогаш треба човекот да се потпре на максимата „*Laissez faire et laissez passer, le monde va de lui même!*“ (Остави го да биде, остави го да помине, светот си продолжува сам од себе) како што било кажано од либертаријанскиот интелектуалец Жан Клод Мари Винсент де Гурнеј во осумнаесеттиот век. **[42]**

Сложените уредувања не можат едноставно да бидат командувани. Јазикот, пазарната економија, правото и многу други сложени форми на координација се појавуваат помеѓу личности кои што се непознати едни за други, не преку принудни наметнувања на планови кои што произлегуваат од умот на големиот владетел (или од владејачките комитети), туку како спореден производ на интеракцијата која што се појавува помеѓу луѓето кога тие ги следат релативно едноставните правила, слично како јато на птици и рој на пчели кои што искажуват сложени форми на ред без присуство на упатувачки ум.

Не е едноставно нешто кое што може да се зграпчи. Кога ние ќе видиме наредена збирка на нешта, ние се обидуваме да го пронајдеме тој кој што ги наредил. Ако видам добро нареден ред на столици, јас најверојатно ќе прашам: „Кој ги постави сите столици во овој ред?“ Но повеќето уредувања, вклучувајќи го и уредувањето во пазарната економија е, како што Нобеловиот лауреат по економија Џејмс Бјукенен образложил, дефиниран во процесот на неговото појавување: „редот во пазарот се појавува само од процесот на доброволна размена помеѓу индивидуите кои што учествуват во таа размена.

‘Поредокот’ (уредувањето) е дефиниран како исход од процесот кој што го создава таквиот ред. ‘Тоа’, односно резултатот од алокација –дистрибуција, не е и не може да постои независно од процесот на размена. Со изоставувањето на овој процес, нема и не може да постои ‘ред’“.**[43]** Тоа не е лесно за човековиот ум да го разбере, бидејќи ние сме предиспозиционирани да ги бараме креаторите на редот, кога и да наидеме на одреден ред. Но кога ќе погледнеме, она што ќе го најдеме се сложени поредоци кои што произлегуваат од релативно едноставни принципи. Тоа е исто така случај и при појавата на сложените поредоци настанати од соработката помеѓу луѓето.

Кога еднаш ќе сфатиме како добро дефинираните и обезбедени права ги овозможуваат доста посложените форми на поредоци (уредувања) и меѓучовечка соработка, тогаш идејата за правата станува поприфатлива. Но како да ги заштитеме истите? Во тој случај ни е потребна и третата ногалка од триногалката.

### *Уставно ограничена влада*

Правата се остваруваат и се гарантираат на различни начини. Луѓето кои ги користат сопствените тупаници за да се спротиставaт на агресијата или сопствените нозе за да избегаат од неа, ги бранат своите права на живот, слобода и имот. Ние исто така ги заштитуваме своите права, инвестирајќи во брави за нашите врати и за системите на стартување на нашите автомобили, а и двете ги штитат нашите права од потенцијалните прекршители. Но светот во кој што ние би требало да се потпреме само на нашата сила за да се одбраниме  или пак да сметаме на бравите и клучевите, најверојатно би бил свет во кој што моќните ќе доминираат врз послабите. Поради тоа луѓето формираат различни асоцијации за нивна сопствена одбрана. Во модерните слободни општества, ние ретко прибегнуваме кон директно насилство за да се одбраниме (иако од време на

време истото е потребно), ако ништо друго, насилството во основа е намалено откако потенцијалните придобивки од насилството се намалиле во споредба со загубите на кои насилниците би се изложиле од нивната сопствена агресија. Насилството, за повеќето луѓе, претставува карактеристика која постепено ја намалува довербата во меѓусебната комуникација помеѓу луѓето (освен, тука е насилството на државата, кое што понекогаш резултира со стотици, илијадници па дури и милиони загубени животи). Ние се потпираме на специјализирани агенции кои што ни помагаат и пресудуваат во нашите спорови (судови и арбтража) и да ги бранат нашите права (осигурителни компании и полицијата). Опасноста лежи во тоа, кога ние овластуваме одредени лица да користат сила, дури и само да ги одбранат нашите права, ние можеме да постанеме жртви на оние кои што сме ги овластиле да нѐ штитат нас. Овој проблем е често изразен како што е тоа во зборовите на Римскиот поет Juvenal „Quis custodiet ipsoscustodes?" – кој го надгледува чуварот?

Ова е едно од најважните прашања во политичката наука и секогаш било покренувано од либертанијанците, кои што биле на самиот фронт на движењата за ограничување на власта. Помеѓу традиционалните институции и практики на ограничување на власта се: уставите кои ја воспоставуваат власта за извршување на законите и истовремено ги потчинува тие кои што ја практикуваат таквата власт, создавање на конкурентни системи на „кочници и рамнотежа" помеѓу различните гранки на власта, настојување за правото на излез од неправедни или непријатни политички или правни договори, пишани закони за правата, вклучувајќи ги тука правото на слобода на говор, правото да се чува и користи оружје, правото на праведно судење пред порота, правото на сигурност во уживањето на својата сопственост и други механизми кои што варираат од една до друга држава, култура и време.

Тие традиции се простираат дури назад до античките пактови со кои што се ограничувала моќта на кралевите.

Како што се Магна Карта во Англија и Голден Бул од Унгарија или до скорешните форми на федерализам како што е во Швајцарија, Австралија, САД и во пост-воена Германија и Австрија. Последните две ја имплементираа федералната држава како средство за да се избегне уште една катастрофа како што беше националсоцијализмот на „Третиот Рајх“, што ја воведе Европа во застрашувачка војна. Имплементацијата никогаш не може да биде перфектна и варира широко според историјата на земјата, силата на различните институции и други фактори, но уставните ограничувања на силата се третиот како важен столб на либертаријанизмот. **[44]**

## Слобода, Поредок, Правда, Мир и Просперитет

Кога властите се ограничени само на тоа да ги заштитуваат добро дефинираните индивидуални права, овзможувајќи и спроведувајќи ги правилата за праведно однесување, индивидуите ќе ја уживаат слободата за да ги започнат нивните меѓусебни односи и да бараат среќа на нивен сопствен начин и општеството би било карактеризирано со повисок степен на комплексен поредок и координација отколку кога тоа би било овозможено ако власта се обидела директно да создаде таков поредок со принуда. Либертаријанскиот триножец е составен од три елементи: индивидуални права, спонтан поредок и уставно органичена власт кои што имаат долга историја.

Слободен свет, се разбира, е несовршен свет, бидејќи ќе биде исполнет со несовршени луѓе, не би можело да му се верува на оној кој има моќ за принудување, бидејќи и најдобрите ќе потпаднат под искушението да ја практикуваат апсолутистичката моќ, да ги виктимизираат другите, да бидат неправедни. Поради тоа уставните механизми се потребни за ограничување на моќта.

Но, либертаријанизмот не е само визија за ограничување на власта. Таа исто така е визија на општествениот, научниот и уметничкиот напредок на мирољубивата коегзистенција и взаемното почитување помеѓу мнозинството на различни

начини на живот и култура, индустрија, маркетинг и технологија за искоренување на сиромаштијата кои што ќе ги турка границите на незнаењето, слободата, независноста, и достоинствените индивидуи кои што ќе уживаат во своите права.

Либертаријанизмот нуди интелектуален проект - начин да се разберат и поврзат битните идеи помеѓу себе, и практичен проект - реализацијата на свет составен од слобода, правда и мир. За тие кои што имаат храброст да го прифатат, проектот на слободата е инспиративен и тоа како.

# 5

## „Времињата, тие се променуваат“: Либертаријанизмот како аболиционизам

*Џејмс Падилиони Џуниор*

*Една од најголемите либертаријански цели на сите времиња беше кампањата за аболиција на најголемото насилство врз слободата: ропството. Тој дух го претставува либертаријанизмот како политичка сила помеѓу денешните млади луѓе. Џејмс Падилиони, потпретседател на Северно Американскиот извршен одбор на Студенти за слобода и член на Меѓународниот извршен одбор, е дипломиран студент на американските студии на Колеџот Вилијам и Мери.*

„Тоа е длабоко, цврсто и делиберативно убедување дека оваа цел е вредна за неа да се умре“, Анџелина Гримке тоа го заклучи во писмо од 1835 година. Писмото беше испратено до Вилијам Лојд Герисон, уредник на *The Liberator*, најпознатата аболициска публикација во тоа време. Целта беше аболиција на ропството. Таа го потсети Герисон за „тоа дека земјата на која што стоиш е света земја: никогаш не ја предавај“.**[47]** Тоа вклучува, свесните одлуки на многу индивидуи да влезат во историјата и да бараат во своите општества да се смени нивниот курс. Ропството постоело од почетокот на историја која се памети и како што забележал Орландо Петерсон - „не постои нешто посебно необично кај институцијата ропство... Не постои регион на земјата кој што во определен период не ја заштитува оваа институција. Сигурно не постои група на луѓе чии предци во определено време не биле робови или робовладетели“.**[48]** Сеприсутноста на ропството низ историјата и даде на оваа институција одредена легитимност на блискост, каква што

сите стари традиции – културни, општествени, политички – се обидуваат да создадат.

Како и да е, после појавувањето и промоцијата на идеите за индивидуалните права, ограничената власт и политички економии, за време на просветителството, развојните морални последици се втемелија во тие идеи кои што не можеа да продолжат да коегзистираат со принудувањето, бесправноста и насилната контрола наметната врз робовите.**[49]** Тоа беше особено јасно после усвојувањето на Декларацијата за независност и нејзините постулати дека „сите луѓе се создадени еднакви". Инспирирани од нивната ново основана морална свест, раните либертаријанци, вклучувајќи ги и водачите на движењата за аболиција, работеа за да оформат свет во кој институциите на правото, политиката и културата ќе бидат во хармонија со слободата. За аболиционерите, правичната цел на слободата тежеше повеќе отколку големината на задачата која што стоела пред нив, всушност, суровата реалност на нивната сегашност, послужила како катализатор за да се разгори нивниот активизам. Непоколебливи во нивните убедувања дека „личната слобода на еден човек никогаш не може да биде сопственост на друг човек" тие ја лансираа најголемата кампања за човековите права во историјата.**[50]**

Охрабрени од успехот на аболизиционизмот, либералите следно се свртиле кон нееднаквиот статус на жената, како што Мери Волстонкрафт објаснила: „Третирани како еден вид потчинети суштества, а не како дел од човековата раса"**[51]**, во 1848 година, истакнатите аболиционери Елизабет Кади Стентон, Лукреција Мот и Фридрик Даглас се сретнале во Њујорк на Конвенцијата Сенека Фолс се со цел директно да го адресираат проблемот. Тој состанок резултираше со создавањето на Декларацијата на сентименталноста. Одекнувајќи ги фразите од Декларацијата за независност тие тврдеа:

> Ние сметаме дека овие вистини се очигледни: дека сите мажи и жени се создадени еднакви... Историјата

> на човештвото е историја во која се повторуваат повредите и узурпацијата на жените од страна на мажите, земајќи ја како предмет за воспоставување на апсолутна тиранија врз жените... Во поглед на неправедните закони споменати погоре  и бидејќи жените навистина се чувствуваат навредено, потиснато и измамнички лишени од нивните најсвети права, ние инсистираме дека ним треба веднаш да им бидат признати сите права и привилегии кои што им припаѓаат како и на сите граѓани на овие Соединети држави.**[52]**

Тие не беа наивни во врска со огромната задача со која што се соочуваа. Едуцирањето на општеството да ги прифати новите вредности и да ги смени старите навики немаше да дојде лесно и нивниот поглед кон историските промени го рефлектира ова. Фредерик Даглас истакнал:

> Дозволете ми да ви пренесам нешто за филозофијата на реформата. Целокупната историја на напредокот на човековата слобода покажува дека сите одобренија досега направени за нејзините основни тврдења се родија од чесна борба. Конфликтот беше возбудлив, бунтовнички, мошне занимлив и за тоа време ги стави сите други бучави во тишина. Тоа мора да го направи ова или нема да направи ништо. Ако нема борба не постои ниту напредок. Тие кои што тврдат дека ја фаворизираат слободата, а кои што сè уште ја осудуваат агитацијата се луѓе кои што сакаат плод без да ја обработуваат земјата, тие сакаат дожд без секавици и громови. Тие сакаат океани без ужасниот извик на нивните води. Оваа борба можеби е морална или можеби може да биде физичка а може да биде и двете и морална и физичка, но мора да биде борба. Моќта не признава ништо без побарувања. Никогаш не била таква и никогаш нема ни да биде.**[53]**

Исто така, реформаторите на Конвенцијата Сенека беа целосно свесни дека „влегувајќи во огромната задача која што е пред нас, ние го претчуствуваме тоа дека ќе бидеме погрешно сфатени, погрешно претставени и исмеани.“ Сепак тие продолжија непотклекнувајќи пред стравот и пловејќи со верувањето во исправноста на нивната цел која што беше цел за еднаква слобода за сите човечки суштества.**[54]**

Сите знаеја дека приказната за борбата против човековото ропство не е единствено посветена на Американците, исто така оваа борба беше водена и во другите делови на светот. (Таа борба сѐ уште постои во определени места.) Постепено беше уништувана во едни места, а побрзо во други. Размената на робови а потоа и ропството беа поништени во Британската империја, благодарејќи на штрајковите на потрошувачите на шеќерот кој што бил произведен од страна на робовите и на неуморната агитација на таквите личности како што е Вилијам Вилберфорс, чија што 50 годишна работа во корист на слободата е елегантно претставена во играниот филм *Прекрасна милост*. Други помалку брутални и уништувачки форми на ропство беа исто така покосени од бранот на либертаријанската агитација. Кметството како институција се распадна во Западна Европа, но беше скршено и срамнето со земја во Источна Европа, благодарејќи им на акционите напори на либералните реформатори. Ослободувањето на Евреите од нивниот потчинет статус и нивното влегување во целосни и еднакви граѓански права, исто така беше плод на либералната агитација.

Како што либералната порака продолжи да го чисти светот, променувајќи ги срцата и умовите, покрај неа и многу други долгопостоечки форми на тиранија беа уништени. Верувањето во моќта на слободната размена и пазарот, на пример, го започна развојот на британската лига Анти Корн во раниот деветнаесетти век кој што успеа со аболицијата на тарифите кои ја држеа цената на пченката во Британија многу висока. Со блокирањето на, (или оданочувајќи го со повисоки стапки) странскиот увоз, тие

закони создадоа политички бенефиции поврзувајќи ги производителите на жито на сметка на сиромашните во Британија, кои тогаш го трошеа поголемиот дел од увозот на храна. Законите за пченка беа, како што големиот Ричард Копден кажал, одговорни за „општиот стрес ... што се проширил низ целата држава“ и во 1849 година тој и неговите колеги кои повеќе од триесет години се бореа за укинување на таквите закони, на крајот сведочеа за триумфот на слободната размена над протекционизмот.**[55]**

Идејата за слобода, без разлика дали е позната како либерализам, класичен либерализам или либертанијанизам или под други имиња, го трансформира нашиот свет. Посебно беше успешна во воведувањето на такви длабоки и трајни промени, бидејќи зависеше, не од анонимни и безначајни спогодби, туку од препознавањето на фактот дека постојат повеќе патишта кои водат кон општествена промена.

На пример, додека некои Американски аболиционисти ја формираа Liberty Party во 1848 година (усвојувајќи ја „Неуставноста на ропството“ од Лисандер Спунер, како нивна лична платформа), други избраа да работат во неизборните реформаторски движења. Тие тврдеа дека било која „политичка реформација треба да биде реализирана со промена на моралната визија на луѓето - но не со обид за да се докаже дека е должност на секој аболицист да биде гласач, туку дека должност е секој гласач да биде аболицист“.**[56]** И покрај фактот дека водечките аболиционисти како Вендел Филипс се исмејувале, „Ние не *играме* политики“, аболиционистите на крајот успеале и морално *и* политички.**[57]** Како и историчарот Луис Менанд што забележал, „Аболиционистите не се неполитички. Отфрлувањето на политиката е тајната на нивната политика.“**[58]**

Институционалните и политичките промени се застрашувачки, но тие се неопходни за да се искуси слободата. Неправедните закони мора да бидат укинати и ропството поништено за човештвото да биде слободно. Овие

промени се и причината и ефектот од промените во умовите на луѓето; промени во тоа како тие размислуваат, но исто така и промени во тоа како тие ќе дејствуваат. Либертаријанците можат да се фокусираат на промена на идеите, или промена на правото, или промена на институциите, или промена на некои други елементи на општеството. Не постои единствен начин за унапредување на слободата; постојат повеќе начини како што постојат повеќе човечки способности, интереси и страсти. Промената на перцепциите може да има енормно влијание врз институциите. Променетата на перцепција на робовите – „Зар не сум јас и маж и брат?“ беше мотото на големиот претприемач Џошај Вежвуд, познатиот камеја кој ја промовираше аболиционистичката кауза, која имаше свое влијание. Променетата перцепција на геј популацијата во САД во последните години беше од помош за големи промени, прво во приватниот сектор, каде фирмите воведоа политики, за да ги привлечат и да ги задржат геј вработените, и потоа во политичкиот сектор, како држава која декриминализира врски од ист пол (тешко е да се замисли дека луѓето беа со години затворани поради љубов кон друга личност). Врховниот суд на САД ги декларира „Законите за содомија“ како неуставни повреди на слободата и државите започнаа да воспоставуваат еднакви права за брак на хомосексуалците.

За да се вратиме на дефинитивната причина за укинување на ропството, паметно е да се запамети дека аболиционистите не ја прифаќаат нивната кауза со цел да бидат контрадикторни на другите сфаќања. Тие знаеа дека борбата ќе биде долга и тешка, и тие трезвено ќе воспоставуваат морално убедување, социјална едукација, политичка агитација и многу други техники за да се отстрани ропството, а потоа и со проблемот на потчинувањето на жената. Многу од овие реформи започнаа кога тие биле млади и не дозволиле својатата визија за слобода и праведна иднина да изблeде од конформизам, или со „практичност”, со лажни повици на псевдо-реализмот кој инсистира на тоа

дека сите се заедно ако одат заедно, дека еден ако се откажи од сонот на правдата и слободата во полза на практичен бизнис за вработување, добра позиција на универзитетот, позиција во владата или во црквата, во најмала рака ќе чини избегнување на погледите од неправдата. Очите им беа отворени на оние кои ги преземаа задачите за укинувањето на ропството. Видоа што беше дадено за нив. И одбија да го прифатат тоа. Ние сме корисниците на нивната визија.

Филозофијата за слободата е поткрепена со знаење дека неправдите на денешнината не треба да се продолжуваат и во иднина. Културите можат да се променат. Идеите можат да се променат. Политиките и институциите можат да се променат. Тоа е она што ги обединува класичните либерали од далечното минато со младите либертаријанци на денешнината. Тоа е енергијата на младите, споена со интелектуалните расудувања кон ветувањата и императивот на индивидуалните човекови слободи, потикнати од страста да ја видат неправдата уништена. Тоа е моќна комбинација, навистина. Младите либертаријанци денес го следат патот по кој чекореа либертаријаните од минатото. Ние наследивме многу, ама работата е далеку од завршена. Секој закон денес кој поставува бариери во однос на доброволните трансакции и ограничувања на непречената слобода на мислата и изразувањето треба да биде укинат и секој акт на кражби, присилување и насилството треба да биде спречен. На ред е нашата генерација да го следи патот, како што нашите предци тоа го направија за нас. Состојбата на status quo не може и нема да биде status quo за секогаш; промените се природна работа. Иднината пред нас е иднина која ние одбираме како да ја креираме. Претходната генерација се мобилизираа да и се спротивстави на војната и да се спротивстави на злото на расната сегрегација, движења олицетворено во гласот на Боб Дилан во неговиот текст „Вашиот стар пат брзо стареe / Ве молам префрелете се на новиот/ Ако неможете одговорете со помош / За времињата кои се менуват”.**[59]**

Со таква решителност 25 годишниот Вилијам Лојд Герисон смело ја започна неговата публикација The Liberator:

> Ќе биде сурово како вистина и бескомпромисно како правда. На оваа тема, не сакам да размислувам, или да зборувам, или пишувам со умереност. Не! Не! Кажи му на човекот чија куќа е во пламен да си постави противпожарен аларм; кажи му нему да ја спаси неговата жена од рацете на заведувачот; кажи и на мајката постепено да го извлече нејзиното бебе од огнот во кој е фрлено; – но не предизвикувај ме да ја користам оваа мерка како причина во денешницата.
> Јас сум искрен - Јас не заобиколувам – Јас не се извинувам - Јас нема да повлечам ни еден инч - И ЈАС ЌЕ БИДАМ СЛУШНАТ! **[60]**

Ние, Студентите за слобода сме аболиционисти. И ние ќе бидеме слушнати.

# 6

## Политичкиот принцип на слободата

*Александер Мек Кобин*

*Политичката теорија или идеологијата имаат три компоненти: оправданост, прицици и политика. Либертаријанизмот е ситуиран на нивό на принципи, кои дозволуваат либертаријанците да се провлекуваат низ широк спектар на филозофски традиции, религии и начини на живот.*
*Александер МекКобин, претседател и ко – основачот на Студенти за слобода и докторант на филозофија на Универзитетот во Џорџтаун, кажува како и зошто либертаријанизмот има универзална привлечност.*

Што е либертаријанизам? И што не е? Дали е сеопфатен филозофски систем кој ни ја покажува смислата на егзистенцијата, на вистината, на уметноста или на животот? Дали е всушност морална филозофија за тоа како да се води подобар живот? Или пак е политичка филозофија која прави да е возможна коегзистенцијата од повеќе филозофии на животот и моралот, структура на доброволна социјална интеграција? И оние кои го прифаќаат либертаријанизмот и оние кои не го прифаќаат, би имале корист од некои појаснувања за тоа што значи овај термин.

За да се упрости, либертаријанизмот е политичка филозофија на која приоритет ѝ е принципот на слободата.

Со едноставен речник кажано, можеш да бидеш либертаријанец и хинду, Христијанин, Евреин, Будист, агностик, атеист или следбеник на било која религија, толку долго колку што ќе ги почитуваш еднаквите права на другите. Можеш да сакаш хип хоп, концертите од Рахмањинов, Реге, Брамс, кинеска опера или било кој друг тип на музика или пак ниту една од нив. Може да се оди и

натаму со примери, но овие треба да бидат доволни. Либертаријанизмот не е филозофија на животот или љубовта или метафизиката, религија или уметност или вредност, иако е со сигурност компатибилна со бесконечен избор на такви филозофии.

Па што е тогаш политичка филозофија? Политичката филозофија има три компоненти: оправданост, принципи и политика. Оправданоста за политичката филозофија е стандард кој е употребен како поткрепа за оние кои веруваат; кое може да значи остварување на најголемото добро за најголем број, почитување на автономијата на нашите соработници, правичноста во дистрибуцијата на товарот и бенефициите, или нешто друго. Принципите се апстракни изјави кои наведуваат како тие оправдани верувања се реализирани. Политиката е практична примена на оние принципи на конкретни, реални проблеми. Во секојдневниот политички живот, политиката е центар на дискусија и загриженост, дебатирање со прашања како што се: „Дали треба да се подигнат (или намалат) даноците?“, „Дали треба да стапиме во војна со друга држава?“, „Дали треба употребувањето на марихуана да биде забрането?“

Принципите кои лежат во основата на една политичка позиција некогаш се откриваат кога луѓето ќе прашаат: „Дали треба да се грижиме повеќе за следење на Уставот или да им помогнеме на оние кои имаат потреба?“ Прашањата како овие, понекогаш ги откриваат принципите кои на луѓето им се приоритет и кои се основа на нивните ставови за политиката. Оправданоста на овие принципи е вообичаено резервирана за филозофски комуникации кога луѓето прашуваат прашања како: „Дали треба да се преферира слобода или еднаквост?“ и „Од која позиција ние ќе одлучуваме помеѓу уставот и потребите на сиромашните?“

*Либертаријанизмот* не е сеопфатна политичка филозофија која нуди дефинитивно упатство за сите прашања, од оправданост до политички прописи. Либертаријанизмот е дефиниран како филозофија на која приоритет и е принципот на слободата. Тој принип може да

биде оправдан од различни луѓе на различни начини. (Всушнпост принципот на слободата може да е – и често пати е - оправдан од повеќе стандарди; може да биде оправдан на основа на почитувањето на автономијата и на основа на генерирање на распространет просперитет. Нема потреба од избор кое е вистинското оправдување ако и двете се спојуваат на истиот принцип.) Покрај тоа, апликативноста на принципот на слободата во политичките прашања може да доведе до дебати и несогласувања, зависно од една проценка на околностите, од фактите на случајот итн.

Треба да се нагласи дека посветеноста на политичкиот принцип на слободата не бара од ниеден либертаријанец да го подржува или критикува тоа, што луѓето прават со нивната слобода. Некој може да го осудуваат за срамно, неморално, грубо или несовесно однесување, притоа бранејќи го таквото неговото право да се однесува на тој начин, се разбира, додека таквото однесување не ги повредува правата на другите.

## Политичкиот принцип на слободата

Заложбите на либертаријанизмот се ограничени на нивó на принципи. Поточно, либертаријанизмот се залага за принципот за пресумпција на слободата: сите лица треба да бидат слободни да прават тоа што го посакуваат со своите животи и права, освен ако не постои оправдана причина (повреда на еднаквите права на другите) да ги спречи во тоа. Секое човечко суштество има право на слобода. Поддржувачите на останатите политички филозофии основата на нивните политички препораки ја базираат на други принципи како:

- Братство - Принципот дека луѓето треба да бидат одговорни за животот на другите и
- Еднаквост во резултатите - Принципот дека луѓето треба да завршат на слични позиции, со слични производи, нивóа на јавни услуги или некој друг посакуван исход. **[45]**

Некои може да прашаат: Дали постои подобар начин да се артикулира принципот на слободата? Можеби. Мотото на Като институтот е „индивидуална слобода, ограничена влада, слободен пазар и мир“. Дали е тоа најдобриот начин да се опише принципот на слободата, или е погрешно истиот принцип да се подели на неколку различни области како на пример „слободен пазар“ и „мирот“, или дали би можел принципот да се разгледува од различни аспекти? Најдобрата или најискористена формулација може да зависи од околностите, а со оглед на тоа дека Като институтот е во основа јавна политичка истражувачка институција и таквата формулација за слободата добро функционира за нив.

## Оправданост за слободата

Филозофијата која се заложува за еден принцип или збир на принципи и отфрла други, има потреба од оправдувања за тоа зошто еден е избран, а другите не се. Изборот помеѓу принципите бараат оправдувања. Некои може да тврдат дека „секој човек е сопственик на самиот себеси или самата себеси и на тој начин ги донесува сите одлуки кои се однесуваат на неговото тело и неговата сопственост“, но дури и тоа не само што ќе бара дополнителна дебата (пример што е „сопственоста“ и на кои дела се „однесува“), но во секој случај ќе се појави потреба од подлабоко нивó на оправдување. Без оправданост, тоа е само изјава. Тука е голема разновидноста на оправдувања за принципот на слободата. Со текот на годините, многу од тие кои биле успешни, бранети, дебатирани и критикувани од либертаријанците, продолжуваат да бидат дебатирани и денес. Тука се наведени неколку, и секое од нив е проследено од посебни мислители, кои ја оправдуваат слободата пренствено и најмалку врз основа на:

- Корисност - Слободата треба да биде принцип на политичкиот живот бидејќи го креира најголемиот број добра за најголем број на луѓе (Џереми Бентам);

- Автономија - Ограничена влада и почитување на еднаквите права се соодветна рамка за почитувањето на автономијата на моралните агенти (Роберт Нозик);
- Рационална потрага по сопствената среќа – Слободата е услов за потрага по среќата во согласност со човековата природа (Ајн Ренд);
- Природни права - Слободата е карактеристика на човековата природа како суштество кое е самоуверено и општествено (Џон Лок);
- Откровение - Слободата е дар од Бога и според тоа никој нема право да го земе од самиот себе или да го земе од друг она со кое ние сме обдарени од Бог (Џон Лок и Томас Џеферсон);
- Сочувство - Слободата се јавува како „едноставен систем“ кој соодвествува со човековата способност да се постави себе си на местото на другиот (Адам Смит):
- Договор - Принципот на слободата е оправдан како потребен исход од повеќе договори помеѓу рационални агенти (Џан Нервесон);
- Скромност - Слободата е оправдана како принцип на политичка организација, бидејќи никој не може да знае што им е потребно за да ги насочува животите на другите (Ф. А. Хајек) и
- Правичност - Слободата е оправдана бидејќи е најефективно средство од кое може да извлечат корист и најмалку богатите во општеството (Џон Томаси)

Запомнете дека ова не е најисцрпната листа. Натаму некој може да се потпира и на повеќе од едно оправдување за политичкиот принцип. Клучната точка е тоа, иако либертаријанизмот не треба да се потпира исклучиво на некое посебно оправдување, сепак, нема важност без

оправдувања. Либертаријанизмот не е основан врз некое посебно оправдување за принципот на слободата.

Принципот на слободата обезбедува водење на човековото однесување, но не е самооправдувачки принцип. Додека либертаријанизмот не е комплетна политичка филозофија, поединците можат да го прифатат либертаријанизмот поради нивната посветенот за подлабоки вредности, како човеков процут, автономија, разум, среќа, верски заповеди, сочувство или правичност.

## Еден принцип, различни политики

Слично, тука може да има различни оправдувања за принципот, тука може да има разлики помеѓу либертаријанците за тоа како ќе го применат принципот на слободата. Има отворени дебати и многу теми, вклучувајќи патенти и авторски права (сопственоста базирана на креативноста или подршка на владата за монополизација?), смртната казна за осудени убијци (редистрибуција на правда или опасна моќ?), абортус (спорно прашање во зависност од тоа дали некој верува дека тука се вклучени двајца кои поседуваат морални права, или само еден), даноците (тоа е само кражба или некои даноци се плаќаат автентично за колективни добра, како одбрана, легитимни трошоци за услуги?) надворешна и воена политика (сите либерали се согласуваат дека има пресумција против војна, но има несогласувања околу тоа кој би бил аргументот за оправдување на воената сила?) па дури и хомосексуалните бракови (треба државата да ја запре дискриминацијата против геј паровите или треба едноставно да ги исфрли целосно од сферата на бракот, оставајќи го на договорното право?). Одговорните луѓе сигурно може да направат разлика и да одлучат како да го применуваат принципот.

Тоа не значи дека нема либертаријански политики. Законите против убиствата, ропството, силувањето, кражбата се фундаменти на било кој правен систем; тие дури треба да бидат применувани и против власта. Сепак, често

пати не е јасно, што одредени политики бараат од спроведувањето на таквите општи закони. Тука повторно одговорните луѓе можат да направат разлика. Соодветните постапки кои ги прават властите или граѓаните кои што можат да ги заштитат граѓаните и нивните фамилии од насилство, на пример, се предмет на дебата.

Половичните мерки се исто така важни за дебата. На пример: треба либертаријанците да ја подржат декриминализацијата на марихуаната употребена за медицински цели, иако доследната примена на принципот на слободата ќе ја декриминализира марихуаната без ограничувања за нејзина примена? Тоа е надвор од принципот или е чекор кон подобра слобода? Одговорните луѓе можат да направат разлика.

## Разлика меѓу етиката и политиката

Либертаријанизмот е политичка, а не етичка филозофија. Етиката се грижи, се занимава со правилното или доброто затоа што тоа е правилно или добро. Се обидува да идентификува што е правилно или добро само по себе. За разлика од ова, политичката филозофија се занимава со друга област на човековото однесување. Политичката филозофија се занимава со точните видови на врските кои ги воспоставуваат луѓето помеѓу себе. Има значајно преклопување помеѓу овие филозофски области затоа што двете опишуваат видови на однесување и определуваат како луѓето да постапуваат кога влегуваат во меѓусебна интеракција. Во секој случај тие се поделени, според оправданоста која ја понудуваат за тоа како индивидуите треба да го следат кодот на однесување.

Етичките акции се оправдани онаму каде што агентот прави нешто затоа што е морално суштество. Неговата морална едукација го води неговото однесување кон она што е правилно. Етиката започнува од индивидуалниот морален агент и прашува: „Каков треба да биде индивидуалниот акт *ако тој/таа е морален агент*?“ Кодот на однесувањето во

политичката филозофија, сепак е оправдан во случајот каде што агентот мора да ги почитува другите индивидуи како останати морални агенти. Тоа е социјална филозофија која има за цел да покаже како луѓето треба да се третираат еден со друг од песпектива на меѓусебната интеракција. Се поставува прашањето „Каков треба да биде еден индивидуален акт кога *тој/таа е во интеракција со други индивидуи*?".

Со други зборови - потеклото на моралот е самиот тој: како треба луѓето да се однесуваат затоа што тие самите се човечки суштества? Потеклото на политичката филозофија е друго: Барањето да се третираат правилно луѓето затоа што сите се човечки суштества.

Тоа не значи дека етичкото сфаќање го исклучува однесувањето на другите од кодексот на однесување. За да се определи што е етичко дејство во многу ситуации, ние мора да имаме предвид како нашите дејства влијаат врз другите или да ги присвоиме целите на другите лица и да ги сметаме како свои. Сепак, во фокусот на интересот е сè уште моралната едукација на „актерот". Начинот на кој што ние се грижиме за индивдуите е етички начин кој нив ги согледува како дел од нашата сопствена морална едукација. Во спротивно начинот на којшто ние се грижиме за индивидуите во согласност со политичката филозофија е да ги согледаме нив како одделни морални агенти кои заслужуваат почит и на тој начин се бара поставување на ограничувања во нашата едукација на начин кој ќе ги почитува нив.

Откако повеќето човечки активности вклучуваат меѓусебна интеракција, етичките и политичките правила можат да бидат применети во исти ситуации кои што понекогаш ги наведува луѓето да ги помешаат, политичката филозофија и етиката. Понекогаш некои луѓе се обидуваат да го преточат моралот во закон, затоа што тие веруваат дека ако е некој неморален, очигледно е дека треба да биде незаконит (во спротивност со законот, заб. на прев.). Ако луѓето не треба да го прават тоа, тогаш некој треба да ги

спречи. Заедничка одговорност е да се речи: „луѓето имаат различен морал и тие не треба да го наметнуваат нивниот морал врз другите.“ Иако не е тоа неопходно, сепак со прифаќањето на моралниот релативизам („мојата моралност“ е добра и важна како и „твојата моралност“) ја прифаќаме и слободата. Всушност, таков релативизам би бил многу слаба основа за слободата, зашто ако таквите побарувања се добри како и останатите, тогаш зошто би била слободата подобра од принудата?

Варијантите на тој аргумент се, додека можеби има универзален морал кој што е применлив на сите, но никој не знае каков е и е надвор од нашето непознавање на правилниот морал, ние не треба да го преточиме моралот во закон. Како посилен аргумент од морално релативниот споменат погоре, овој аргумент сè уште ја прифаќа идејата дека „озаконувањето на моралноста“ би било легитимно, ако ние едноставно определиме што точно е моралот. Дури и кога би прифатиле дека постои единствен, универзален морал и да претпоставиме дека е широко познат и прифатен, озаконувањето на моралот низ политичките институции сè уште би било нелегитимно, зашто моралот се занимава со различен дел од човековото искуство отколку политичката филозофија. *Моралноста ни помага, се надевам, да достигнеме подобар живот. Правото ни помага да живееме праведно со другите.*

Некои тврдења, кои што политичката филозофија не ја сместуваат во одредена етика, немаат оправдување. Но да се потсетиме дека принципот кој што ја претставува политичката филозофија е половичен. Тоа сè уште има оправдување (или можеби повеќе оправдувања), но ниеден не е ставен во принципите на либертаријанизмот. Како што е посочено погоре, луѓето со различни оправдувања сè уште можат да се согласат за заедничките принципи. Во овој случај, толеранцијата на таквите разлики е применување на принципот на слободата, кој што дозволува различни етички погледи и однесувања, се додека истите права се подеднакво уживани од сите. Во повеќе ситуации моралот и политичката

филозофија можат навистина да опишат исто однесување: убивање, силување и крадење се сигурно неморални и тие се соддветно санкционирани од страна на правото. Но исто така има случаи каде што моралноста може да бара или забранува акт за кој политичката филозофија молчи. Може да биде така што моралноста бара да го сакаш твојот сосед како брат или сестра, но политичката филозофија - најмалку либертаријанската политичка филзофија - не го бара тоа. Како што и преподобниот Св.Тома Аквински тврдел: *„човечкото овоземско право е врамено за голем број човечки суштества, од кои мнозинството не се совршени во доблеста.“* Затоа човековото право не ги забранува сите пороци од кои доблеста се воздржува, туку само тешките пороци од кои е возможно мнозинството да апстинира; и воглавно оние кои ги повредуваат другите, без чија забрана човечкото општество не може да се одржи; така човековото право забранува убиство, кражба и сл.**[46]** Има многу работи кои луѓето ги сметаат како непристојни, аморални дури и пороци од перспектива на етиката, но од перспектива на политичката филозофија тие спаѓаат во дозволени. Прашањето со кое разграничуваме дали нештото е легитимно или забрането со право е: дали тоа дејство ги нарушува правата на другите?

## Заклучок

Либертаријанците вклучуваат луѓе од различни религии, вери, атеисти, припадници на различни филозофии, членови на многу јазични и етнички групи, но сите тие се обединети околу заедничкиот принцип на слободата. Тие може да се разидуваат на одредена примена на принципите, несогласувања за релевантни факти и дури како последица, тие понекогаш самите се наоѓаат на спротивни страни за одредени прашања и проблеми низ кои ги опишуваат истите принципи на слободата. Принципите ги обединуваат нив кога тие започнуваат кампања за елиминирање на казнените закони, кои се однесуваат на казнените дела без жртви

„спротивставување на тиранијата“, бранење на слободата на трговија и претприемништво, спротивставување на насилството и поддршка на слободата за сите.

Ги поканувам оние кои се согласуваат со политичките принципи на слободата да ги истражите и проучите либертаријанските идеи, посериозно, да читате за нив, да мислите на нив, да дискутирате за нив, да дебатирате за нив, да ги споредувате со други политички филозофии, накратко - да го користите вашиот ум. Поддршка за принципите на слободата е да бидете либертаријанци. Една причина на личноста за поддршка на овие принципи, може да биде различна од причината на другите либертаријанци; тоа е една од причините по кои либертаријанизмот се разликува од повеќето други политички филозофии, затоа што не бара едногласност за основите, само согласност за тоа дека секоја личност има еднакво право на слобода. Еден либертаријанец може да не се согласи со друг околу најсоодветните политички сфаќања преку кои треба да му ги покажат на светот ваквите најчести принципи. Тоа е политичкиот принцип на слободата кој што ја дефинира филозофијата на либертаријанизмот и ги врзува либертаријанците заедно. Тоа е сè, но тоа е доволно.

# 7

## Без слобода нема уметност: без уметност нема слобода

*Сара Шкваjр*

*Слободата е важна за уметноста со која меѓусебно често се поддржуват, според тоа и уметноста е исто така важна за слободата.Уметноста ги нарушува старите модели и нè тера да мислиме. Уметноста е невозможна без слободата, но и слободата е невозможна без уметноста. Сара Шкваjр е соработник во Либерти фонд и е автор на популарното „факултетско“ пишување на книги; пишување со тези. Таа се стекнува со титулата доктор по Англиски јазик на Универзитетот во Чикаго.*

Во 380 г.п.н.е, Платон тврдел дека поетите биле преопасни за да им се дозволи да живеат во нивната идеална република.

Во 8 г. Овидиј бил протеран од Рим поради тоа што тој го рекол било „поема и грешка“.

Во 722 г. јапонскиот поет Асомију Хозуми бил протеран на островот Садо поради критикување на царот.

Во 1462 г. владата на Оливер Кромвел наредува да се затворат сите театри во Лондон.

Во 1815 г. Гоја бил изведен пред инквизицијата која што барала да дознае кој ја нарачал неговата слика „Голата Маја”. Кратко потоа тој ја загубил позицијата на сликар во Шпанскиот кралски двор.

Во 2012 г. Рускиот панк бенд *Pussy Riot* беа уапсени и осудени на двегодишна казна поради изведување на антивладина песна во катедрала.

Да се биде уметник секогаш значи да се биде застрашувачки ранлив од контролирачката рака на државата. Сталиновата „голема чистка“ во 1920-тите и 1930-тите

затвори 2000 писатели, уметници и интелектуалци. Приближно 1500 од нив умреа во затвор. Хитлеровата национал-социјалистичка влада ја презеде контролата над уметноста преку Министерството за пропаганда во 1933 г. и концентрационите логори кои беа создавани специјално за да се затвораат и убиваат уметници и интелектуалци. И сè уште не знаеме колку уметници умреа, исчезнаа и колку од нивните дела беа уништени за време на изгубената декада (1966-1976) на Маовата културна револуција.

Оние од нас кои го имаат задоволството да создаваат уметност во слободата на дваесет и првиот (XXI) век ја имаат среќата да не размислуваат премногу за уметничката слобода. Кога ќе го согледаме тоа, сепак помислуваме дека е тоа естетско прашање, лична креативна слобода да се одбери алатката која ја сакаме и да употребиме стил кој најдлабински зборува за нас. Ние гледаме на уметничката слобода како исполнување на нашите желби, да направиме слики какви што сакаме и да употребиме зборови какви што сакаме без да бидеме попречувани во стилските насоки. (Како што сликарот и фотограф Ben Shahn еднаш забележал - оставете ги уметниците да си ги одберат сопствените обележја, уметниците „нема да одберат ништо“). Ние сме доволно запознати со тоа дека во 2001 г. радио-станица била парично казнета со 7000 долари од FCC за пуштање на „Your Revolution Will Not Happen Between These Thighs“ од Сара Џонс. И можеме да се смееме на иронијата на рапот напишан како протест на сексуалната објективизација на жените во хип-хопот карактеризиран со тоа дека содржел „јасни и очигледно навредливи сексуални референци“ кои „изгледаат како да се појавуваат за да предизвикаат шок.“

Ние настојуваме на разрешување на ваквите навидум минорни примери на угнетување. Во дваесет и првиот век во Западната култура, *уметничкото цензурирање е за малоумните кои лесно се шокираат.* Тоа е за оние кои протестираат против Хари Потер врз основа на тоа дека охрабрувал сатанизм, или за оние кои ја создале листата на родителско музичко ресурсниот центар на „Филти фифтин“

рок песни кои се премногу опасни за да ги слушаат децата. Како што драматургот Еуген О'Нил рекол: „Какво и да е цензурирање, во одредено време и на одредено место, на било што да се однесува, секогаш било и ќе биде последното средство на малоумниот и фанатикот“.

И ние го знаеме тоа и се смееме. Но можеби не треба. Малите парични казни и предупредувањата се лесни за да се научи да се живее со нив, но тие исто така може да ги охрабрат уметниците да ја ограничат тематиката и наредно, тоа целосно да се одрази на нивната креативност. И тоа е лесен чекор до некои лоши нешта.

Не треба да заборавиме, затоа што имаме голема уметничка слобода, дека слободата да се креира е кревка слобода. Ние не треба да заборавиме колку сме ранливи. И не треба да заборавиме колку често во текот на историјата уметничката слобода била уништувана.

Заборавањето на сево ова би било трагедија и не само затоа што тоа значи дека ја губиме меморијата за жртвите направени за уметноста и слободата за оние кои биле пред нас; тоа значи и губење од вид на моќта на уметноста која работи за слободата.

Сакам да бидам јасна, кога говорам *за моќта на уметноста која е во служба на слободата,* не мислам само на дидактичната уметност на оние форми на изразување кои експлицитно промовираат слобода или ја доведуваат во прашање моќта на државата. Секако дека тој вид на уметност може да биде енормно афективен и ефективен. Современата улична уметност произведена од уметници како Бенкси, но и музиката на фолк пејачот Френк Тарнер, се добар пример на големото влијание што може да го има таквиот вид на уметност.

Но дури и уметноста која не е создадена со намера за промовирање на слободата е уметност која работи за слободата. Апсењето и судењето на чешкиот рок бенд „The Plastic People of the Universe“ ја поттикна „Кадифената Револуција”, не затоа што нивната музика беше отворено претерано политичка, ами затоа што, како што напишал

Вацлав Хавел: „слободата да се свири рок музика беше сфатена како човечка слобода и на тој начин суштината и е иста како на слободата што е врамена во филозофскиот и политичкиот аспект, слободата да се пишува, слободата на изразување и на одбрана на различните социјални и политички интереси на општеството“. Живеењето во „рамки на вистината“ се испоставува дека е невозможно ако општеството и неговите членови не се слободни да прават уметност.

Членот на Монти Пајтон, Ерик Ајдл помогнал да се објасни зошто е тоа така. „Еден од начините да се измери слободата на некое општество е количеството на комедија која е дозволена, и јасно е дека здравото општество дозволува повеќе сатирични коментари од репресивното општество“ напишал тој. Поради тоа, лесно може да се најде отворено политичко значење во некои од делата на Монти Пајтон – *Животот на Брајан* и *Монти Пајтон и Светиот грал* посебно, а аргументот на Ајдл, говори дека самата креација на комедијата е политички акт, чин што по својата природа работи за слободата. Перот Скеч**,** со самото свое постоење, е голем удар за слободата како и за дебатата околу легитимноста на различните форми на политички власти во *Светиот грал*. „Непочитувањето“ вели Марк Твен „е заштитник на слободата и нејзина сигурна одбрана“.

Уметноста може да биде разрушувачка. Без оглед на тоа која форма ја презела, го присилува набљудувачот, да ги прилагоди старите идеи, да ги преиспита старите согледувања и реформира старите програмирања. Емили Дикинсон рекла, „Ако јас се почувствувам физички како да сум обезглавена, тогаш знам дека е тоа поезија“. Е. Е. Камингс го опишал истото чувство кога напишал дека неговата идеја за поетска техника би можела да биде изразена „во петнаесет зборови со цитирање на Вечното прашање и Бессмртниот одговор на бурлеската, што вели „Дали ти ќе удриш по жена со дете? – Не, ќе ја удрам со тула“. И Маргарет Атвуд го создаде тоа искуство на страна за нејзините читатели во поемата „You Fit Into Me“:

You fit into me
like a hook into an eye

a fish hook
an open eye

Уметноста настанува во моментот кога нашите перцепции ќе се променат. Поинтилистичкото (некои го користат овој назив за нео – импресионизмот, заб. на прев.) сликање гледано од блиску и оддалеку; контрастот помеѓу филмовите на Лоренс Оливер и Кенет Брана за Шекспировиот Хенри V; инсистирањето на Поп-артот за третирање на секојдневните објекти како уметностички производ; тврдењето на Џон Кејџ дека и тишината е музика сама по себе. Уметноста бара ние константно да ги прилагодуваме нашите очекувања и да се преиспитаме што ние мислиме дека знаеме. Искуството на уметноста, како креатор или како публика, не подготвува за едно флексибилно мислење. Тоа е само по себе еден вид на слобода.

Но не е само смислата на слободата која ги придружува нашите естетски одговори, односно дека уметноста ја унапредува слободата. Уметноста има барања. Но не бара, како што ние мислиме - само едно нешто. Ни дава слобода да ја изразиме разноликоста на нашите мислења. Уметноста како слобода, нема трпение за идеологија. Волт Витмен напишал:

Do I contradict myself?
Very well then I contradict myself,
(I am large, I contain multitudes.)

Ралф Валдо Емерсон слично ја набљудува „будалестата конзистентност на малите умови, обожавана од малите чиновничиња, филозофи и божества. Со конзистентноста големите души едноставно нема што да прават“. За многу уметници, идејата за поседување на постојано и конечно

мислење за одреден субјект едноставно нема смисла. Разбирањето се создава низ процес на креативна уметност - се јавува како знаење низ интеракциите на слободното општество како што цените се јавуваат низ интеракциите на слободниот пазар. Грахам Волс, кооснивач на Лондонската школа за економија, еднаш напишал, „малечкото девојче имаше потенцијал на поетеса, им навестуваше да бидат сигурни во нејзиното значење пред да проговори, и рече, „како можам да знам што мислам додека тоа нешто не го кажам?“ Уметноста ни дозволува да одлучиме како да размислуваме, *odi et amo* двете во едно - јас мразам и јас љубам. Ни дава шанса да го прославиме херојството на Хенри V додека ги оплакува трошоците од војната. И ни открива дека повеќе од едно нешто може да биде вистинито во определено време, но може и да има мноштво од перспективи на самата сцена.

Уметноста ни дозволува да имаме идеи за креативна игра. Тоа е еден таков вид на креативна игра, од каде што произлегуваат најголемите иновации. На тоа мисли и научникот Мет Ридли кога вели дека „треба да разбереш како човечките суштества ги сплотуваат заеднички нивните умови и се способни да ги комбинираат и рекомбинираат нивните идеи, да се среќаваат и впрочем да се размножуваат. Со други зборови треба да разбереш како идеите имаат секс“. Ова е еден вид на уметнички и интелектуален слободен простор пофален и од Роналд Реган, кој бил актер долго пред тој да биде политичар - кога рекол дека „во атмосферата на слободата, уметниците и клиентите се слободни да го мислат незамисливото и да создаваат смело, безобрано; тие се слободни да ги направат и двете, и ужасни грешки и славни прослави“.

Такви смели креации - како плодно парење на умови - се случуваат насекаде дури и под најлоши услови. Уметноста се создавала и во најугнетувачките режими и во темните затвори. Музичарот и либертаријанец Линди Вопфјорд рекол, „желбата за слобода е најмоќна сила за создавање на уметник; тоа е затоа што и во најугнетувачките места се

создавани некои од најубавите и најмоќни уметности“. Зачудувачки, но некои тврделе дека постојаната виталност на уметничкиот дух во лице на угнетувањето укажува дека, за најдобра уметност, потребна ти е малку тиранија. Федерико Фелини тврди дека, „ако уметникот го оставите на самиот себе, слободен да прави што сака, ќе заврши со тоа што нема да прави ништо. Ако има само едно нешто што би било опасно за уметникот, тука се појавува и прашањето за тотална слобода, тогаш ја очекува инспирацијата и сè што следува со неа“. Ако уметникот нема нешто против што би протестирал, тогаш што би го поттикнало на креативен импулс?

Тоа е еден поглед. Но, Алберт Ками инсистира на тоа дека секое ограничување мора да биде покренато само од себе. Тој напишал, „без слобода нема уметност; уметноста живее само ако ограничувањата произлегуваат од неа, а умира од сите други“. Правилото што произлегло доброволно како уметнички предизвик, фундаментално се разликува од она што е диктирано однадвор. Китс го создава истиот аргумент во неговата поема, „На сонетата“ кога напишал „ ...ако ние мора да бидеме ограничени / ...ако ние не можеме да дозволиме Музата да биде слободна / таа самата ќе се врзе со венци”. Мора да ја зачуваме нашата уметност и да ја заштитиме од оние кои би наметнале неприфатливи ограничувања на нашата смела креација - без разлика дали тие бараат да се стори тоа за наше добро или за „доброто на општеството“.

Иван Гриориевич, главниот лик во новелата „Тече засекогаш” на рускиот писател Васили Гросман тврди дека залудно е да се мисли за нашата уметничка, општествена и политичка слобода, како да се одделни.

> „Порано мислев дека слободата е само слобода на говор, слобода на печат, слобода на свеста. Но слобода го претставува живеењето, на сите. Тука е она што го изнесува: Ти треба да го имаш правото да посееш што ти е желба, да направиш чевли или палта, да се замеси во леб брашното од житото што

> си го посеал и да го продадеш или не, како што ти е желба; за стругарот, работникот во челичарница и уметникот е важно да се биде во можност да се живее по желба и да се работи како што им е желба, а не како што ќе им наредат. И во нашата држава нема слобода, ниту за оние кои пишуваат книги, ниту за оние кои сеат жито, ниту за оние кои прават чевли“.

Уметниците умирале за нивната потреба од камерата, од четката, од пенкалото, од длетата, од инструментите, од танцувачките чевли кои се користат за создавање на уметност. Останува на нас, тогаш да ги употребиме оние исти алатки и да направиме наша уметност како што ние сакаме и да ја сработиме нашата работа, како што ние сакаме, и да ја направиме возможна уметноста и слободата на другите. Уметноста е родена во слободата, а таа враќа слобода за возврат. Тривијално е и витално, гротескно и убаво. И нема само од себе да нè спаси. Но без него, ние не можеме да бидеме, да постоиме. Уметноста како што Ричард Вилбур рекол, „прашањето е секогаш, моја драга / на живот или смрт, иако сум заборавил на тоа.“

# 8

## Скромноста за слобода

*Ерон Рос Пауел*

*Либертаријанизмот е филозофија со радикални импликации. Тие импликации не се извлечени од тврдењето дека се знае што е најдобро за другите, туку од силната доза на скептицизам за нечие сопствено знаење, што значи способноста на некој да ги води животите на други луѓе. Скромноста како доблест и резултатот на скептичниот став е составен дел на добриот живот и претставува основа за слободата. Ерон Рос Повел е научен соработник во Като институтот и уредник на проектот на иститутот - Libertarianism.org, кој се развива во најголемиот веб портал за стипендии и материјали за либертаријанизмот. Се стекнува со титулата доктор на правни науки на Универзитетот во Денвер.*

Можеби грешам речиси за сè. Работите кои не ги знам ги надминуваат оние што ги знам, до тој степен што моето вистинско знаење изгледа како мала капка во океанот на незнаењето.

Не се срамам да го признаам овој непријатен факт, не заради тоа што би требало да има срам во признавањето на вистината, туку заради тоа што сите други се на истиот брод. Нашата игнорантност - она што не го знаеме - секогаш во голема количина го надминува нашето знаење. Тоа е вистина дури и за најпаметните и најобразованите луѓе.

Признавањето на овој факт всушност треба да нè направи поскромни. И таа скомност, поткрепена со вистинска претстава за тоа како власта функционира, треба да нè направи либертаријанци. Либертаријанизмот е филозофија на скромноста. Тој нè прифаќа такви какви што сме и ни дава слобода да направиме што можеме повеќе за

себе. Тоа е филозофија која разбира колку уништувачки може да бидат човековите неуспеси кога се заедно со принудната сила на власта. Либертаријанизмот ги ограничува владетелите бидејќи сфаќа дека тие се само обични луѓе кои имаат огромна моќ – и штетата која таа моќ може да ја нанесе, која многу често е поголема од доброто кое може да се постигне. Основа на либертаријанизмот е скромноста и не ја толерира ароганцијата на оние кои се сметаат себе си за подобри и помоќни од другите.

Да започнеме со разгледување на тоа што значи да се има скромна претстава за нашите тврдења за знаењето. Секој од нас сигурно знае многу, од тоа што јадевме ова утро до бројот на месечини кои кружат околку Марс. Знаеме дека Џорџ Вашингтон беше прв претседател на САД, дека Борис Елцин беше прв претседател на Руската федерација и дека возењето во пијана состојба е лоша идеја.

Но ако погледнеме на целата интелектуална историја, ќе видиме едно тврдење кое е поништено од друго. Она што беше научна вистина пред 300 години денес е беззначајно. Во еден период, најпаметните сметаа дека може да се разбере и проучи човековиот ум и карактер преку испакнатините на неговата или нејзината глава. (Беше именувано со научниот поим „френологија"). Мудрите и паметните некогаш беа убедени дека Земјата е центарот на Универзумот.

Не е само науката таа која не може еднаш засекогаш да ја утврди вистината. Мудреците имаат несогласувања за длабоки филозофски проблеми откако знаеме за нив. Пред два и пол милениуми, Платон мислеше дека откри што е правда. Многу филозофи до сега не се согласуваа со неговото сфаќање – но ни еден не понудил алтернатива која самата по себе ќе биде силен контра - аргумент.

Треба секогаш да бидеме скептични кога станува збор за апсолутното знаење. Ако сметате дека еден филозофски проблем е решен, тогаш сигурно грешите. Ако сметате дека денешната наука ја има проучено некоја тематика целосно, сигурно за неколку години ќе видите дека тоа не е така. Исто

така, доколку сме скептични за знаењето на човештвото во целина, треба да бидеме поскептични за прокламациите за сигурност изјавени од индивидуални членови на нашиот вид.

Но, сето ова не претставува пречка многумина од нас да се чувствуваат дека нема никаква шанса да грешиме.

За првпат забележав колку е честа интелектуалната ароганцција кога започнав со моите студии. Бев збунет од тоа колку широко моите професори ја гледаа сопствената компетентност и знаење. Доктор на науки за Американски комични филмови во раниот дваести век сметал дека е квалификуван да ја критикува најсовремената техника за истражување во физиката и да им предава на своите студенти за тоа кои типови на рак треба да добијат најмногу финансиски средства. Тоа се случува и надвор од универзитетот, особено во политиката. Колку американци гледаат во фантастичната комплексност на нашиот здравствен систем и велат „Јас знам како да се реши тоа“? Колку гласачи без основно познавање од економијата мислат дека е очигледно кои предлозите на кој кандидат ќе бидат успешни? Потребно е малку труд за да се признае дека можеби грешиме за нештата за кои мислиме дека имаме добра основа да ги сметаме за точни. Но во најмала рака, треба да биде полесно да се препознае кога ние навистина не знаеме ништо за одредена тематика.

Натаму, многу од нас не се адекватно скептични во врска со преминот од познавање на фактите до знаење за вредностите. На пример нутриционистите. Тие веруваат дека тие знаат која храна е здрава, односно, која храна нам ни дава најмногу хранливи состојки со најмалку штетни работи. Ако ние ја конзумираме супстанцата X, ќе го добиеме резултатот Y. (Се разбира, дури и ова знаење драматично се има променето во текот на годините). Но забележувате дека тоа „е“ не нè однесе до „треба“. Што е здраво е сосема друго прашање од тоа што треба да јадиме.

Јас можам да препознаам дека пржените компири не се здрави колку варената брокула, а сепак да бидам во право дека треба да јадам пржени компири за вечера. Тоа е така

бидејќи тоа што треба да го јадам не секогаш значи истото што е здраво за мене. „Треба“ може да се вклучи во други вредности, како задоволството кое го добивам, варијациите на цените на алтернативите итн. Исхраната зборува за вредноста (што е здраво), но не кажува ништо повеќе.

Соодветен скептицизам се однесува како на другите така и на нас. Јас треба да бидам скептичен за твоите тврдења со апсолутна сигурност, и исто така треба да сум скептичен за веродостојноста на моите.

Таков скептицизам, се разбира, не треба да нè натера да се откажеме од сите тврдења за знање. Но треба да не води да прифатиме скромен став. Знаејќи дека и другите се соочуваат со истите потешкотии во утврдувањето на вистината, треба да очекуваме и скромност од нив.

Ова е таму каде што скромноста нè води во насока на либертаријанизмот. Ако ние го прифатиме легитимниот скептицизам за нашето знаење и за вистината и за вредностите, тогаш треба да се двоумиме пред да ги нападнеме луѓето кои можеби не се согласуваат со нас да живеат според нашите убедувања.

Зошто? Секоја политика може на крајот да биде лоша или неефективна, но нели можеме да се вратиме и да ја поправиме? И кои се тие придобивки што ќе се добијат со тоа што светот ќе се направи подобро место со угнетувањето на другите, или преку наша_директна употреба на сила или преку државните дејствија, дури и ако тоа значи повремено правење лоши работи врз други луѓе? Ако ние сме сигурни дека нашите вредности се коректни и нашите факти ги поткрепуваат, тогаш што има лошо во тоа да се користи политиката да се направи сите да се усогласат?

За да покажеме што е погрешно во ваквото размислување, може да помогне размислувањето за целта на животот. Старогрчкиот филозоф Аристотел веруваше дека единствено што се очекува од него за негово добро е да постигне еудемонија – најчесто преведено како „среќа“.

Аристотел веруваше дека еудемонија не е нешто што се наоѓа во дискретни моменти на задоволство или болка (она

што ние го мислиме кога ќе кажеме „Среќен сум“), туку се наоѓа само во проценка на животот сфатен како целина. На крајот од животот, погледнуваме наназад и се прашуваме „Дали беше добро?“. Кога ќе дојде време за тоа, треба да имаме можност да одговориме „да“ на тоа прашање бидејќи тоа е поврзано со сè она што сме и со секоја причина која ја имаме за постоење.

Аристотел имаше своја идеа за најдобриот живот, животот кој манифестира еудемонија на највисоко нивó. Аристотел сметаше дека тоа значи живеење во согласност со она што е уникатно за човекот: нашиот капацитет на расудување. Според тоа најдобар живот е оној кој се поминува во размислување, проценување. Можеби не е изненадувачки тоа што еден од најголемите филозофи мислеше дека среќата е најважна за животот.

За Аристотел така и беше. Но како што треба да ја препознаеме границата на нашето знаење за надворешниот свет, исто така треба да бидеме скромни во нашите барања, создавајќи го рецептот за добар живот. Среќата за мене можеби не е истото што е среќата за вас. Не постои генеричко „човечко суштество“ кое е среќно, туку билиони различни човекови суштества. Среќата може да биде пронајдена во некаква причина, но исто така може да доаѓа преку одгледување на деца, создавање на некоја уметност, создавање на успешен бизнис, постанување врвен спортист или со помагање на беспомошните. И ако добриот живот за секоја индивидуа е поврзан со специфичните карактеристики на нивните животи, тогаш и двете се пат за остварување на тоа. Што правам јас за да го направам мојот живот добар, варира од начинот на кој тоа се прави – не само во целите кон кои секој од нас се стреми туку и во начините со кои потврдуваме дека нашата цел е вистинита.

Иако Аристотел можеби грешел за одредени детали, јас мислам дека бил во право за пошироката слика. Повеќето луѓе сакаат да живеат добар живот, задоволителни животи – и би можеле да кажеме дека добар живот е животот кој се живее во потрага по добар живот. Или како што основачите

на Америка напишаа во Декларацијата за независност, *животот е „стремеж кон среќата“.* Нашите стремежи можат да имаат различни патишта во зависност од околностите во кои се наоѓаме, од нашите интереси и нашите вредности. Но сепак, најважен е стремежот.

Меѓусебно почитување – признавање на меѓусебното достоинство како самоводечко (она што филозофите го нарекуваат „аутономус“) егзистирање – значи почитување на различните форми на таа потрага. Тоа значи дека не треба меѓусебно да се спречуваме во нашата потрага по среќата – и да го признаваме правото секој од нас да го избере својот пат.

Дојдов до заклучок дека тоа задолжително повлекува со себе држава која е радикално ограничена, секако споредена со денешните држави кои постојат во светот. За да разбереме зошто е тоа така, потребно е да имаме реалистички поглед кон тоа како работат владите.

Во нивните приватни животи луѓето често се однесуваат лошо или се стремат да ги остварат своите себични интереси, дури и кога тоа значи дека ќе му се наштети на некого. Понекогаш повредуваат други луѓе од задоволство. Џепарошите крадат од странци, постарите луѓе се жртви на измамниците и сл. Многу луѓе, мислејќи на владата, претпоставуваат дека тие несакани својства исчезнуваат кога некој ќе стапи на јавна должност. Политичарите ја напуштаат себичноста и се мотивирани само од желбата да го промовираат јавното добро.

Ова, секако, звучи смешно. Луѓето остануваат тоа што се дури и кога ќе им бидат дадени некои звучни титули и моќ врз животите на другите. Да се биде политичар или бирократ не те прави повеќе информиран или подобар од останатите. Постои група на мислители кои имаат реалистички пристап кон разбирањето на власта, дека луѓето не ја менуваат својата природа кога ќе влезат во владата. Тие само ги менуваат институционалните предизвици со кои се соочуваат, бидејќи тие имаат моќ која на нас останатите ни недостасува. Нивното учење се нарекува „избор на јавноста“.

Изборот на јавноста ни укажува на тоа дека политичарите и државните функционери го користат своето знаење со цел да ги донесат најдобрите одлуки, притоа „најдобри“ се оние кои се продукт на нивното расудување и се разбира нивните интереси. Тие интереси вклучуваат пари и слава, но најчесто целта е да останат на власт.

Резултатот е дека политиката често значи помош на најгласните, на луѓето највидливи за политичарите и тоа на сметка на сите други. Тоа е причината зошто државата воведува и одржува такви навистина лоши политики, како што се земјоделските субвенции со што се подигнува цената на храната и доведува до непотребно трошење на средствата. Само неколку политичари навистина сакаат лоши политики. Всушност, за тоа тие се мотивирани од луѓето кои се појавуваат во тој момент: земјоделците кои имаат корист од ваквите политики. Тоа е така бидејќи тие не можат директно да ги увидат негативните ефекти кои ваквите закони и регулативи ги имаат врз останатите (повисоки цени на храната, намалена разновидност и сл.), па затоа продолжуваат да ги подржуваат овие политики, кои за другите би било подобро да не се спроведуваат.

Покрај тоа, дури и оние кои често се засегнати од овие политики не се свесни за штетата која им е предизвикана. Но, цената да се информираат сите е многу висока, и сите да донираме средства цената ќе биде повторно превисока, дури и тоа да значи укинување на сите тие лоши политики. Па затоа продолжуваме да бидеме она што економистите го нарекуваат „рационално неуки“ и бидејќи остануваме неуки за товарот кој овие политики ни го наметнуваат, не сме во можност да ги информираме политичарите за кои ние гласаме.

Важно е да се препознае дека ова не е резултат на тоа дека имаме „погрешни“ луѓе во власта. Тоа не е нешто што може да се поправи со избор на подобри лидери. Тоа е само начинот на кој владата работи кога преминува одредени тесни граници. Друг факт за тоа како владата ја загрозува скромноста – тоа е опфатот врз кој се протегаат одлуките.

Замислете дека јас имам одредени вредности кога е во прашање образованието на децата и дека имам одредени замисли за најдобриот начин на кој ќе се оставаруваат тие вредности. Ако не раководам со државата, мојот дофат ќе се протега само врз моите деца или и врз децата чии родители доброволно сакаат да учествуваат во мојата програма.

Но, ако успеам државата да ги поддржи моите вредности и верувања, ќе можам да го проширам мојот опфат врз децата во мојот град или во мојот регион дури и врз децата во целата држава. Луѓето не би имале друг избор освен да ги воспитуваат децата во согласност со образовните вредности кои јас ги преферирам.

Ако сме добри скептици, ова многу ќе нѐ загрижи, бидејќи верувањата за најдобриот начин да се образуваат децата може на крајот да се покаже дека е погрешен, а во ваков случај нема да бидат оштетени само неколку деца, туку сите деца во државата. А што ако родителите не се согласуваат со „најдоброто“, што и најчесто се случува? Што ако тие едноставно имаат различни вредности кога е во прашање образованието? Држава без соодветни граници на моќ нѐ присилува да го прифатиме пристапот „една големина одговара на сите“, тоа е оној пристап кој претпоставува дека одредена личност или група, со сигурност знаат што е најдобро за сите. Треба да бидеме скептични кога станува збор за вакви трвдења. На сите ни е потребна добра доза на скромност.

Па, кои се тие граници на власта? Како би изгледала државата која се базира на соодветно нивó на скептицизам? Ќе биде ограничена во обезбедување на средина, во која нејзините граѓани слободни се за да се стремат кон остварување на добар живот онаков како што секој од нив го разбира.

Ние не можеме значајно да го остваруваме доброто кога сме под постојана закана од насилство, па затоа државата треба да нѐ заштити од другите кои сакаат да ни наштетат. Исто така не можеме да се стекнеме и максимално да ги искористиме изворите кои ни се потребни за да живееме

добар живот ако не сме сигурни во нашите имоти, па затоа државата треба да ја ограничи кражбата, и да бара од крадците да ни дадат компензација за кражбите кои настанале.

Кога државата ги прави овие работи, кога нè заштитува од насилство, измама и кражби, тогаш ја извршува улогата за ослободување на сите граѓани да го остваруваат добриот живот на личен и уникатен начин во согласност со нивните вредности.

Кога државата прави повеќе, кога зема средства од нас, повеќе од она што е потребно за задоволување на тие должности и кога ја проширува принудната сила врз некои од нас за да живееме според вредностите на другите, не успева да ни го даде достоинството кое го заслужуваме како рационални, автономни човечки суштества. Ги заменува нашите проценки со нејзините и поставува граници во нашите стремежи за добар живот.

На крајот, ако ни е потребна држава, потребна ни е за остварување на нашите стремежи за среќа. Потреба ни е само за тоа. Да се има соодветно нивó на скромност значи препознавање на ова, без разлика колку сме сигурни дека сè сме сфатиле, не смееме да ја користиме државата за да ги присилиме останатите да се вклопат во некој калап кој ние го преферираме. Да се стори ова значи да се подлегне на ароганцијата и да се заборават лекциите од историјата. Она што денес изгледа очигледно, утре сигурно ќе изгледа смешно.

Ако станеме скромни, ќе видиме дека светот е премногу комплексно место, исполнето со луѓе кои се на лични патишта за остварување на среќата. Ќе бидеме скептични на повиците да $ дадеме на државата повеќе моќ отколку само да го заштитува нашето право на живот, слобода и пат до среќата. Како што кажа еден скромен филозоф Џон Лок: „Да бидеме сите еднакви и независни, никој не треба да му го загрозува животот, слободата, здравјето или сопственоста на некој друг“. Да се користи насилство за да се обликуваат животите на другите на начин на кој ние сакаме (а тие не го

сакаат тој начин), може да значи сè, само не скромност. Воздржувањето од насилство и наместо тоа прибегнување кон доброволно убедување е скромната и либертаријанска алтернатива.

Мудроста не се состои само во реализирањето на нечија моќ, туку во реализацијата на нејзините граници.

# 9

## Африканското ветување за слобода

*Олумајова Окедиран*

*Либертеријанизмот во Африка се проширува и се поврзува со домородните африкански корени за слободата. Социјалистичкиот менталитет воведен од поранешните африкански колонијални сили, кој се креираше од Берлин и се идентификуваше како „автентично африкански“, а се состоеше во прифаќање на поделбите помеѓу Африканците, конечно е отфрлен. Африканските либертеријанци работат за модерна, просперитетна и слободна Африка. Олумајова Окедиран е член на Извршниот одбор на Студентите за слобода, основач на Африканската студентска организација за слобода, и студент на Федералниот Универзитет за Земјоделство во Абеокута, Нигерија.*

Африка претрпи неколку колонијализирања. Едното од нив сите го знаеме, кога различни Европски и Арапски држави го поделија и колонијализираа континетот, меѓутоа на тоа му дојде крајот (во некои делови од континентот повеќе, а во некои делови помалку). Притоа, има еден актуелен колонијализам. Тоа е колонијализмот врз нашите умови. Тука, многу од африканските интелектуалци беа колонијализирани со идеологијата на статизмот и го гледаа пазарот како анти - африкански инсистирајќи на употребата на колонијални граници за запирање на трговијата помеѓу Африканците, со цел зачувување на „африканскиот идентитет“, а го толкуваа нашето општество во рамката креирана од германскиот идеолог Карл Маркс, кој всушност, не знаел ништо за нас и никогаш не се грижел за нашето општество.

„Капитализмот“, кој подразбира креирање на добра и услуги за профит и тргување со нив за други добра и услуги

произведени од други, има потекло од Западот и тој е туѓ за Африканската култура. Вообичаени се аргументите дека капитализмот неизбежно резултира во постепена дезинтеграција на општественото ткиво, која резултира во зголемување на бројот на богатите, но намалување на „буржоаската“ класа на штета на индустриските работници и селаните. Мислителите од Марксистичката и Лениновата идеологија нагласија дека под капиталистички начин на производство се подразбира производство за профит, маргинализација и осиромашување на селаните, како нешто неизбежно.

Тие никогаш не се прашаа: „Дали е тоа точно?“. Многу африкански интелектуалци образовани во Европа се вратија заслепени. Тие не можеа повеќе реално да го оценуваат нивното сопствено општество, не се обидуваа да гледаат во историјата на нивното општество и не можеа да ја воочат реалноста.

Образованите луѓе, како професорот Џорџ Еитиј ја истражуваа економијата, социјалното и политичкото минато на Африка. Она што тие го открија е крајно изненадувачко за марксистите кои инсистираа дека Африканците не се рационални, дека не се разбираат од трговија и дека припаѓаат на примитивната комунистичка маса. Но која е реалноста? Наидовме на историја која зборува за слободна трговија со слободни пазари, со цени утврдени во согласност со понудата и побарувачката за меѓусебна добивка; претприемништво и иновација; трговија на широк простор; кредитни пазари; корпоративно управување; и систем на трговско право.

Еитиј, во неговата книга *Пораз на диктаторите: Борба против тиранијата во Африка и во светот*, тврди дека економскиот систем на античка Африка има некои сличности со „капитализмот“ во Европа и од другите региони, но и се разликува по некои нешта во структурата. Речникот *Мериам-Вебстер* го дефинира капитализмот како економски систем карактеристичен за приватна и корпоративна сопственост на капиталот. Африканското

општество отсекогаш го имало тоа. Како што Еитиј објаснува,

> Селаните ги здружуваат нивните ресурси заедно, за да соработуваат и да си помагаат еден со друг. Ова може да се наведи како комунализам или комунитаријанизам, но тое не е исто како социјализмот или комунизмот. Било кој може да биде комуналистичен или социјаленистичен без да биде социјалист..... Економските активности на селаните се засноваа на нивната слободна волја, а не на волјата на власта. Комунизмот воведуваше државна сопственост над средствата за производство и исто така над сите произведени добра и услуги. Но, во селското општество средствата за производство се во сопственост на кланот или на лозата кој... дејствува како едно тело или единица заснована врз соработка. Сепак, кланот не е исто како владата; тоа е приватно тело и затоа, средствата за производство се во приватна сопственост. Комуналната сопственост е мит. **[61]**

Семејната или кланската сопственост над фарми или претпријатија со цел производство на земјоделски артикли за профит, всушност се капиталистички активности. Еитиј тврди дека природата на комуналната сопственост на Африканските општества беше грубо и погрешно толкувана со што се импицираше дека Африканското општество по својата природа претставува инхерентно социјалистичко. Ограничената одговорност на акционерските друштва нас често нè асоцира на „капитализам“, кој беше подоцна воведен во Европско општество.

Роберт Хесен, историчарот на корпоративната организација, покажа дека тоа е мит „ограничената одговорност објаснува дека корпорациите беа во можност да привлечат огромно количество на капитал од инвеститорите од деветнаесеттиот век за да се спроведи Американската

индустријализацијата. Во суштина, тој објасни дека „индустриската револуција беше, главно, спроведена од партнертствата и неинкорпорираните акционерски друштва, а ретко од корпорациите.“ **[62]** Семејните бизниси постојат и во многу други држави, надвор од Африка. Тие се важни управувачи на продукцијата, размената, и иновацијата во пазарните економии насекаде.

На секој студент му е познато дека пазарот и трговијата биле суштински дел на Африканската култура низ милениумот. За античка Африка значајно било брзото проширување на трговијата од VII до XI век., кога транс-сахарската трговија експоненцијално порасна. Медитеранските економии имале потреба од злато за размена со сол, кое претпоставуваше голема можност за профит. Профитот и претприемништвото беа столбови на трговските империи, како Малиската Империја, Империјата на Гана, Империјата на Сонгаи. Трговијата беше животот на економијата на античката Африка. Слободно избраните дејности на индивидуите (фармери, ковачи, рибари, жената која продава производи на пазар и професионалните трговци) беа значајни за економскиот напредок; очекувањата за добивка беа движечка сила на овие дејности.

Дали овие активности беа резултат на владината планирана програма? Не. Пазарите се развивале природно од средбите на трговците на договорените места, често каде се вкрстувале патиштата. Селските фармери и ситните трговци се вклучуваа во бизнисите самоволно, а не со покорување на наредбите на властите.

Има различни форми на бизниси околу светот; Германската корпорација; Јужно Корејската корпорација; Јапонската корпорација и Американската корпорација, а секоја од нив има свои посебни карактеристики. Па зошто Африканските бизниси не можат да имаат свои варијации? Семејните бизниси се повеќе значајни во Италија отколку во некои други европски држави. Исто така се значајни во многу Африкански држави. Но ова не значи дека се

разликуваат правилата на економијата, или дека комунизмот, кој не успеа во Европа или Кина, би успеал во Африка.

Еитиј забележува некои разлики помеѓу системите: „со оглед на тоа дека поединец од Америка може да започне свој сопствен бизнис, тогаш во Африка тоа може да се направи од поширокото семејство.“ Профитот во такви вложувања е поделен помеѓу членовите на фамилијата, додека во капиталистички акционерски друштва, профитот припаѓа на примарниот претприемач, или во случај на акционерско друштво на акционерите. Исто така, има разлики и во нивóто на производство. Можноста за производство на големи количества на добра и услуги е силата на постигнување на економиите од обем и е карактеристика на западниот капитализам, додека „обемот е брутално ограничен во капитализмот на селанството.“ **[63]**

Поради нелегални и речиси нелимитирани влади, како наследство на европскиот колонијализам и континуираното влијаније на статизмот, повеќето економски активности се во неформалниот сектор. Без владеење на правото, прилично е тешко да се заработува, но луѓето го прават тоа. Тие се потпираат често на традиционалното Африканско обичајно право, а не на позитивното право кое често се покажало како неуспешно. Во процесот, тие инвестирале во ретки ресурси за да ги избегнат клептократичните државни бирократи, социјалистичката држава и „маркетинг одборите“ (како друго наследство на колонијализмот кое сега за среќа е целосно заслабено или елиминиран), како и воведување на царински и трговски рестрикции кои се користеле за да ги угнетуваат земјоделците и нивните подржувачи кои субвенционирале.

Економските активности на неформалниот сектор придонесоа неизмерно за економскиот раст во Африка. Експертската група за статистика на неформалниот сектор изјави дека придонесот на неформалниот сектор (вклучувајќи го и неформалниот сектор за земјоделие) во БДП на суб-сахарска Африка е околу 55 проценти, а ако се вклучува и Боцвана и Јужна Африка е околу 60

проценти.**[64]** Профитот, трговијата, и претприемачите се вродените аспекти на домашните економски системи во Африка.

Типичен Африкански град е тој град кој има огромен пазар; посетувајќи го градот Лагос во Нигерија се изложувате на претприемачката природа на Нигерците; градот е раздвижен центар за претприемачи; испотеното младо момче низ улиците препродавајќи готови грицки, младото дете рекламирајќи флаширана ладна вода, кондуктерот на автобусот повикувајќи патници или земјоделецот од најблиското село заедно со фамилијата одејќи во нивната парцела со лубеници, се самоволно избрани дејности на индивидуите со цел добивање на профит. Ова е Африка што јас ја знам.

Тие го претставуваат темелот врз кој се гради иднината на Африка, континет со слободни луѓе, со слободна трговија, живот полн со мир. Тоа не се големите меѓународни бирокати за помош, поранешните колонијални сили (како Франција или Британија), или корумпирани државни монополи и бирократи кои ќе ја градеа нашата иднина. Туку, тоа е жената која продава производи на пазар. Тоа е африканскиот претприемач. Тоа е како што професорот Еитиј нарекува *Гепард генерација*, која одбива корупција, прифаќа одговорност, и која „не чека од власта да ги направи овие работи за нив“. **[65]**

Нигерскиот претприемач Тони Илумелу тврди дека Африка има потенцијал да адресира решенија за хроничните економски и социјални предизвици преку приватните претпријатија и претприемништвото, наместо од владината помош или други видови на помош. Тој промовира Африкапитализам како што тој самиот нарекува: „’Нова‘ Африка: заживување на приватниот сектор решавајќи социјални проблеми преку отворање на бизниси и креирајќи социјална благосостојба. Тоа претставува драстично отфрлање на стариот модел на цетализирано управуваните основни индустрии, како структура која често се развива со препораки, но во погрешна насока од глобалниот развој на

финансиските институции, надополнети со странска помош и доброчини дела со цел за решавање на социјалните прашања.

Во својот манифест, *Африкапитализам: Патот кон економски просперитет и социјална благосостојба,* Илумелу гради еден недвомислен случај за приватните претпријатија и капитализмот, со кој ги охрабрува „долгорочните инвестиции кои создаваат богатство преку кој ќе се изгради заедништвото и ќе се создадат можности за излегување од екстремната сиромаштија." Илумелу застапува пазарно-базирани решенија за решавање на социјалните проблеми на Африка и исто така го подржува слободниот-пазарен капитализам како пристап за „повторно создавање и ребрендирање на Африка како земја на инвестиции, иновации и претприемништво". **[66]**

Јас верувам дека за да се постигне просперитет, Африка мора да стане помодерна, но тоа да не се постигне со следење на Западот и да стане уште „позападна". Професорот Олуфеми Таиво, низ неговите дела, вклучувајќи ја и книгата *Како колонијализмот доминира над модернизмот во Африка,* тој ја одбива „традицијата со која се ставаат Африканците надвор од хуманоста". Модернизмот не е уникатен само за западниот свет или само за европејците. Професорот Таиво тврди дека преку сфаќањето како „колонијализмот го уништуваше модернизмот на континентот, ние сме подготвени да го критикуваме колонијализмот, исто така присетувајќи се дека не добиваме никаква корист во раните транзициски фази кон модернизмот каде таа фаза беше прекината од воспоставената колонизација." **[67]**

Важно е дека ние треба да правиме разлика помеѓу модернизацијата и вестернизацијата. Двата феномени се одвоени и одвоиви. Под модернизација денес може да се подразбира еволуција на интеракцијата помеѓу цивализациите – Африканците, Американците (Северни, Централни и Јужни Американци), Азијците и Европејците. Протекционизмот и трговските рестрикции ги пресекуваат

врските на Африканците не само со другите делови од светот, туку и врските помеѓу самите Африканци. Нема да има „автентичен Африканец“ ако се држиме до картите исцртани од европските колонијализатори за време на Берлинската конференција од 1884-1885 година. Африканските интелектуалци треба да ги одбиваат апсурдните идеологии, како што е марксистичката и да се оддалечат од нивните лицемерни антизападни тенденции и нивната смешна наклонетост кон лажна „автентичност“. Африка треба да го добие своето местото во модернизацискиот вагон и да одбие „да биде оддалечена од границите на взаемната хуманост.“

Модернизмот значи прифаќање на вредноста на индивидуалното човечко суштество. Тоа значи прифаќање на производство на волонтерска соработка и слободна размена. Тоа значи прифаќање на разум над суеверие, право над сила, производство над грабеж. Тоа значи прифаќање на нашата сопствена слобода и слободата на секој друг и секое човечко суштество. Како што професорот Таиво објаснува во неговото дело *Африка мора да биде модерна,* „Ние не ги почитуваме индивидуите затоа што ги љубиме нивните избори или се согласуваме со нив или дури ги сметаме прифатливи во краен случај. Навистина, ние сме обврзани да ги почитуваме нив дури и кога ги мразиме нивните избори и кога тие се одбивни без разлика од кој се или без разлика што тие прават. Почитувајќи ги нив поради нивното вистинско членство во човечкиот род ја означуваме модерната ера.“ **[68]**

Либертаријанизмот во Африка е растечка сила. Тоа не е само *Гепард генерацијата,* која ќе ја промени Африка, но исто така, тоа е и мојата генерација, која е сè уште на колец. Ние сме нетрпеливи кон корупцијата, клептократијата и бруталните влади. Ние инсистираме автократските владетели да ја сносат одговорноста. Затоа и се осмелувам да побарам забрзување на позитивниот тренд кон поодговорни и уставно ограничени влади, слободен пазар, слобода на говор и слободен печат. Посакувам одговорноста и слободата да ги

движат нашите животи, да ги избираме нашите чекори, да ја доживееме сопствената среќа. Либертаријанизмот ќе ја промени Африка кон подобро, и Африканците ќе го променат светот кон подобро.

# 10

## Заплетканата динамика на државниот интервенционизам: Случајот со здравствената заштита

*Слоан Фрост*

*Дали државната интервенција и државното планирање е порационално или тоа доведува само до „хаос од планови“?. Историјата на интервенциите во одлуките на здраствената заштита и пазарот во САД обезбеди корисна студија за динамиката на интервенционизмот, која произведува некохерентни и нерационални исходи. Слободата на избор меѓу конкурентните опции и обезбедувачите на добра и услуги, иако не планирана на агрегатно нивó, обезбедува повеќе рационалност и подобра кординација отколку интервенционизмот. Слоан Фрост е директор и ко-основач на Студенти за слобода и истражувачки аналитичар во фирма за истражување на јавната политика со седиште во Принстон, Њу Џерси. Таа ја одбрани својата магистерска во областа на Јавна Политика и се стекнува со сертификат во областа на Јавна здраствена администрација на Универзитетот од Чикаго.*

Повеќето од нас знаат дека нашите животи се насочени, манипулирани, дури контролирани со одлуките на политичарите и бирократите. Тие толку навлегуваат во нашиот живот што потоа треба да се даде голем напор за да ги забележиме дека се тука.

Сите сме запознати со очигледните случаи, како што се регрутацијата, оданочувањето, закони за прекршоци. Обично овие случаи имаат некои воспоставени цели позади нив: силата се користи за интервенција на државата кога нè

принудува да служиме во армијата, оданочување за да се обезбеди остварување на некои нивни зацртани проекти, за поддршка на политичарите, да не спречи во правењето на работи кои според нив се лоши за нас или осудени од религијата. Но, интервенцијата не секогаш е свесно смислена. Таа може да се развива, да расте сè додека целиот систем не го преземе како дел од својот живот.

Тоа е така бидејќи интервенциите типично имаат ненамерни последици. Контролирањето на цената на млекото можеби има намера да се задржи цената на млекото на ниско ниво́, но резултатот од тоа може да биде недостиг на млеко, кое може да значи тешко пронаоѓање на млеко, да предизвика долги редови на чекање, да ја поттикне сивата економија и корупцијата, да предизвика поголеми вкупни трошоци (цената + чекање во ред + мито); овие ненамерни последици може да бараат дополнителни интервенции за да се решат проблемите предизвикани од првата интервенција, и секундарните интервенции може да родат дополнителни проблеми кои ќе повикуваат на повеќе нови интервенции.

Со тоа добиваме една интервенција на која следува редица на други интервенции, па тешко некој и да се сеќава како тој процес започна. Овој систем навлезе во нашиот секојдневен живот, толку многу што луѓето не се прашуваат што го предизвика тоа. Уште полошо претставува кога тие не се кохерентно планирани, туку нагло се создаваат од криза во криза, па дури и понекогаш се опишани како да не се интервенции на државата, туку на „слободниот пазар“ од страна на лица кои не одвојуваат време за да ја разберат суштината на мрежата на интервенциите и трагите од каде произлегуваат тие, како тие влијаат на однесувањата, и како тие водат на ненамерни последици и на повеќе дополнителни интервенции.

Не би можеле да ја разбереме меѓународната финансиска криза, ако не обрнеме доволно внимание на тоа како огромниот испреплетен систем на владини интервенции креира масовна „изолираност“ во САД и како повеќето дополнителни интервенции во финансиските институции

предизвикува банките да имаат пониски стандарди за кредитирање и како тие генерираат огромни планини од долгови, со што се шири оваа зараза на глобално ниво́ резултирајќи со висок ризик на долг како „слободен ризик“ или „низок ризик“, охрабрувајќи ги финансиските институции низ целиот свет да купуваат ризични долгови. Никоја од овие интервенции не беа планирани за да ја уништат економијата, но низата на интервенции има таков ефект. (Процесот е опишан во првите изданија на книгата *После државата на благосостојба*.) **[69]**

## Интервенционизмот наспроти „Регулацијата“

Поради тоа што слободниот пазар не е предмет на системското планирање на централната власт, некои луѓе тврдат дека тие се помалку рационални од владината интервенција и контрола.

После сѐ, пазарот не е планиран и не сака владини интервенции. Затоа се претпоставува дека за владините активности се карактетистични кохерентноста, рационалноста и конзистетноста на плановите. Искуствата покажуваат дека тоа не е така. Иако владините интервенции се наречени „регулација“, тие претставуваат сѐ освен регулација. „Регулација“ значи „да се спроведи ред“ и „да подлежи на владеење“. **[70]** Ова преставува вистинското значење на зборот. За жал, кога терминот почна да се употребува за владините дејства, терминот го доби спротивно значење: „арбитрарно и каприциозно интервенирање“ - и не само арбитрарно и каприциозно, но и некохерентно, нерационално, и несовесно планирање.

Проблемот со интервенционизмот („променлива политика“) беше објаснет од Џејмс Медисон, главен автор на Уставот на САД, кој ова прашање го објаснува во документот *Федералист* број. 62,

> Внатрешните ефекти на променливата и непостојана политика сѐ уште се многу бедни. Тие ја трујат самата слобода. Мала корист извлекуваат луѓето, што

> значи дека законите се изготвени од оние кои ги избираат луѓето, но ако законите се толку обемни што тие се невозможни да се прочитаат, или ако се некохерентни, па не можат да бидат сфатени: ако тие се укинати или ревидирани пред да бидат изгласани, или ако претрпуваат такви постојани измени, што никој не може да го знае нивното значење денес, тогаш не е возможно да се претпостави каков ќе биде законот утре. Законот е дефиниран како правило на однесување; но како може тоа да биде закон, кога многу малку се знае и не е постојан?
> Друг ефект на јавната нестабилност претставува неразумната предност која им ја дава на остроумните, претприемачите и на богатите, наместо на индустриските и неинформираните лица. Секој нов пропис кој се однесува на трговијата или на приходите, или кој влијае на било кој начин врз вредностите на различните видови сопственост, претставува нова жетва на оние кои ја набљудуваат промената и можат да ги следат нејзините последици; жетва, не одгледана од самите себеси, туку одгледана од страна на грижата на своите сограѓани. Ова претставува состојба на нештата во која може да се каже со мала вистина дека законите се направени за мала група на лица. **[71]**

Системот на интервенционизмот, кој може да ги промени бирократите и политичарите во нивната свест, и во кој „никој не може да знае каков е законот денес, а камо ли да претпостави како ќе биде утре“, дефинитивно не преставува систем на регулирање. (Како што Медисон предупредува, тоа е исто така совршен повод за лихварство, извршувањето на приватни цели преку контролата на државата. Но ова не претставува главната грижа тука.) Владеењето на правото е она што го прави пазарот „регуларен“, а не интервенционизмот. Натрупувањето на интервенциите генерира некохерентност во целина, и со тоа

се оневозможува системот да ги исполни кохерентните цели, има склоност кон периодични кризи и всушност ја задржува правната еквивалентност со жици, лепенки и кламери.

Испитувањето на конкретните случаи помага да се разбере динамиката на интервенционизмот. Добар случај за проучување претставува државната интервенција во здравството: грижата за нашето здравје и меѓусебно помагање во постигнувањето на здрав и долг живот. Во целиот свет одлуките околу здраствената заштита се контролирани, манипулирани, забранети или се диктирани од страна на државната власт. Во некои држави, власта го има монополот над болниците и професионалната медицинска заштита. Во други држави, таа го обезбедува најголемиот дел од финансирањето, преку даноци наметнати на населението за да ги финансира докторите и здравствениот персонал. Во повеќето земји, докторите и медицинските сестри единствено можат да работат со државна дозвола. Разновидноста на системите на интервенционизмот е значителна. Обласа во мојот академски и професионален живот преставува проучувањето на политиката за здравствена заштита на САД.

## Здравствената заштита во САД

Замисли дека си студент на некој колеџ во САД. Сега замисли што се случува кога ти навистина ќе се разболиш. Твојата прва помисла може да биде за домашната задача што не ќе си во можност да ја довршиш или можеби забавата што ќе ја пропуштиш, но ако се чуствуваш навистина болен, веројатно ќе помислиш да посетиш доктор. Се разбира, тоа значи дека ќе мораш да утврдиш што е опфатено со твоето осигурување (ако имаш осигурување). Ако твоите симптоми се влошуваат, можеш да одлучиш да одиш во собата за итни случаеви или на болница и да сретнеш голем број на доктори, сестри и административни работници. Иако не можеш тоа да го реализираш, твоите акции и избори биле под влијание на огромен број на здравствени политики и

прописи. Тој систем се зголеми со текот на времето. Истиот, реално никој не го изработи. За да разбереш како твоите одлуки за здравјето и болеста се засегнати од владата, ајде да погледнеме на тоа чекор по чекор.

Едно прашање што веројатно ќе се прашаш себеси кога ќе се разболиш е кој вид на осигурување имаш. Компаниите за здравственото осигурување работат преку договарање со болници и провајдери, за да платат одредени износи во размена за котизација на овие болници и провајдери како опција на осигурителниот план. На пример, ако Др. Нозик сака да биде опфатен од Хајек Осигурување, двете страни ќе преговараат колкава вредност Хајек Осигурување ќе му плаќа на Др. Нозик, дали месечно, по пациент, или по направена услуга. Во договарање за пакетот, Хајек Осигурување ќе го вметне во листата како провајдер во неговата мрежа. Кога ти потоа ќе побараш доктор опфатен од Хајек Осигурување, Др. Нозик ќе биде опција.

Процесот станува многу сложен прилично брзо. На што се базираат овие компликации? Повеќето американци се осигурани преку нивните работодавци и многу студенти се заштитени под семејниот план. Зошто не можеш на еден прост начин да купуваш осигурителен план што го покрива докторот што сакаш да го посетиш или пак услугите што мислиш дека ќе ти бидат потребни? Зошто не можеш да купуваш онлајн здравствено осигурување како што можеш да купуваш осигурување за автомобил? Огромен број на интервенции сериозно ја ограничуваат твојата слобода на избор. Никој не го испланира системот, системот си следи одредена логика, но таа е логиката на иницијативите и кризите креирани од интервенционизмот.

За време на Втората светска војна, Американската влада воспостави контрола на платите и цените со што им забрани на работодавците да ги подигнуваат платите. Со цел да се привлекуваат работниците, работодавците истапија кон исплаќање на бенефиции, кои што не се сметаат за плата, како што е здравственото осигурување. Во 1943 година, „Одборот на воениот труд“, чии членови сфатија дека

контролите на платите причинувале проблеми во привлекување на работниците за производство на потребните воени материјали, одлучи дека контролите воспоставени со Стабилизациониот Акт од 1942 година не се применети врз плановите за осигурување, па работодавците можеа да понудат повисоки плати без да ги повредат контролите на платите. Во 1945 година, Internal Revenue Service дефинитивно одлучи дека осигурителните политики не се предмет на оданочување на платите. **[72]** (После сè, ако со тоа не се врши повреда на контролата на платите, тоа значи не се смета како дел од платата, па според тоа и не е оданочливо). Можете да замислите како луѓето одговорија на овие иницијативи. Ако една компанија ти нуди $1,000 да дојдеш и да работиш за нив, ти ќе мораш да плаќаш даноци за тој дополнителен приход, така што не би можел да добиеш целосна корист. Но ако тие ти нудат $1,000 осигурителна полиса, тоа ќе биде ослободено од данок. Дури и после укинувањето на контролите на платите, сè уште имаше голема иницијатива да се плаќа дел од платите во форма на осигурување. Луѓето се навикнаа на овој феномен толку многу што во денешно време ние ретко се прашуваме за неговото постоење или се прашуваме зошто ние очекуваме здравствено осигурување од нашите работодавци.

Тој систем оттогаш е кодифициран. Некои планови дури и овозможуваат ти да зачуваш дополнителни пари на различни, не-одданочени сметки, што можат да се потрошат за набавка на услуги во врска со здравствената грижа. Ако твојот приход не е одданочен кога се става под државно санкционирана употреба, здравственото осигурување - како што е дефинирано од страна на владата - се претвора во субвенционирано трошење. Иако вработените може да ги имаат овие долари како плати, за да ги трошат во комбинација со други набавки, тие сега се охрабрени да го купат здравственото осигурување на компанијата. Згора на тоа, благодарение на огромните интервенции, содржината на плановите се прилично детално диктирани, од страна на збунувачката низа на владини агенции.

Специјалниот даночен третман на платите, понуден како здравствено осигурување исто така значи дека бизнисите се охрабрени од страна на владата да преговараат во име на работниците и осигурителните компании преговараат со бизнис-секторот, наместо со работник. Таа индиректна комуникација диктира дека работниците се подложни на видови на политики кои што тие можеби не ги одбрале сами. Работниците се затрупани со нивните соработници, наместо да му биде дозволено да купуваат преку други групи кои што тие можеби ги посакале. Осигурителните компании имаат помалку поттик за преговарање со поединци или пак да понудат индивидуализиран план. Сите такви замки кон работниците, се феномен познат како „job lock“. Ако тие сакаат да си заминат, треба да пронајдат друг работодавец кој што нуди осигурување, бидејќи тоа е многу потешко да купуваш како индивидуа на таквиот пазар. Работниците повеќе не одбираат да останат во позиција поради задоволството од работа или финансискиот поттик. Тие треба да размислуваат дали напуштањето на работата ќе ги остави неосигурани.

Станува се покомплицирано. Државните власти исто така во голема мера интервенираат во осигурителните пазари. Различните држави бараат плановите да имаат различни компоненти. Тие барања се движат кон покривање на услуги како што се бенефити од бременост, кои што не секоја жена сака да ги купува **[73]**, третман за алкохолизам, советување за менталното здравје и многу повеќе. Сите овие се добри работи, но не секој купувач може да биде заинтересиран. Тоа не е важно, бидејќи се бара ти и јас да ги купиме нив. Згора на тоа, бидејќи различните држави наметнуваат многу различни минимум барања, осигурителните компании мора да бидат различно лиценцирани во секоја држава. Нелегелно е за лице кое живее во Њу Џерси да купи аранжман како на пример во Илиниоис. Работодавците мора да понудат аранжман во државата во која се наоѓаат, без оглед на тоа каде нивните вработени живеат. Тоа значи дека работодавецот во Њу

Џерси мора да понуди аранжман во Њу Џерси, дури и ако пола од нивните вработени живеат преку реката во Пенсилванија. Тоа исто така значи дека пазарите стануваат географски ограничени, што значи помала конкуренција за осигурениците и повисоки цени за вас и за мене.

Да се вратиме назад, што правите кога сте болни, да претпоставиме дека имате полиса за здравствено осигурување. Сега ќе мора да најдете лекар. Луѓето од нашата генерација обично прават една од овие две работи, кога имаме вакво прашање: ние пребаруваме или го поставуваме прашањето во социјалните мрежи. Овие опции ни овозможуваат да избереме врз основа на репутацијата и повратните информации, кои се особено важни за нешто што вклучува доверба кон снабдувачот на здравствена заштита.

Но, сега ќе заклучите дека немате слобода на избор да го изберете вашиот снабдувач. Само на одредени луѓе им е дозволено да ве лекуваат вас. Дури и ако имате само инфекција на увото, единствено лиценцираниот лекар може да ви препише антибиотици за да ја излечи таа инфекција. Дури и на медицинската сестра со пракса од дваесет години и која присуствувала три години во медицинските училишта, законски ѝ е забрането да ви препише рецепти. Постојат голем број на случаи за кои би била потребна поголема обука, да речеме за операција на мозокот. Но зошто тогаш не може регистрираната медицинска сестра да ви препише рецепти кога тие можат многу лесно да го прегледаат вашето уво и да ги откријат класичните знаци на ушната инфекција? Причината е во тоа што нашата влада не дозволува. А докторот, кој е поскап и за кого ќе мора да почекаме подолго време, мора да е единствениот што ќе одвои петнаесет секунди за пациентот за да напише рецепт, дури и ако тој или таа ги следат упатствата дадени од медицинската сестра.

Сега владата ве принудува да го посетите Др. Кејнз кога медицинската сестра Совел го има напишано рецептот. Др. Кејнз може да ви наплати повеќе за неговата или нејзината услуга затоа што немате друг избор. Ова произлезе од лекарите, да се ограничи конкуренцијата; ограничувањата

наметнати на училиштата кои  тренирале афроамерикански доктори и докторки, и во голема мера намаленото снабдување на лекари, кое може да објасни зошто Американското медицинско здружение било толку ентузијастичко во врска со интервенционизмот. **[74]** Всушност, оваа практика сè уште се среќава во одборите за акредитација кои расправаат околу тоа кој може да влезе во нивното здружение или кои акредитирани снабдувачи можат да вршат услуги за кои се целосно обучени.

Дури и ако не најдете лекар, сепак  не можете да посетите било кој друг лекар. Бидејќи повеќето лекари имаат склучено договор со здравственото осигурување, тие ги примаат само пациентите кои исто така се осигурани од страна на овие аранжмани. На пример, ако сакате да го посетите Др. Остром, но таа има аранжман со Патерсон Осигурување наместо со Хајек Осигурување, не може да ве прими како нов пациент. Др. Остром знае дека таа може да биде платена за услугите, кога таа ќе ги прати сметките во Хајек Осигурување, но таа го сноси ризикот дека Хајек Осигурување не ги покрива работите по истата стапка. Или ќе биде принуден да оди по дополнителни скапи административни постапки, или плаќаат многу бавно или нереално, или пак не ја покриваат постапката воопшто. Др. Остром, препорачува да не ги преземат сите пациенти со Хајек Осигурување. Тешко е како провајдер да го задржи снабдувањето ако не е платен.

Згора на тоа, не е лесно да посетите лекар ако немате некакво осигурување. Кога сте неосигурени лекарот може да си помисли дека не сте вработени, со тоа би биле помалку способни да ги платите сметките. (Понудата да платите 100 проценти во готово на лице место не обезбедува пристап, и не е секогаш така лесно да се обезбеди третман на тој начин. **[75]**) Вие не можите да бидете во подобра состојба со владиното осигурување, бидејќи тоа трае во просек шест месеци повеќе од приватното осигурување за плаќањето на лекарот, дури и тогаш, се случува тоа да биде на пониска

стапка. Многу малку лекари се подготвени да чекаат и притоа да им се плати само еден мал дел од сметките.

Да претпоставиме дека сте одлучиле да преговарате со својот лекар за плаќањето на свој начин. Се чини доволно разумно, со оглед на тоа дека ние пишуваме чекови за големите купувања кои се движат од компјутери до школарина. Следниот пат кога ќе посетите лекар, можете дури и да го пробате ова: да го прашате лекарот колку вреди услугата. Поголемото мнозинство на доктори нема да имаат идеа. Зошто? Тие не треба да знаат. Ни еден пациент во лекарската ординација не се распрашува колку чини процедурата. Таму нема мени за цените, без видливи начини на оценување и споредување на лекарите, дури и кога станува збор за вообичаени, секојдневни процедури.

И зошто да има, кога осигурувањето покрива се? Вие како пациент обично одговорни сте за плаќање со кофинансирање – 20 долари, односно повеќето осигурителни компании го бараат тоа од вас кога ќе посетите доктор. Без разлика дали ќе посетите доктор за пет минути или четириесет и пет минути, вие сте принудени да платите исто 20 долари кофинансирање. Обично нема да ве чини повеќе да ја прегледате крвта или некоја ренген снимка, ако го завршите тоа во канцеларијата. Ако добиете магнетна резонанца или друга услуга која не вклучува оперативен зафат, вие сѐ уште треба да платите само 20 долари кога ќе отидете во канцеларијата, иако тестот може да ве чини повеќе од илјадници долари. Цената е резултат на лекарите и болниците кои го фактурираат осигурувањето со кои вашиот работодавец има склучено договор и тие го плаќаат остатокот на сметките.

Сите тие интервенции создаваат малку повеќе дисбалансирани стимуланси. Лекарите може да препишат тестови кои се непотребни, а можеби штетни, затоа што пациентите немаат причина да се сомневаат во нив. Ние сме склони да претпоставиме дека секоја анализа што ќе ја препише лекарот е задолжителна, но често тие само препорачуваат повеќе анализи за да се заштитат тие самите

од спорното општество. (Другиот државен неуспех го прави речиси практично невозможен договорот за ризик, па лекарите мора да набавуваат огромно скапи политички осигурувања). Ние вообичаено посетуваме специјалист иако еден интернист (лекар кој е одговорен за преглед на целото тело) може да обезбеди заштита што е со доста висок квалитет. Ние плаќаме само 20 долари за таа дополнителна посета на специјалист, но тој лекар може да добие неколку стотини долари за само пет минутен преглед. Лекарите може затоа презапишуваат и ние не ги прашуваме ништо околу тоа.

И затоа, поради сите овие интервенции, осигурувањето се трансформира во нешто што не е осигурување.

# 11

## Од каде знаеш? Знаењето и претпоставката за слобода

*Лод Косер и Мартин Веге*

*Како можат работите да се знаат одделно од страна на милиони умови, и да бидат корисни едни со други? Кои предности го прават слободното општеството да биде над контролираните или диктаторските, во тој поглед? Како владеењето на правото, имотот, доброволната размена и цените можат да ги решат проблемите кои што присилното централно планирање не може да ги реши? Мартин Веге студирал политички науки на ЕТХ Цирих и на Универзитетот во Антверп, каде што магистрирал и бил политички службеник на Liberaal Vlaams Studenten Verbond (LVSV, Класично либерална фламанска студентска асоцијацција). Мометално е академски директор на Мареј Ротбард Институтот во Белгија. Лод Косер завршил магистерски студии по филозифија на Универзитетот во Антверп и Католичкиот универзитет во Лувен и моментално работи на својот докторат. Предава економија во Брисел. Како и Мартин Веге, Косер бил политички службеник на LVSV. Тој е член на извршниот одбор на Европски студенти за слобода и претседател на Мареј Ротбард Институтот во Белгија.*

Да претпоставиме дека од вас било побарано да ги донесете сите решенија за вашите родители или браќа и сестри. Можете тоа да го направите? Да претпоставиме дека од вас било побарано да ја правите истата работа за своите пријатели и поширокото семејство? Дали мислите дека ќе бидете во можност да го направите тоа? Да претпоставиме дека сте морале да правите секојдневни одлуки за милијарди непознати странци, и оние што живеат денес, како и оние

кои ќе живеат во иднина. Тоа сосема би било предизвик, нели?

Не треба да знаете само за фактите, туку и за целите. Кои цели би сакале да ги постигнете? И после изборот на целите, како би ги постигнале? Ф.А. Хајек се осврна на сет од сложени проблеми наречени како „проблемот на знаењето” кој тој го окарактеризирал како „проблемот за тоа како да се обезбеди најефикасно искористување на ресурсите познат на секој од члeновите на општеството, за цели чија релативна важност само овие поединци ја знаат.“ **[76]**

Со цел да се разјасни што е проблемот на знаење, ние можеме да го поделиме на три прашања:

- Прво, како може општеството да ја оптимизира употребата на знаењето?
- Второ, како можеме да ја поттикнеме употребата на знаењето на таков начин што луѓето ќе се во предизвик да ги направат своите знаења достапни на другите?
- Трето, како ние можеме да продуцираме знаење потребно за луѓето да ги координираат своите активности, економското производство и општествениот напредок?

Тие три прашања водат до уште едно прашање – имено, кои општествени процеси се најдобро прилагодени за да произведат знаење и да ја оптимизираат и мотивираат неговата примена? Одговорот добиен од либералите (или класични либерали или слободарите, чие што значење зависи од лингвистичката традиција на земјата од која што доаѓате) е тоа што Адам Смит го нарекол „очигледен и едноставен систем на природна слобода“. **[77]** Централните елементи на ваквиот систем се: приватна сопственост која што е добро дефинирана, која што може да се брани со закон и која што е пренослива; слобода на размена и владеење на правото за дефинирање, заштита и овозможување на слободна размена.

Овие прашања не само што се однесуваат на најефикасниот начин на воведување ред во едно општество,

туку тие се длабоко вкоренети во моралот и етиката. Дали слободата би била толку важна, кога сите ние многу добро би знаеле што секој еден од нас сака или му треба, или кога би ги знаеле сите факти кои што на сите им се познати? Кога ваквото знаење би било можно, расправата за централно планирано општество би била поверодостојна, земајќи предвид дека планирачите би биле добронамерни и активни во јавност.

Дали би сакале некој друг да одлучува за сè наместо вас? Веројатно не. Секој од нас си ги знае најинтимните сопствени цели и средствата кои што му се достапни, кои што други луѓе тешко дека може да ги дознаат. Другите луѓе многу ретко знаат за нашата ситуација колку што знаеме ние самите, а и ние многу ретко знаеме нешто за животот на другите колку што тие самите знаат. Тука постои „фундаментална асиметрија“ кога е во прашање знаењето. Таа асиметрија е добра причина да се поддржи претпоставката за слобода. Еден од најсилните аргументи за слобода се базира на разбирањето на проблемот со знаењето.

Ајде подобро да погледнеме што тие увиди значат за воспоставувањето и одржливоста на општествениот ред. Под општествен ред се подразбира општество во кое луѓето можат да ги координираат своите постапки со цел заемна придобивка, било да е за игра, создавање на богатство или други цели. За општествен ред неопходно е да се има, како што Хајек вели - „редослед на постапки“.

Според Хајек, „во случај кога одделните активности на индивидуите би резултирале со целокупен ред, она што произлегува е дека тие не само што не се мешаат едни со други без потреба, туку и дека во случаите кога успехот на активностите на индивидуите зависи од некоја сродна активност на некој друг, постои барем една добра шанса дека ова совпаѓање всушност ќе се случи.“ **[78]**

Од друга страна, општествен неред подразбира интеракција меѓу луѓето проследена со злосторства, криминал, измама, напад, убиства, дури и војна. Општествениот ред ни овозможува мирна потрага по нашите

цели со доброволна соработка со другите, така што можеме да ги посветиме нашите средства не само на преживување (особено кога се спротиставуваме на другите кои по секоја цена сакаат да ни ги одземат животите, слободата или поседите) туку и на добрите нешта во животот, како што се пријателството, љубовта, создавањето, разговорите, уметноста, спортот, откривањето, пронаоѓањето, како и многу други цели кои што ги имаат слободните луѓе.

Институциите се тие кои што ја овозможуваат ваквата соработка. За почеток да направиме разлика меѓу економски, политички и правни институции.

## Пазарни институти: размена и цени

Кој вид на правно и економско уредување најефективно се занимава со проблемот со знаењето? Кој систем на правила ја оптимизира примената на знаењето? Кој систем ги поттикнува луѓето да го направат своето знаење достапно и корисно за другите? Што е тоа што поттикнува стремеж кон повеќе знаење, отколку кон помалку?

Системот на природна слобода кој што се заснова на сопственост и слобода на договор, поттикнува две навидум нескладни сили: натпревар и општествена соработка. Поимот „навидум" подразбира дека не мора да се избере едната или другата сила. На пазарот, претприемачите, трговците и фирмите се натпреваруваат едни со други со цел да го добијат „бизнисот" со клиентите т.е. да ја добијат шансата за соработка со нив. Правото на трговија, исто така, значи и право на избор со кого да се тргува, како и право на одбивање на трговија.

Правата на сопственост ги поставуваат основите; доколку тргувате, вие разменувате права, а доколку не тргувате, го задржувате она што е ваше, така што секоја доброволна размена претставува чекор напред од основата. Правата на сопственост, исто така, прецизираат кој одлучува што да се прави со средствата кои се подложени на

вообичаените права против нарушување на слободата или повреда на правата на другите.

Кога личноста што одлучува што да се прави со средствата е истата личност што може да ги собере и продаде добиените плодови или да има некаква придобивка од нивните услуги или да ги продаде самите средства, таа личност е поттикната да земе предвид што сакаат другите и што би можеле тие да направат со средствата, затоа што би можело да се оствари трговија меѓу нив. Тоа секако не значи дека луѓето не прават грешки, но способноста да се добие наградата за зголемување на вредноста на оскудните средства ги поттикнува сопствениците да се вклучат во оние економски активности кои што ги создаваат производите и услугите што потрошувачите сакаат да ги купуваат. Капиталните цени (продажните цени на средствата) одредени од сопствениците (и потенцијалните купувачи) поттикнуваат да се земе предвид иднината, бидејќи дел од идните придобивки е „вгнезден“ во сегашната цена. (Технички гледано, цената на една куќа е еднаква на сумата од сите кирии што во иднина би се добиле за неа, со одбиена камата). Ова претставува модерен начин на објаснување дека добрата во иднина можат да бидат вреднувани во сегашноста. Сепак, во случај да не може да се утврди капитална цена преку доброволна размена, поради тоа што не се дозволени сопственост и размена, тогаш добрата во иднина нема да имаат вредност во сегашноста и тогаш ќе има многу малку или воопшто ќе нема поттик за зачувување; ова во екологијата е наречено „трагедија на средините.“ **[79]**

Самиот чин на купување и продавање на пазарот создава цени, кои пренесуваат важно знаење: цената покажува дека некој некаде сакал да ја плати таа одредена цена. Тоа служи како „показател“ за алтернативните употреби и вреднувања на оскудните средства. Ако планирам да направам нешто, можам да ги споредам цените на разни можни влогови кои може да бидат дел од тоа. Тие цени покажуваат кои вредности другите луѓе ги ставаат на нив за друга примена. Јас морам да добијам поголема

вредност од тие алтернативни вредности за да можам да го продавам производот за профит. Ако јас единствено можам да го продавам мојот производ за помала цена од сумата на тие вредности, тогаш јас сум во загуба, што е прилично ефективен показател дека треба да престанам со тоа.

Цените настануваат како резултат на децентрализираните процеси на купување и продавање – познато како „ценкање“ – што е карактеристично за пазарите. Тие претставуваат споредни продукти на процесите на размена и многу ефективно пренесуваат информации – изразени во универзално најразбирливата бројчана форма – до актуелните и потенцијалните купувачи и продавачи на добрата. Поради тоа, нема потреба од агенција за централно планирање која би направила целосно множество од информации во пазарната економија. Сите во општеството кои што имаат придонес во овој процес претставуваат мали островчиња на знаење, но нивните постапки придонесуваат за создавање на сигнали за водење на постапките на другите. Цените координираат многу индивидуални планови и постапки. Со потрага по сопствениот профит, се создаваат заемни придобивки и милиони луѓе (од кои секој од нив има пристап до ограничен број на информации и следи голем број на цели) можат мирно да соработуваат, нудејќи ги своите информации на другите луѓе, кои не се однесуваат само на сопствените цели, туку и на објективни факти, технологија, достапност на ресурси и друго. Тоа се случува само во случај кога нивната потрага од сопствен интерес е ограничена од страна на правата на сопственост на другите луѓе, кои што се заштитени со владеење на правото. Доколку сопствениот интерес е комбиниран со присилна моќ врз другите, тогаш тоа ќе резултира со „насилен конфликт и општ неред и некоординираност.“

Поради тоа, натпреварот и општествената соработка се процеси, а не одлични услови за пазарот или општеството. Сопственоста, размената и цените нè поттикнуваат да им откриваме корисни информации на другите и нѝ помагаат да

го усогласиме нашето однесување без употреба на присила или команди. Потполно е точно дека повеќето (но не сите) сопственици на фирми го презираат натпреварот со своите ривали, но на истите тие им се допаѓа кога другите се натпреваруваат меѓу себе за да ги земат нивните бизниси. Општо е познато дека сите сакаме пониски цени кога нешто купуваме и повисоки цени кога нешто продаваме, па оттука произлегува дека сакаме кога има натпревар меѓу оние што произведуваат и потоа нѝ продаваат нам, а мразиме кога луѓето се натпреваруваат со нас во продажбата на тоа што ние го произведуваме. Општо земено, и покрај сè, сите повеќе заработуваме кога постои слободен натпревар и слободна размена. (Напорите за обезбедување на монополи, субвенции и други посебни привилегии преку присилната моќ на државата, меѓу економистите е позната под збунувачкото име „побарување на заем“ **[80]**, „постојат многу студии од јавно избрани економисти и политички научници во врска со интервенционистичките политики од специјален интерес“.) **[81]**

Интеракцијата на слободниот пазар се однесува на создавање вредност за луѓето, а не само на остварување „максимален профит“. **[82]** (Економскиот профит покажува дали една компанија додава вредност или не. Профитот ја претставува разликата меѓу сумата за која што нештото е продадено и сумата која што ја изразува неговата вредност, каде што трошоците се изразени во парична вредност што покажува кои други вреднувани примени постојат за употребените ресурси. Загубата, која што настанува кога производот може да се продаде само по пониска цена од онаа која што ги изразува трошоците за производство, сигнализира дека, наместо да создаваат вредност, фирмата или претприемачот, всушност, ја уништуваат вредноста. Заработките и загубите обезбедуваат информации и поттик што доброволно го координираат однесувањето и ги насочуваат учесниците во пазарот да ги промовираат ресурсите до нивните највисоки вредносни употреби.

## Политички институти

На кој начин се споредуваат политичките интеракции со интеракциите на слободниот пазар? Кои предности или недостатоци ги имаат државните постапки кога тие се однесуваат на прашањето за знаењето кое што беше опишано во воведот? Дали постојат некакви механизми според кои институциите од политичкиот живот – било да се диктаторски или демократски, арбитражни или уставни, ограничени или неограничени – го оптимизираат прашањето за знаењето или ги поттикнуваат луѓето да создаваат знаење или да им го откријат на другите она што тие го знаат? Дали постои некаква аналогија помеѓу заработките и загубите во политичката сфера кои што нѝ овозможуваат да ги оцениме политичките интеракции во поглед на успехот и неуспехот, како што тоа го правиме за заработките и загубите во економската сфера? Дали политичката интеракција - меѓу политичарите, бирократите и гласачката јавност – доволно кажува за барањата и потребите на другите луѓе и ги поттикнува да се сретнат со нив?

Она што ја прави различна политиката од другите области на човековата интеракција е тоа што политичките интеракции се засноваат на принуда, наместо на доброволна соработка. Законите кои што се усвојуваат од мнозинството пратеници во парламентот се однесуваат на сите нас, без разлика дали ние се согласуваме со нив или не. Сите сме обврзани да плаќаме даноци, без оглед дали сакаме или не; во спротивно може да ни го конфискуваат имотот, да не лишат од слобода со притвор или нешто многу полошо. Мораме да го „купиме“ она што ни се нуди, без разлика дали сме го избрале тоа или не и на тој начин го добиваме целиот пакет - надворешна политика, даночна политика, закони за дрога, закони за брак, училишта, систем за здравствена заштита и така натаму. Не можеме да избираме повеќе од ова или помалку од она, како што нормално правиме при зделките на слободниот пазар.

Тоа е како при некоја огромна зделка наречена „земи или остави“, да мора да прифатиме пакет што ги содржи

нашата сопствена куќа, нашиот сапун, зарзавати, телефон, нашите очила или контактни леќи (дури и ако не ги сакаме или не ни требаат), нашите миленичиња (дури и ако сме алергични на нив), нашите чорапи, музичката колекција, притоа, без да можеме да купиме што било од сето тоа од други, конкуретни, снабдувачи или едноставно да се воздржиме од купување. Бидејќи сето тоа не е доброволно, голем дел од зделките нема да носат заемна придобивка на сите кои што се инволвирани, додека пак пазарната трговија се остварува меѓу страни кои што се согласиле, а оние кои што не се засегнати се заштитени со правата на сопственост од оние кои што може да посакаат да ги погазат нивните права.

И покрај тоа што луѓето сè повеќе и повеќе земаат збор во работењето на владата како резултат на сè поголемиот број земји кои што се сметаат за демократски, колку може гласачите да им пренесат на политичарите што сакаат и што им треба? Со други зборови, колку ние ги пренесуваме нашите барања и потреби преку гласањето? Кога излегуваме на гласање, од нас се бара да ја искажеме нашата наклонетост кон многу работи истовремено, па станува тешко да се разбере зошто некој гласал на овој или на оној начин или што луѓето сакаат или бараат од нивните претставници. Во денешно време, политичарите одлучуваат за оданочувањето, дипломатските и воените односи, животната средина, образованието, распределувањето на социјалната помош, прашања поврзани со здравството, кои производи можат и не можат да се купат или продадат, вдомувањето, бракот и многу други работи кои што може да се изгласаат.

Еден гласач може да поддржи одреден кандидат бидејќи се согласува со него за сите прашања или затоа што некое од тие прашања е од некоја важност за гласачот, па се согласува со кандидатот во врска со тоа. Гласачите може да го изберат кандидатот за кој што мислат дека е учен човек, човек од доверба, пријателски расположен дури и зговен. Не постои начин со кој што би се дознал мотивот на гласачите за кого

да гласаат. Дури и кога на анкетарите би им рекле „Јас гласав за тој и тој кандидат бидејќи ми изгледаше дека е паметен“ (или „се согласуваме во поглед на намалувањето [или зголемувањето] на даноците“, или „поради цврстиот став против криминалот“), тешко е да се разбере кои од останатите карактеристики и ставови на кандидатот ги поддржуваат или не. Гласањето за кандидати не е ефикасен начин да се дознае мислењето на гласачите. (Ситуацијата се влошува кога ќе се забележи дека тоа што го одлучиле мнозинството гласачи е - дали на другите ќе им биде дозволено да ја изразат својата наклонетост или да живеат како што посакуваат? Поради тоа неограничената демократија понекогаш се споредува со ситуацијата кога два волци и една овца избираат што ќе вечераат).

Доколку еден бизнис нуди производи или услуги за кои што луѓето сметаат не се вредни или дека се прескапи за нивниот џеб, тогаш бизнисот е во загуба и пропаѓа. Од друга страна, владите може да нè принудат да платиме за лоши производи или лоши услуги бидејќи се служат со принуда. Нам може да не ни се допаѓа она што го произведува владата, но во секој случај го земаме. Во слободен пазар, купувачите може да купат производи или да добијат услуги кои што другите луѓе не ги сакаат или мислат дека се невкусни или ужасни. Во слободен пазар, продавачите може да го изразуваат својот невообичаен вкус, сé додека тоа не претставува повреда на другите. Кога владата произведува или нуди производи и услуги, сите луѓе мора да се согласат со производ кој што му одговара на сите. Во овој случај, не можеме да кажеме дали би сакале повеќе од некоја активност на владата или помалку од некоја друга, туку добиваме сè. Општо земено, во политичките интеракции, ние немаме избор да купиме друг производ или да се префрлиме на друг снабдувач на услуги. Не можеме да ја откриеме нашата наклонетост во врска со изборите и трампите „на маргините“. **[83]**

## Владеење на правото

За да постои мирна соработка, неопходни се правила. Пазарите, исто како и владите (во некои случаи дури многу повеќе од нив) се контролирани со правила. Според Џон Лок „Каде што нема закон, нема ни слобода“ **[84]**. Не може луѓето само да ги прекршуваат договорите, да крадат, да бидат агресивни едни спрема други или да ги злоупотребуваат правата. Правилата не треба да бидат сложени или комплицирани за работа, ниту пак да го загрозуваат слободниот општествен поредок. Правилата на сопственост и договарање кои што се прилично едноставни, создаваат цени кои што координираат премногу комплексни форми на општествено уредување. **[85]** Почнувајќи од проучувањето на екологијата, па се до проучувањето на јатата риби и птици, во последните години на научниците им станувало појасно како едноставните начела (или правила) можат да создадат премногу комплицирани шеми. Истото важи и за човечкиот ред: со едноставните правила на слободните општества полесно се воспоставува ред и се овозможува поголема благосостојба отколку со комлексните интервенции на социјалистичките планирачи.

За едно општествено уредување да се оцени како „либерално“ или „либертаријанско“, потребни се одредени формални карактеристики (општо познати како „владеење на правото“): во најмала рака, правилата мора да бидат јасни и разбирливи; мора да бидат целосно применети; и треба да ги обележат сферите на лична дискреција во чии рамки личностите ќе бидат слободни од арбитражна моќ и команди. **[86]** Сите три наброени карактеристики се од голема важност. Да претпоставиме дека правилата во општеството се нејасни, односно е неможно (или мошне тешко) да се разберат, или се ретроактивни, па дури и контрадикторни. Тоа би значело дека луѓето не би знаеле однапред што е легално, а што не е, односно што е предмет на законска санкција, а што не. Меѓу другите недостатоци, несигурноста што произлегува од ваквиот вид на управување го разнишува планирањето и на тој начин и доброволното координирање

на плановите. Правното уредување треба да го пренесе знаењето за правото, а доколку не успее да го направи тоа, тогаш тоа не успева да биде ни правен поредок воопшто.

Дури и јасните закони наложуваат да се има неутрални судии. Ако судијата спроведува некое правило на еден начин за едни луѓе, а на друг начин за други луѓе, тогаш тоа не е правило. Или пак ако судијата носи пресуди врз основа на поткуп, на политички притисоци (што во некои земји се нарекува „телефонска правда“, што значи дека Министерството за правда телефонски му кажува на судијата што да пресуди), од расна, религиска, јазична или етничка природа, или на некоја друга причина која што е различна од законот и фактите на конкретниот случај, тогаш не го спроведува владеењето на правото. (Ова не значи дека судската функција е механичка; постои простор за спроведување на практичното знаење, или како што Латините го викале *пруденција*, а Грците *фронезис*, но таквото практично знаење не е произволно или спротивно на правилата на начин на кој што се поткупот, расизмот или непотизмот.) Јасноста на правилата во комбинација со разумна сигурност дека правилата ќе бидат неутрално спроведени значително придонесуваат за создавањето на основата за праведно општество.

Но, правното уредување на едно слободно општество бара повеќе од само јасни правила кои што се подеднакво применети. Тој бара законите да ги дефинираат и заштитуваат сферите на дискреција. Една слободна личност, уживајќи во својот живот, слобода и имот, не треба „да биде предмет на самоволието на некој друг, туку слободно да ги следи сопствените убедувања“, вели Лок **[87]**. На сите им треба, како што вели Хајек, „заштитен простор“, во чии рамки личноста ќе може да одлучува. Без тоа, ќе има малку иновација или воопшто ќе нема, што со други зборови кажано значи мало или никакво создавање на знаење. Слободата не е важна само затоа што можеме да правиме што сакаме; таа можеби е дури и поважна затоа што другите луѓе можат да прават што сакаат. Како што објаснува Хајек:

„Она што е важно не е тоа која слобода јас лично сакам да ја спроведам, туку која слобода им е потребна на некои луѓе за да направат нешто корисно за општеството. Ваквата слобода можеме да и ја овозможиме на која и да е непозната личност, само ако им ја дадеме и на сите останати". **[88]**

Проблемот со знаењето се провлекува низ сите прашања на правото за кои е објаснето погоре. Многу ретко е очигледно (ако воопшто е) за сите кое треба да биде точното правило, или неговата најдобра интерпретација или примена. Сите тие се сложени прашања. Поради тоа, мислителите во класичната либерална традиција расправале за децентрализирани механизми за идентификување на добрите правила и јавни и транспарентни процедури за донесување пресуди. Првото вклучува дејства како локална автономија, федерализам, дури и натпревар и поклопување на правната моќ, со што грешките можат да се поправат и да се откријат подобри начини; додека, второто вклучува јавни судења, објавување на правни постапки, отворени парламентарни дискусии, слобода на печатот и други активности кои што овозможуваат безбедна транспарентност, со што би се открила корупција, би се обелоделениле постапките што не се фер и би излегле на виделина сите посебни интереси. Не е доволно да се потпреме само на добрите намери или високите оправдувања. Една група на институции кои одговараат на едно праведно и слободно општество треба да биде способна да функционира дури и кога би се наметнале лоши луѓе со злобни намери; групата не може да зависи од чистотата на мотивите или незаинтересираноста на актерите/учесниците, но треба да биде способна да ги преживее не само најдобрите случаи (на пример, владетели кои што се неутрални, добро мотивирани и разумно добро-информирани), туку и најлошите (на пример, владетели кои што се пристрасни, гладни за власт и слабо информирани). Ова е познато како состојба да се биде „силен". **[89]** Исто така, тие треба да бидат способни да се адаптираат на околностите, а не само да ги одбиваат; треба да учат на грешките, како што прават пазарите (треба да се запомне

дека натпреварувањето на пазарот се состои од „обиди и грешки“, а грешките се важен дел од учењето што го овозможуваат слободните пазари). Од неодамна, тоа е наречено „некршливо“. **[90]**

**Заклучок**

Ајде да се навратиме на прашањата од воведот:

- Прво, како може општеството да ја оптимизира примената на знаењето?
- Второ, како може да ја поттикнеме примената на знаењето на начин на кој луѓето би се навеле да го споделат своето знаење со другите/да го направат своето знаење достапно за другите?
- Трето, како можеме да го создадеме знаењето кое што е потребно за луѓето да ги координираат/усогласат своите постапки и да создадат економски и општествен напредок?

Природата на проблемот, како и историското искуство, покажуваат дека дедуктивните и присилните системи на командување и контролирање, кои што биле сон на социјалистите, фашистите, национал-социјалистите, меѓународните социјалисти и сите други видови на колективистички државници, не даваат добри резултати. Ниту една личност и ниту еден комитет не можат да ги имаат потребните информации за да координираат милиони (или милијарди) луѓе со сосема различни цели и нецелосно знаење. Поради тоа слободата и владеењето на правото се толку многу важни. Тие ја вршат работата/улогата што централното планирање не може да ја изврши.

# 12

## Корените на државата и власта

*Том Г. Палмер*

*Дали државата е одговорна за благосостојбата и општественото уредување? Што е државата а што е власта? При краток преглед на социологијата на државата може да се забележи дека државата се појавува кога „патувачките бандити” стануваат „стационирани бандити” и институционално регулирани ограбувачи. Достигнувањето на слободата долго време беше прикажано преку потчинување на државата кон правото, процес чија борба сè уште трае. (Овој есеј првпат беше претставен како предавање на Летниот Семинар на Като Институтот во 2012 година.)*

Многу луѓе веруваат дека државата е одговорна за сè. Според Кес Санштејн, професор по право на Универзитетот Харвард и поранешен администратор во Белата куќа, Канцеларија за информирање и регулаторни работи, „Власта е ‘вмешана’ во сè што поседуваат луѓето... Ако богатите луѓе имаат големи парични зделки, тоа е затоа што власта изградила систем во кој тие се овластени да ги имаат и да ги зачуваат таквите пари“.

Тоа е академска формулација за концептот кој што претходно беше кажан во една популарна формулација. „Ако си станал успешен, тогаш тоа не си го постигнал самиот... Ако си бил успешен, некој уште од почеток ти помагал во тоа... Некој помогнал во креирањето на овој неверојатен американски систем каде ние ви овозможуваме да напредувате. Некој инвестирал во патишта и мостови. Ако имаш бизнис - ти не си го изградил тоа. Некој друг го овозможил тоа.” Ова го кажал шефот на Санштејн, претседателот Обама.

Дури и добронамерно толкување на забелешките на претседателот ни кажува дека тој не го разбира концептот на минимален придонес во аутпутот (производството, заб. на прев.), на пример, на додадената вредност на еден дополнителен час работа. Тој не разбира како се создава богатството.

Санштејн и неговите колеги сметаат дека откако богатството се гледа како атрибут на државата, тогаш државата е овластена да располага со тоа, и оние кои детинесто размислуваат дека се производувачи немаат можност да се појават како сопственици врз тоа.

Што е всушност државата? Една канонска дефиниција беше понудена од Макс Вебер, кој ја дефинирал државата како „човекова заедница која (успешно) ужива право да располага со монополот на легитимното физичко насилство на една определена територија".

Фактички, тоа не значи дека богатството е создадено од државата. Историски, егзистенцијата на државниот апарат има потреба од веќе постоечки вишок за да се одржи на прво место. Со други зборови, државата не би постоела доколку богатството не било произведено пред нејзиното појавување. Сега тоа ќе го образложиме подетално.

Зошто луѓето имаат богатство? Чарлс Данојер, ран либертаријански социолог, објаснува дека „во светот постојат само две големи групи; оние кои преферираат да живеат од производот од нивниот труд и нивната сопственост, и оние кои што преферираат да живет од трудот и сопственоста на другите". Поедноставено, производителите го продуцираат богатството додека потрошувачите само го присвојуваат.

Во неговата особено значајна книга *Државата*, социологот Франц Опенхајмер прави разлика помеѓу она што тој го нарекува економски средства и политички средства за создавање на богатство, тоа е однос, како помеѓу „работа и кражба". „Државата", заклучувајќи вели, „е организација од политички средства".

Економските средства мораат да му претходат на политичките средства. Како и да е, не сите видови на работа продуцираат доволно голем вишок за одржливост на државата. На пример, вие не можете да најдете држави меѓу ловците – собирачи на храна (се мисли на членови на општества кои што преживуваат од лов и од складирање на месо од диви животни, заб. на прев.), бидејќи тие не генерираат доволен вишок за да се одржи една предаторска класа. Иста е вистината и на примитивните земјоделски општества. Она што е потребно е уредно земјоделие, кое што генерира доволно голем вишок за да го привлече вниманието на предаторите и да станат одржливи. Таквите општества најчесто се освојувани од номади - посебно оние со коњи, кои биле способни да ја наметнат моќта врз населените земјоделци. Тоа се повторувало постојано откако многу одамна, номадскиот народ заминал од Централна Азија.

Сеќавањето за еден антички конфликт е зачувано во *Книгата за генезите*, која зборува за братоубиствената приказна за Каин и Авел. Значајно е тоа дека „Авел беше овчар, а Каин беше орач на земја", тоа звучи како ехо на конфликтот помеѓу постојано населените земјоделци и номадските овчари.

Државната формација ја претставува трансформацијата од „патувачки бандити" во „стационирани бандити". Како што економистот Менкјур Олсон напишал, „Ако водачот на патувачка банда кој ќе најде само остатоци е доволно силен да ја зачува територијата и да ги држи останатите банди надвор од неа, може да го монополизира криминалот во таа област – тој станува стациониран бандит". Тоа е значајно сфаќање за развојот на човековите политички асоцијации.

Државата, во нејзината основа, е предаторска институција. Додека пак, на некој начин, таа исто така претставува успех, дури и за оние кои биле ограбувани. Кога изборот е помеѓу патувачки бандити (кои ограбуваат, тепаат, палат каде што ќе стигнат, и потоа повторно се враќаат следната година) и стационирани бандити (кои што се населиле таму и крадат малку по малку преку целата година)

изборот е очигледен. Помала е веројатноста дека стационираните бандити ќе го убиваат и уништуваат својот плен туку баш напротив, го заштитуваат од ривалските бандити. Тоа е еден вид на напредок – дури и од перспектива на оние кои се ограбени.

Државата се појавува како организација за собирање на вишокот од оние кои произведуваат богатство. Во неговата книга, *Уметноста за како да не се биде владеен,* антропологот и политичкиот научник Џејмс Ц. Скот од Јеил Универзитетот ги проучува регионите во светот кои што никогаш не биле потчинети од државите. Главниот концепт во неговата книга е „фрикцијата на моќта“: моќта не се зголемува така лесно. Кога брановите од освојувачи поминувале преку одредена област, ги покорувале долините, додека пак оние кои избегале се преселиле во помалку достапните предели. Скот посочува дека оние кои што го заобиколиле развојот на општествените, правните и верските институции потешко можеле да бидат освоени. Тоа особено е точно за планинските луѓе и оние кои живееле покрај барите. (Срамно е тоа што многу лидери ја немаат прочитано книгата на Скот пред да започнат со окупирање на Авганистан и промоција на принципот „градење држава“.)

Какви побуди имаат владетелите? Наједноставно можеме да кажеме дека владетелите гледаат да стекнат што повеќе богатство, или бруто домашен производ. Сепак, Скот, тврди дека владетелските стремежи не се стремат кон максимизирање на БДП туку кон максимизирање на “ДДП” (оригиналот на англиски јазик: SAP, the state-accessible product, заб. на прев.), државно - достапниот производ, сфатен како производство кое е лесно да се идентификува, мониторира, нумерира и конфискува преку оданочување: „Владетелот ... го максимизира државно-достапниот производ, ако е неопходно, и на сметка на севкупното богатство на територијата со која владее и на нејзините поданици“.

Размислете (владетелот би рекол „земете”) на пример, кај земјоделството. Владетелите во Азија го забраниле

одгледувањето на корени и кореноплоди, „кое што беше анатема за сите државни-пазари, традиционални или модерни", во корист на одгледувањето на оризот. Тоа е малку збунувачки. Зошто владетелите би се грижеле толку многу околу тоа какви замјоделски култури ќе се одгледуваат? Причината, објаснува Скот, е тоа дека вие не можете ефективно да оданочите растенија кои што растат под земја. Одгледувачите можат да ги соберат кога сакаат; во спротивно тие си остануваат во земјата. Оризот, од друга страна, мора да биде собран во посебен период од поголема група на луѓе, па така тоа е полесно за владетелите да ја следат и мониторираат работата а со тоа и да ја оданочуваат бербата но исто така и да ги регрутираат работниците во нивните армии. Стремежот на владетелите има систематски ефекти врз многу практики кои се опфатени и денес во нашите општества.

Државниот систем на општествена контрола - од воена регрутација до задолжително образование - ја има целосно окупирано нашата свест. Да го земеме како пример пасошот. Денес не можете да патувате низ светот без документ издаден од државата. Всушност, повеќе не можете да патувате низ САД без документ издаден од државата. Пасошот е прилично нов изум. Пред илјадници години, луѓето шетале секаде каде што сакале без дозвола од државата. На ѕидот во мојата канцеларија стои исечок од еден стар германски весник на кој е прикажан еден пар кој седи во купе а граничниот службеник им вели „Вашите пасоши, ве молам!". Тоа докажува колку се прекрасни пасошите поради тоа што му ја даваат слободата на светот.

Тоа, се разбира, е апсурдно. Пасошите ја ограничуваат вашата слобода. Вам не ви е дозволено да патувате без дозвола, ние се потопивме во идеологијата на државата - и толку длабоко е навлезена во нас - така што на пасошите гледаме дека ни ја даваат слободата, наместо дека ни ја ограничуваат. Еднаш, после едно мое предавање, бев прашан дали го поддржувам изводот од матичната книга за родени. По кратко време, реков дека јас не гледам оправдана

причина за тоа и особено откако и други институции можат да го издаваат тоа, одговорот беше „не“. Човекот што ме праша се намурти. „Тогаш како би знаел кој си?“ Дури и личниот идентитет, ни изгледа, дека ни е даден од државата.

Модерните држави исто така тврдат дека се единствениот извор на правото. Но, историски, државите најчесто го заменуваат обичајното право со закон што наметнува нешто. Правото кое што не е производ на државата, се создава постојано околу нас. Правото е нуспроизвод на доброволната интеракција. Како што големиот правник Бруно Леони вели „Индивидуите го создаваат правото со самото тоа што создаваат успешни тужби“. Правејќи договори, луѓето создаваат закони.

